**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Четвртото продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември 2003 година

Седницата се одржа во сала И на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски,, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со расправа по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон.

Пратениците Исмет Рамадани, Елеонора Петрова-Митевска, Исни Шаќири, Славица Станковска, Иван Анастасовски, Цветле Јаневска, Благоја Гешовски, Кенан Хасипи, Јанаќе Витановски, Абдилаќим Адеми, Талат Џафери, Фазли Велиу, Али Ахмети, Зоран Шапуриќ, Нелко Стојановски, Зоран Крстевски, Ристо Пејовски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски и Трифун Костовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Поминуваме на расправа.

Прв е на листата господинот Кенан Хасипи. Тој не е присутен. Потоа, Фатмир Асани не е присутен.

Првиот што е присутен е Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата,

Денеска имаме Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон. и она што јас би сакал од тој аспект да кажам се следниве работи. На почетокот би кажал дека овој закон во целина има многу порестриктивна правна рамка во однос на досегашниот закон. Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на

Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон и покрај наведените причини за потребите од донесување претставува уште порестриктивна правна рамка. Имено, и покрај тоа што сме ја ратификувале Европската конвенција за државјанство, досегашната примена на важечкиот закон воопшто не соодветствува со меѓународните конвенции, а посебно не со Конвенцијата за човекови права и слободи. Тука посебно се соочуваме со еден рецидив од минатото кое се рефлектира негативно, тоа е дискреционото право кое по мое мислење треба да се сведе на минимум и тоа за таксативно наброени и прецизирани состојби. Додека сега во многу случаи тоа право се генерализира, а често пати и се злоупотребува. Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство има доста голем број на контрадикторности.

Во членот 1 во став 1 на истиот се додава нов став кој гласи: Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата. Оваа работа е сосема на место. Но, мене ми се чини дека со предлог за изменување и дополнување на член 8 од постојниот закон за државјанство предлогот за изменување и дополнување на овој закон го потврдува спротивното. Со предлогот се додава нов став како став 2 на овој член кој ја демистифицира првобитната намера на законодавецот за елиминирање на дел од иселеници од Република Македонија, бидејќи во досегашната рестриктивна примена на овој член, или поточно речено воопшто не применување на истиот кон барањата на иселениците Турци од Република Македонија. Во целост се потврдува оваа констатација. Всушност, и без некои објаснувања до сега често пати иселениците кои сакале да се вратат во Република Македонија често пати беа одбивани поради некои активности кои потекнуваат од божемните права и слободи кои произлегуваат од овој закон. Бидејќи со селективната и рестриктивна примена на овој член од споменатиот закон, а со тоа и ускратено еднаш даденото право на секој иселеник од Република Македонија, тоа е правото на еднострананата и неприфатлива уште помалку по закон заснована за толкување на Турците од Република Македонија се иселиле во Турција како нивна матична земја. Па поради тоа не се сметале за иселеници, или уште погрубо, иселувањето на Турците државјани од Република Македонија се сметале како државјани на Турција. Тоа е несфатливо и грубо кршење на човековите права.

Би кажал неколку работи што овој закон конечно демистифицира една ситуација дека Турците во Република Македонија се гости во Република Македонија и дека дошле и еднаш треба да си одат. Воведувањето на матична држава, а тоа се однесува само на Турците, тоа значи дека Турците се враќаат во Турција како една матична земја. Ако ги имаме во предвид историските околности и движењата на луѓето

низ историјата, јас навистина се прашувам која е таа матична земја на соодветна нација. Бидејќи ниедна земја во однос на историските факти нема буквално како што е сега матична држава. Очигледно со овој закон се елиминираат иселениците од Република Македонија кои со претходниот закон имаа право, ако ништо повеќе барем да аплицираат за повторно враќање во државата Република Македонија, иако можеби се иселиле од Република Македонија, но не се снашле во тој дел. И затоа мислам дека ваквиот рестриктивен пристап особено за оваа категорија на луѓе не држи и е во спротивност со човековите права и слободи, впрочем како што напоменав, ние сме потпишале таква Конвенција во рамките на Европската унија.

Уште нешто што јас би сакал да напоменам е тоа што во моите средби со исселеници во Република Турција, а и во Република Македонија често пати ми поставуваат прашање: Новата Влада ни вети во предизборието дека ќе ни се дадат двојни државјанства. Тоа беше уште еден начин, еден маркетинг, морам да напоменам дека во предизборието заедно со Турската демократска партија се зборуваше на големо, дека кога ќе дојде новата влада после 15 септември на иселениците Турци, или пак тие што се родени во Република Македонија, а се иселиле, или врските не се прекинати со државата Република Македонија ќе се добијат двојни државјанства. Очигледно дека со овој закон не само што нема да се добијат двојни државјанства, туку и тоа минимално право, или слобода да кажам за аплицирање за државјанство на Република Македонија се губи, затоа што двојното државјанство останува мисловна именка, а додека ова што воведува, матична држава, мислам дека се прават груби кршења на човековите права. И еднаш за секогаш таа категорија на луѓе кои се иселиле од Република Македонија при соодветни историски и политички околности им се затвораат вратите. Морам да потенцирам дека во еден период при иселување на турците од Република Македонија кои беа масовно иселувани, а кои сигурно треба и Собранието на Република Македонија во даден момент и контекст да зборува отворено за овие прашања, би требало да имаме предвид дека во 50-тите години тие Турци се иселувале под притисок од Република Македонија со божемните изјави, божемните отпусти. Но, фактичката и вистинската ситуација беше иселување на тие луѓе под притисок поради низа политички игри, или политички ситуации. Имено, ако сега повлечеме паралела со тоа, ќе видиме дека на некој начин ова е продолжение на тој политички притисок. И би рекол дека воведувањето на матичната држава што директно ги тангира турците во Република Македонија, дека ако се иселат, да се иселуваат во матична земја Турција. На некој начин читај меѓу редови дека турците во Република Македонија се сметаат за гости и би требало откако ќе се иселат да

немаат апсолутно никакво право како што имаат право другите припадници кои доаѓаат од бившите ЈУ-простори да аплицираат за државјанство, тоа право го губат. Јас би потенцирал дека турците не се гости во Република Македонија, туку се граѓани на Република Македонија поради некои историски околности и дека би требало да имаат рамноправен, ист третман како и останатите граѓани на Република Македонија. Ако ова важи за турците, би требало да важи за сите не поради божемните права и слободи кои се цитираат во објаснението. На некој начин ова право што беше дадено до сега со член 8 да остане, по мене, да не се воведува матичната држава, со тоа што турците кои се иселиле барем по тој основ би можеле по нивна желба да можат да се вратат во Република Македонија поради неможноста да се снајдат во средината, или не можеле да се снајдат во целина, или пак нивните поколенија, како што стои во претходниот закон да можат да аплицираат за добивање на државјанство.

Токму ваквата примена на ваквата намера и сфаќање на одредена политика, сега настојува да се озакони со додавањето на ставот 2 во членот 8 при што се настојува терминот "иселеници" да се дефинира според веќе насочениот терк, за елиминирање на иселеници етнички турци. При тоа се настојува да се перат мозоци со слоганот: Без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото, верското убедување и имотната и општествена положба и слично. Вклучувајќи го до сега потенцираното, сето друго во овој предлог претставува камуфлажа на рестриктивните политички и други намери ама лажирано во една правна норматива која е доста далеку од потребите и вистинските состојби со кои перманентно се соочуваме во оваа земја. Но, сепак верувам дека овие префинети намери ќе допринесат да имаме заслужено внимание и ќе бидат сведени во разбирливи рамки со тоа што навистина ќе можеме да направиме чекор кон толку очекуваните принципи на права и еднаквост на сите граѓани на оваа земја без разлика дали се иселеници македонци, албанци, турци, или нешто друго. Го заговараме тоа што се нарекува остварување на основните и други права и слободи на човекот и граѓанинот, асоцирајќи кон Европска унија, се со својствени демократски решенија, на нашите исто така својствени недемократски состојби кои кулминираат во последно време.

Уште еднаш би потенцирал дека овој закон во однос на една категорија луѓе, а тоа се иселеници турци од Република Македонија, а и сегашни граѓани на Република Македонија се демистифицира една ситуација дека турците се гости во Република Македонија и откога ќе се иселат во наводна матична земја, дека немаат никакво право да аплицираат на начин како што досега беше. Мислам дека ваков рестриктивен пристап

не доведува до остварување на човековите права и слободи. Мислам дека предлагачот треба длабоко да се замисли, затоа што на овој начин се потврди уште еднаш дека во Република Македонија разните групи и заедници на различен начин се третираат и се даваат права и обврски. Мислам дека сите заедници во Република Македонија треба да бидат граѓани на Република Македонија, да ги уживаат правата и обврските кои произлегуваат од граѓанинот, а не да се даваат различни категоризации на различни заедници, се со цел да има некоја задна намера во оваа ситуација. Јас за овој закон нема да гласам, бидејќи на овој начин, уште еднаш ќе потенцирам дека има многу порестриктивна правна рамка во однос на претходниот закон, иако очекував дека овој закон ќе биде компактибилен со Европската унија, ќе доведе до тоа сите граѓани да имаат еднаков третман пред правните субјекти во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниве пратеници иако се пријавени од минатиот пат, по ова што е овде покажано не се присутни. Јас ќе ги прочитам и да се симнат од листата. Тоа се: Невзат Бејта, Теута Арифи, Сашко Кедев, Аднан Јашари, Спиро Мавровски, Ејуп Рустеми и Блаже Стојановски. Значи, тие пратеници нека се симнат, бидејќи не се пријавени, иако се од минатиот пат овде пријавени.

Има збор господинот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата,

Денес пред нас се наоѓа еден многу важен предлог закон, законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство. Со овој закон се регулираат условите за добивање и одземање на македонско државјанство. Државјанството е света работа за граѓаните што живеат во одредена земја, тоа е чест и привилегија на секој граѓанин носител на дотично државјанство, но и негова обврска кон државата чие државјанство носи. Државата е должна да се грижи за своите државјани во поглед на нивното материјално, безбедно и духовно живеење. Секој граѓанин носител на државјанството на одредена земја покрај своите права има и свои должности. Тој е должен да ја брани честа, угледот, достоинството и безбедноста на својата држава. Затоа, државјаните во својата држава должни се да служат воен рок и задолжително да ја бранат својата држава од евентуални домашни и надворешни непријатели. И што е

најважно, државјаните на дотичната земја да се лојални граѓани на својата држава. Така е во целиот свет, така треба да биде и кај нас.

Почитувани дами и господа пратеници,

Да се вратиме ние на предлог законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, што треба денес да го усвоиме, отфрлиме, или корегираме. Во овој предлог закон стекнувањето на македонско државјанство се кажува дека тоа се прави поради усогласување со европското законодавство. Па така, еден од условите за стекнување на македонско државјанство 15 години поминати во Република Македонија се намалува на 8 години. А кај европските земји овој услов се движи од пет до 10 години поминати во одредена земја. Веднаш да кажам дека со овој предлог не се согласувам и тоа од следните причини.

Прво, поради економски причини. Сите знаеме дека државата ни се наоѓа во длабока економска и социјална сиромаштија со најголема стапка на невработеност во Европа, после Албанија и Косово, најголем број на луѓе што користат социјална помош т.е. социјални случаи. Со намалувањето на годините за стекнување на македонско државјанство, тој број ќе се зголеми, затоа што претендентите за македонско државјанство претежно се луѓе дојдени од Косово, Јужна Србија и Албанија т.е. од посиромашните од нас. И тие бараат македонскко државјанство, претежно да ги користат бенифициите што ги дава Република Македонија на своите државјани, а тоа е социјалната грижа и помош како и пријавувањето во Заводот за вработување и понатамошна грижа на државата за нивно вработување и згрижување. Тука морам да кажам дека сите што бараат македонско државјанство се потенцијални, или се социјални случаи и невработени. Секако дека има и многу други случаи. Но, мислам дека во поголемиот број главен мотив за стекнување со македонско државјанство е економскиот мотив. Мислам дека со намалувањето на годините како услов за добивање на македонско државјанство, ќе се зголеми бројот на пријавени лица на невработени во Заводот за вработување, а со тоа ќе се зголемат и давачките за социјална помош. Значи, поголема беда и сиромаштија и оддалечување од условот за прием на Република Македонија во Европската унија. Овде ќе се јави незадоволство не само кај македонското население, туку можеби ќе се јави поголемо незадоволство кај албанското население. Затоа што со стекнување на македонско државјанство претежно на млади луѓе од Косово ќе се врши нивно вработување во општествениот сектор што е услов со Рамковниот договор. Така што, многу македонски албанци староседелци ќе извисат во тој поглед. Затоа, ве

повикувам почитувани пратеници, особено од албанската националност, да се воздржите во гласањето на овој дел од предлог законот.

Втора причина поради која не се согласувам да се намали бројот на годините од 15 на 8 е нарушувањето на демографската рамнотежа. Со давањето на околу 80.000 до 100.000 државјанства како што се кажа во медиумите на албанци претежно дојдени од Косово, Јужна Србија и Албанија, нема човек што ќе ме убеди дека нема да се промени демографската рамнотежа во Република Македонија. Тоа ќе доведе до нагло и неприродно зголемување на албанското население во однос на македонското, влашкото, турското и слично и веројатноста е голема да дојде до несакани политички и економски конфликти што не е во корист на безбедноста на Република Македонија како втор главен услов за прием на Република Македонија во Европската унија.

Поради овие битни причини почитувани пратеници, предлагам годините на престој во Македонија, како услов за стекнување на државјанство, даси остане по старо т.е. 15 години. Но ако дојде момент од тоа да ни зависи приемот на ЕУ, веднаш се согласувам да биде 10 години, но никако 8, како што стои во Предлогот на Владата и само тогаш кога ќе бидеме пред самиот влез во ЕУ.

Почитувани дами и господа, условот со намалувањето на годините за стекнување на македонско државјанство од 15 на 8 години, Владата го оправдува со европското законодавство, со што ќе го оправда лишењето на македонците по род и потекло, родени во Егејска и Пиринска Македонија и во македонскиот дел на Албанците, како и во други земји надвор од границите на Република Македонија, да добиваат македонско државјанство по автоматизам, ако тоа претставува посебен државен интерес. Со тоа се раскинуваат врските на македонците со соседните  земји и светот, со својата матична држава, што не е случај со законите во земјите како  што се Албанија, Грција, Бугарија, Србија, како во многу други земји во светот. Со тоа Владата прави по огромна штета со несогледани последици за македонскиот народ. Затоа почитувани пратеници кој има македонско чувство за род, често и достоинствено, да го отфрли овој дел од Предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство.

На крајот, почитувани дами и господа пратеници, со длабоко чувство на одговорност, го предлагам следното:

1. Да се отфрли овој Предлог-закон за измени и дополнувања на Законот за државјанство, како непотребен и штетен во овој момент, поради економски, политиЃ
чки и културни прилики во Македонија.

2. Експертски тим при МВР да продолжи со работа на овој проект, согледувајќи ги и добрите и лошите страни на овој закон.

3. Министерството за внатрешни работи да се концентрира повеќе на законите со кои се регулира безбедноста, сигурноста на граѓаните како и преземање на акции, со што ќе се спречи зголемениот тероризам, криминал  и безбедност, со што ќе се обезбеди сигурноста и безбедноста на граѓаните на Република Македонија

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за внатрешни работи Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас и во воведното излагање се обидов да објаснам  некои од овие тези што пратеникот ги покрена. Меѓутоа, незнам, можеби не бил овде, затоа уште еднаш ќе ги повторам трите работи што пратеникот ги спомна, а кои повторно, мислам се резултат на недоволно чистење на законот.

Првата теза дека нема да гласа за законот заради смалување на рокот од 15 на 8 години,  заради економската и социјалната  состојба во Република Македонија и дека по тој основ ќе ни се пријавувале, ќе добивале државјанство голем број на странци чија единствена цел би била да се обезбеди социјална помош, да се пријават за социјална помош, како невработени итн.

Уште еднаш укажувам, во членот 7, условите кои треба да се исполнат, кумулативно, во точката 3 стои дека странец може да се стекне со македонско државјанство, покрај другите услови, оној кој има обезбедено стан и постојан извор на средства за егзистенција, во висина која овозможува материјална и социјална сигурност, под услови утврдени со закон. Според тоа мора да го исполниме тој услов, во постапката да добие македонско државјанство.

Второ, повторно тезата, околу 80 до 100 илјади, како што ги нарекуваат диво престојувале во Република Македонија. Да кажам уште еднаш дека неможе да стане збор за таков збор. Ако постоеше, сигурно ќе ги забележиме во Република Македонија, каде сите се знаеме. Второ, мора да се исполни законски услов за 8 години законски престој во Република Македонија. Според тоа неможе тој што диво престојува, воопшто не исполнува услови и тие се предмет на протерување од Република Македонија, а не предмет на поставка за стекнување на државјанство.

Трето, уште една манипулација повторно со македонците по потекло. Мислам дека доволно објаснив, во членот 8, сега предложениот, со кој се менува постојниот член 11, јасно уште еднашповторува, за секој странец кој е национален интерес за Република

Македонија, мое да добие доржавјанство, исполнувајќи само два услови, а тоа е да наполнил 18 години и да не ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија. Македонците по потекло кои живеат во Република Македонија , во Република Бугарија, во Република Албанија, се државјани на тие држави и тие од наш аспект се странци. Меѓутоа, е национален интерес тие да имаат и македонско државјанство. Според тоа, со ништо не се врши никаква рестрикција, дека одеднаш македонците по потекло кои живеат во другите држави, сега немале право. Значи уште еднаш ја демантираме таа неточна теза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господинот министер кажа дека не се согласува со првата точка дека било услов да има стан и работа и тогаш да добие државјанство.

Јас овде изразувам резерва, околу тоа прашање, да има стан и работа. Луѓето кои се пријавуваат за добивање на државјанство, се пријавуваат точно за да добијат работа и други бенифиции. Ако некој пријави дека има станили куќа, со исклучоци се разбира, тоа се фиктивни добиени куќа и станови. Инаку во поглемиот дел 95% се луѓе од социјални причини се пријавуваат да добијат државјанство заради вработување. Во тоа неможе никој да не разубеди. Може да се направи анкета и ќе се види зошто го бараат тоа државјанство.

Инаку, точно е и тоа дека македонците по род со овој закон се лимитираат т.е. тоа право им се намалува, за разлика од досегашното. Тогаш зошто имаше потреба да се менува постојниот закон во тој однос. Мислам дека треба да се остане по старо, и во однос на годините и во однос по род македонци.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас образложив тоа што е законско решение по однос на изворот на средства, во однос на поседување на стан. Не ми е јасно како и пратеникот Георгиевски нема некој фиктивен стан. Зборуваме за законот. Не зборуваме за фиктивноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Породолжуваме со расправа.

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

По однос на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, би сакал да го кажам следното:

Имајќи ја предвид Европската конвенција за државјанством сметам дека постојат услови за предложениот закон, истиот да биде изменет во делот каде нашиот постоечки закон треба да се усогласи со Европската конвенција за државјанствата , а тоа едино по однос на рокот поминат со законски престој во Република Македонија, што порано беше предвидено дека е потребно 15 години, со Конвенцијата се предвидува од 5 до 10 години.

Нашата работа е Парламентот и Владата да најдат најсоодветен термин по отој однос.

Сметам дека во Република Македонија прилично се зборуваше за овој закон, преку електронските медиуми и токму по таа одредба имаше најмногу дискусија, дали рокот за престој во Република Македонија треба да се намали од 15 на 8 години или дда се покачи од 8 на 10 години, што е работа на Парламентот во тој дел да се изјасни која одредба е најпригодна.

Инаку по однос на предложениот закон би имал забелешки во членот 3 од предложениот закон и измените на член 7, каде се предвидуваат одредени критериуми за стекнување на право на државјанство на Република Македонија.

Има одредени критериуми што сметам дека не се најсоодветни и би требало истите да претрпат измени.

Еден од таквите критериуми каде е предвидено, граѓанин кој ги исполнил условите за да побара државјанство во Република Македонија зборува, ако таквиот граѓанин не бил осуден на казна затвор над една година во странска држава или во Република Македонија. Сметам дека таквиот критериум не е најсоодветен. Тој критериум треба да биде поинаков, бидејќи има кривични дела кои се сторени од небрежност, така како што ги кажуваме ние во кривичното законодавство и во тој дел сметам дека неможе тој критериум да издржи како што на пример би спомнал, секој од нас е потенцијален извршител на такво кривично дело кој управува со патничко возило. Не дај боже да му се случи на некој од нас или било на некој друг граѓанин, бидејќи тоа е несакано дело. Ако прегази човек од невнимание му се изречува казна затвор од една до еднаипол година. Во таквиот случај не би можело еден граѓанин кој престојувал во Република Македонија законски и ги исполнил условите да поднесе барање за добивање државјанство, поради тој критериум да биде одбиен. Затоа во тој дел би требало да се дефинира, веројатно за кривични дела сторени со умисла, сакани кривични дела. Инаку нехатните кривични дела треба да бидат исфрлени. Тоа е еден од критериумите што е неподобен во нашиот закон да стои. Веројатно ќе ни укажат и од надвор дека таквиот критериум е непотребен.

Исто така, критериумот каде што е ставено, вели граѓанинот треба да даде изјава, тоа во кривичното законодавство е заклетва, дека со тоа се колне да се придржува на законите во Република Македонија и нема да ги повредува како што е наведено, таа изјава од членот 7-б “се колнам дека ќе бидам лојален на државата Република Македонија и ќе ги почитувам Уставот и законите и ќе ги исполнувам должностите на државата Република Македонија”. Сето тоа, тој критериум важи, барем за мене до стекнувањето на тоа право. Тоа е, да ги исполниш условите, треба во тој рок каде престојувал законски во државата, тој треба да ја покаже лојалноста и тогаш може да добие. Инаку не е тоа некоја строга облигација, доколку има престој 8 или 10 години или до денес 15 години, дека тоа е облигаторно и ќе му биде дадено државјанство. Ако ние ги погледнеме нашите државјани од Македонија во запасноевропските земји или Америка, и по 20 години се таму и не стекнале услови односно не добиле државјанство, бидејќи некои од условите на тие држави не ги исполнуваат. Не треба ние да сваќаме дека тој критериуми од л8 години како што е предложен или 15 години до денес, или 10 ќе биде со овој закон, ако има тасквиамандмани, кога ќе ги наполниш тие години дека обавезно го добиваш државјанството, или постојат други критериуми. Во Америка испитуваат каде живеел во кои кантони, во кои градови, како се изјасниле граѓаните за него во таа околина каде што живеел. Веројатно и кај нас треба тоа да постои со одредени подзаконски акти каде ќе се испитува неговата лојалност. Инаку откако ќе добие државјанство мислам дека е малку смешно да бараш лојалност од некој граѓанин кој е изедначен со нас, со тие што имаме по род државјанство. Тој е ист граѓанин веќе. Неможе да биде во друг критериум, бидејќи не е во нашиот устав, а исто така и во законот не стојат одредби со кои може да се одземе државјанство. Тоа се стекнува еднаш и само по негова волја, тоа ако побара да се откаже од него. Немаме ние такви услови, да го одземеш државјанството, па да постојат тие критериуми. Затоа сметам дека таквиот критериум е непотребен. Треба да стои малку поинаков, за да ги исполни условите, во што е неговата лојалност дали плаќал давачки спрема државата. Не е доволно дека имал обезбедено куќа или стан како што зборуваше господинот Михајловски. Потребни се услови претходно, претходно дали бил лојален граѓанин, далиа ги плаќал даноците, дали ги плаќал јавните давачки, дали се вклопува во се, во системот на државата, да не биде да го добие државјанството само за одредени бенифиции. Од тие причини сметам дека и членот 7-б, како што кажав и понапред сега е непотребен. Зошто е таа изјава во вид на заклетва, што ќе се постигне со неа. Дали со таквата заклетва има некои последици за него? Нема никакви последици. Нема казна или немаш услови да му го одземеш државјанството. Тоа е ч!исто само додадена формалност што, веројатно ќе

прават некоја комисија, институција во органите за внатрешни работи која баш ништо не значи за мене а мислам и за тој што ќе ја даде таа заклетва нема баш никакво значење. Заклетвите во кривичното законодавство имаат тежина, бидејќи , доколку сведок, вештак или било кој дава неточни податоци, а го дал тоа под заклетва, за него има потешка казна. Овде што ќе уследи за тој граѓанин што ќе добие државјанство, а потоа да даде заклетва. Мислам дека е непотребна таквата работа.

Исто така, сметам дека во членот 8 од предложениот закон или во членот 11, сепак треба малку поинаква модификација, или да остане старата, по однос на македонци по род, било кој каде да живеел и да не живеел во Република Македонија, тоа што го зборуваше и министерот, дали живеел во Грција, дали во Албанија, Бугарија или во било кој дел на земјината топка, сепак како македонец во матичната држава треба да има некои поблаги критериуми по однос на стекнувањето на државјанството отколку некои други граѓани.

Од тие причини сметам дека законот е исфорсиран, што оди во една постапка. Нема никакви потреби од брзање. Дали требало да се донесе до 1 октомври или до 30 октомври, имало време да се предложи и порано, никој нас не не сопирал од потпишувањето на конвенцијата до сега да влезлеме во парламентарна процедура и законот да се донесе во една постапка каде што пратениците ќе можат да си ги кажат своите забелешки, во една помирна состојба. Министерството по такви кажувања на пратениците, а исто така и по кажувањето на граѓаните, бидејќи овој закон ја подигна дури и Македонија на една тревога дека во Македонија ќе се дозволи влегување на било кој, што јас лично сметам дека не е така.

Да се симнат сите тие возбудувања кај граѓаните, имаше доволно расправање и на електронските медиуми во тој дел, сето тоа Министерството би го средило во тој закон и таму каде што има потреба да ги стават таквите измени.

Исто така гледам има доста амандмани скоро на исти членови од повеќе пратеници и кога би прифатиле било кој од тие амандмани, сепак амандманите се како крпа на законот отколку Министерството тоа да го среди и пушти во една состојба која ќе биде прифатлива за сите пратеници од сите политички партии.

Сметам барем на овој закон не треба ни една политичка партија да има различно мислење. Сите ние што сме овде сме државјани на оваа држава и сите имаме еднаков интерес спрема граѓани кои сакаат како граѓани од други држави да станат граѓани на Република Македонија и да го стекнат тоа државјанство.

Затоа би упатил една молба, апел до колегите пратеници од позицијата, кое може да го стори ресорниот министер, денеска по овој закон само да расправаме за Предлогот за донесување, сите укажувања да дојдат на една наредна седница најмногу по месец дена колку му треба на министерот, а може и помалку каде овој закон ќе биде усвоен со консензус од сите пратеници, а не да има  некој што ќе биде против или не.

Не може ниту еден од нас да ја сака поинаку Македонија или да гледа, бидејќи со ова не решаваме прашања на граѓани во  Република Македонија , туку решаваме прашања кои сакаат да станат граѓани на  Република Македонија . Странските државјани кои сакаат да го откажат нивното државјанство и да стекнат државјанство во  Република Македонија , сметам дека тука не можеме да имаме по различно мислење ниту еден.

Благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г-динот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе, г-динот Ефтим Манев се задржа на овој закон повеќе од правен аспект и мојата реплика ќе ја насочам на тоа, на правниот аспект.

Имено, доста време потроши околу критика на одредбите на член 7 каде се определени условите за стекнување на државјанство, точка 4, каде што како критериум и услов е пропишано од страна на законодавецот и предложено претендентот за стекнување на државјанство бил казнуван со казна затвор, значи кривично осудуван во траење од најмалку една година.

Г-динот Манев се заложи од ова да бидат изземени сите оние кривични дела кои не се сторени со умисла, меѓутоа, мислам дека тоа е погрешен пристап, бидејќи, прво, ние не сме тие што определуваме кои дела се сторени со умисла а кои не, туку тоа е судот. Мислам дека со таков пристап би значело мешање во работата на судот. Имено, покрај со умисла, кривичните дела можат  да се сторат со заблуда и со небрежност. Меѓутоа, факт е дека и вака сторени кривични дела со заблуда и небрежност тоа го цени судот и факт е исто така дека има олеснителни околности за овие кривични дела, меѓутоа, повторно и за тие околности кои се олеснителни одлучува судот, а исто така најголем факт е дека и за овие кривични дела сторени од заблуда и небрежност, доколку судот одлучи дека сторителот треба да биде осуден, значи судот ја констатирал вината и за секое кривично дело, без разлика како е сторено, доколку сторителот е осуден, тоа значи

дека постои вина и затоа сите кривични дела имаат подеднаков третман и се опишани во законот како кривични дела. Друго е дискреционото право на органот за внатрешни работи кој, меѓу другото, проценува за условите дали одреден апликант ги исполнува или не за стекнување на државјанство. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Манев имате контра реплика?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Мислам дека погрешно сме се разбрале со колегата Кондарко. Јас зборував за нешто друго.

Неспорен факт е дека во Кривичниот законик се утврдени кривични дела кои се кривични дела сторени со умисла, а кои од невнимание односно небрежност. Тикму во тој дел судот не ги утврдува, туку ги утврдува подносителот на обвинението, а судот ги огласува таквите дела за виновни или не виновни.

Кај мене беше дали граѓанин кој сторил кривично дело од невнимание, а кривични дела сторени од невнимание има високи казни, јас спомнав во сообраќајот, дали некој граѓанин кој сторил кривично дело , тешко дело против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот во кое загинало едно или две лица и тој неминовно ќе биде казнет (претседателто го опоменува дека е помината една минута) за една ипол година затвор. Кои се причините да не биде за тоа дело, дали тоа го прави неподобен во државата. Тоа е несакано дело, јас во тој дел интервенирав оти има место поинаку да се регулира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Џевдет Насуфи, но не го гледам во салата, по него е г-динот Зуди Џелили, а нека се подготви г-динот Андреј Жерновски.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани дами и господа,

По два месеци парламентарна процедура дојде на ред Предлогот за измена на законот за државјанство. Овој закон беше многу потребен за да има измени затоа што голем број на граѓани имаат големи проблеми како резултат на неисполнувањето на “критериумите” за добивање државјанство.

Во текот на својот говор министерот за внатрешни работи г-динот Хари Костов ја објасни потребата од донесување на законот по ургентна процедура тргнувајќи од Европската конвенција за државјанство која е ратификувана и од Парламентот на Република Македонија.

Исто така измените и дополнувањата на овој закон се забрзуваат поради одредени проблеми и затоа ова е целта законот да дојде со забрзана процедура во Парламентот. Значи, од проблемит еи пречките кои произлегуваат од практичната реализација на досегашниот закон и со овие видови на проблеми најмногу се соочуваат лица кои не го решиле прашањето на државјанството по распадот на Југославија. Но, за жал, како и секогаш граѓаните на  Република Македонија, а особено албанците остануваат разочарани затоа што и со овие измени нивните проблеми остануваат не решени.

Напротив, и натаму останува простор да бидат тема на разни манипулации затоа што нивниот проблем требаше да се реши со член 14, а членот 14 бара да се исполнат уште услови за да граѓаните добијат државјанство и затоа освен што со сегашниот Закон се бараше да се даде изјава за местото на живеалиште се бараат и ефикасни врски со Република Македонија  и секогаш ќе се најде некоја причина кои се тие врски, колку се правични, колку ќе бидат ефикасни и незнам што уште друго.

Како што гледате наместо да се упрости процедурата, тие уште повеќе се влошуваат. Исто така од страна на минситерот беа дадени голем број на бројки колкав број  граѓани добиле државјанство и мислам дека ми се дава право дека дефектите во овој закон се прават намерно. Тоа го аргументира начинот како се префрлува вината од еден на друг субјект. Значи, се заштитуваат, се бранат кој помалку брзина дал и кој повеќе ги манипулирал албанските  граѓани.

Друг аргумент е и средбата на претставниците на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, средба на која дошле да се договорат за бројот на албанците на колкав број да им се даде државјанство, а на колку да не им се даде  и да се одредат дозите.

Почитувани дами и господа, овие средби се многу опасни за иднината на државата. Со ова се посакува да се одреди каков да биде националниот состав на  Република Македонија  и она што се случи деновиве со резултатите од пописот, јас незнам кој е бројот на албанците во Македонија, но знам дека бројот на албанците на Балканот е  8 милиони. Значи, од овие причини нема да гласам за овој закон. Ви благодарам.

ХАРИ КОСТОВ:

Само накратко затоа што осетот околу тоа дека носењето на овој закон ќе служи за маркетинг во дискусиите се покажува.

Прво, со поранешниот односно со досегашниот Закон сите овие одредби за сукцесијата на поранешна СФРЈ со досегашниот член 26 ако го земеме во предвид законското решение, тој рок беше истечен. Значи, со сегашниот член 17 фактички се дава дополнителен рок од две години за да се регулираат тие прашања за жителите кои ги исполнуваат условите по член 14.

Второ, кога зборуваме за усогласување со Европската конвенција, тогаш мора да прифатиме и оние одредби кои стојат во Европската конвенција, а таа е токму вистинската и ефикасна поврзаност.

Според тоа, ние ништо не сме измислиле ново освен  она што е содржано во Конвенцијата кој асме ја ратификувале. Нема никакво ново дополнително заострување на условите.

Еве, не одиме од името на ВМРО, туку сакам од името на Министерството за внатрешни работи да ја демантирам тезата дека на состанокот меѓу претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ на кој присуствуваа и претставниците на МВР дека воопшто дека некој договарал колкав процент, колкав број албанци во  Република Македонија  ќе има. Доказ за тоа е токму тоа што по тој состанок двете партии имаа посебно соопштение во кое кажаа односно си ги задржаа ставовите кои до тогаш ги имаа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот дискутант е г-динот Андреј Жерновски, но не гледам дека е присутен тука, по него е пратеникот Нeџдет Мустафа, но ни тој не е тука, следниот за збор се јави г-динот Замир Дика, а нека се подготви г-динот Фатмир Асани, тој не е тука, но му праќаме порака да дојде.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам г-дине претседател, г-дине министер, почитувани колеги,

Јас не ги подржувам  оние дискусии кои денеска почнуваат, денес имаме еден многу значаен закон, меѓутоа, навистина, значајноста на денешната седница е многу голема од повеќе димензии, па ќе се обидам да ги елаборирам за тоа колку овој закон ги решава овие прашања.

Г-динот министер, но и во самите предлог измени кои ни се дадени се дава образложение зошто овој закон треба да се усвои во Парламентот со забрзана

процедура. Се даваат две причини во образложението, тоа е усогласвуањето со Европската конвенција за државјанство и решавањето на некои технички аспекти и практични аспекти.

Што се однесвуа до првата причина, првата причина ја подржувам и добро е што поскоро и на по квалитетен начин сите закони кои ги усвојуваме да ги усогласиме со конвенциите кои сме ги ратификувале заедно со нашите европски партнери. И во однос на ова се согласувам.

Втората причина е, како што реков, решавање на некои технички односно практични аспекти. Тука предлагачот на законот требаше да биде малку по конкретен што се подразбира со решавање на некои технички прашања или  решавање на некои практични прашања. Дали тоа се однесува на аспекти кои ја попречувале процедурата во текот на десет годишната имплементација на претходниот Закон или можеби се работи за една категорија на граѓани кои државата со стариот Закон за државјанство по сукцесијата и по распадот им нема дадено државјанство од технички и практични причини. По наша проценка повеќе се работи , ова отворено го кажувам, пред се за албански граѓани. Најголемиот дел од нив потекнуваат од поранешните кризни региони кои по сукцесијата државата требаше да им даде да им обезбеди државјанство затоа што знаеме стотици случаи на луѓе кои биле родени во Македонија или сите членови од семејството имаат државјанство само два , тројца од истото семејство немаат државјанство, има стари луѓе од 81 година кои биле претставени како непријатели на државата според дискреционото право на министерот.

Значи, треба да се потенцира дали овој закон се носи за решавање на технички и практични прашања каде ќе влезе и оваа категорија на реални проблеми. Доколку предлагачот го смета за техничко и практично прашање оваа категорија на граѓани што ги има дискриминирано до сега преку разни процедури држејќи ги во фијоките  на ДБК нивните документи и преку прогласвуање на жени старици за непријатели на државата, тогаш жалам да констатирам доколку е ова намерата не сте ја постигнале целта.

Мислам дека доколку предлагачот на законот остане на овие решенија кои ги има издадено во Предлог законот и не подржи ни еден амандман кој е предложен, повторно оваа категорија на граѓани на кои не им е дадено државјанство најголем дел од нив се албанци, од различни причини како безбедносни и други повторно ќе останат без државјанство.

Затоа јас се соочувам со дилемата дали вреди само поради хармонизацијата со Европската конвенција да го усвоиме законот додека таа категорија на луѓе повторно ќе остане без државјанство.

Господине министер не се согласувам со Вашиот вокабулар кога неколку пати рековте дека пратениците лажат, манипулираат со бројки, мислам дек аи претседателот на Собранието треба да им го обрне вниманието да им укаже посебно на министрите кога велат дека пратениците лажат и манипулираат. Да се изрази поинакво мислење од она на институцијата, мислам дека е дозволиво и затоа треба да изнајдете други зборови за да го изразите вашето несогласување со нашите аргументи.

Јас неверувам г-дине министер, нема да кажам дека лажете и манипулирате, но ќе кажам дека и јас не верувам во бројките кои ни ги дадовте вие. Не дека јас сум во вашата институција и ги имам бројките, туку за среќа вие ги знаете бројките, јас ги знам Агим, Меритас, Селмани, мака Кадрие и стотици други кои веќе десет години шетаат со едни зелени картони, а тие живееле во Македонија, можеби се оддалечиле краток период и десет години се малтретираат и одат од шалтер на шалтер во МВР. Вие г-дине минситер бројките кои ни ги кажавте со бројките го релативизиравте ова прашање и рековте дека не е вистина дека само албанците немаат државјанство, мислам дека рековте повеќе се срби и турци кои немаат државјанство додека албанците се во многу мал број.

Верувам дека е така. Јас не знам зошто се обидувате да кажете дека не ние со овој закон се обидуваме да им дадеме на албанците, што немале државјанство, туку тука се и Турците и Србите итн. Можеби ова го правите поради политички маркетинг. Мислам дека бегањето од реалноста е токму тоа што може да ја врши ситуацијата. Треба да признаете и да кажете дека на оваа категорија луѓе кои имале право на државјанство, дека оваа коалиција после Рамковниот договор, после уставните измени и после само освестување и обид на интеграција и разбирање требаше да излезете јавно од владината коалиција да кажете дека оваа коалиција на граѓани неправедно нивните досиеја биле држани од ДБК 10 години и ние сме решиле во име на имплементацијата, на разбирањето, ние решивме оваа неправда да ја изправиме. Верувајте дека многу подобро ќе ве разбереше и албанската и македонската страна и вие ќе излезевте потранспарентни, поконкретни и ќе знаевте како да ја решите судбината на овие луѓе.

Вие го избравте другиот пат за да го сочувате мирот, да не го разгорите македонскиот национализам, албанскиот национализам и дека некако ќе поминеме низ ова. Ова е еден пристап кој на сите ни штети и јас мислам дека максималната транспарентност, дури и за овие фундаментални проблеми ќе ни помогнеше на сите да

бидеме многу појасни при изгласувањето на овој закон. Тогаш дури граѓаните ќе разбереа многу подобро, да се подобри една ситуација, да се надмине една ситуација која би била дискриминирачка за нив. Во текот на нашиот мандат додека бевме на власт еден ваков сличен предлог измените вртеа низ министерството едни, а во тоа време не прифативме едно вакво решение да дојде пред Парламентот, затоа што ценевме дека и после овој закон, повторно таа категорија луѓе кои што шетаа со нивните зелени картони во нивните џебови, со месеци одат во министерството, а тука тие дури служеле и војска, живееле, работеле а сепак немаат право на државјанство. Сега се чини со оваа коалиција владина сите оние закони кои не поминуваа тогаш заради доброто на заедниците и граѓаните, изгледа дека со оваа владина коалиција се може да помине во име на интеграцијата, на добрата волја. За мене би било во спротивно, токму сега треба да има транспарентност, добра волја и треба на тој начин да се врати довербата дека не правиме ништо што ќе ја загрози државата со што се поправаат некои неправди, да и се даде на една старица од 80 години државјанство, затоа што тогаш ДБК не и давало и била прогласена за државен непријател и сега да се поправи таа неправда да и се даде нејзе државјанство.

Меѓутоа, со вакви пристапи, со вакви решенија и решенијата во законот не се јасни, само се прави баланс со нив. Жалам дека и после Рамковниот договор и после уставните измени и после пројавената желба дека сега ќе изградиме заедничка држава и заедно ќе управуваме со таа држава, јас повторно во законските решенија го гледам истиот пристап, истиот менталитет, само една измена од  минатото дека сега сите овие се прават со една насмевка и се вели ние богами ве разбираме, а измените во законите се исти. Ние во врска со овој закон, со оглед на фактот дека се работи за одредена категорија на албанци на кои не им е дадено државјанство поради овие банални причини, како на пример осумдесет и едно годишната старица, или на Мерита која што ја знам јас веќе 4-5 години ДБК и вели дека ти се опасна за државата. Таа веќе 5 години е мажена во Македонија има две деца и секоја година оди и го зема тој зелен картон. Ние за ова значајно прашање значење кое што има човечки судбини кои што можат многу да ја искомплицираат ситуацијата, ние сме имале средби со пратениците од ДУИ заедно сме седнале, за да изнајдеме некое решение кое ќе биде прифатливо за сите. Јас не би сакал да навлегувам во деталите на овие разговори кои беа многу отворени, ние правевме еден обид на овие паталници да им ги реши нивните судбини, посебно од кризните региони да го подобриме имиџот на државата и да најдеме заедничко решение. Нашата констатација и констатацијата на пратениците на ДУИ беше дека овој закон каков што е сега, може да ме корегирате, овој закон како што е сега предложен не ги решава прашањата на овие

луѓе, на кои што државата по сукцесија требала да им даде државјанство. Ова беше првата констатација. Втората беше да најдеме некоја форма што ќе направиме таква измена транспарентна со цел на оние луѓе што им припаѓало државјанство, меѓутоа, поради разни причини, поради тоа што имало војна во Југославија и дека национализмот бил издигнат кај сите и се правени разни дискриминации и реков дека можеби, овој пат ќе најдеме некое решение, дека веќе нема измени на закон за државјанство, дека ќе внесе правото на сукцесијата. Секоја друга измена на законот за државјанство овој член 14 нема да се користи. На сите да им биде ова јасно. Ова е последен пат кога ние имаме право да бараме државјанство за граѓаните кој им припаѓа со сукцесија. Идниот пат нема да има ваков закон, само ќе се прават технички измени, разни усогласувања итн. Да биде јасно дека прашањето е многу значајно за овие луѓе кои што немаат државјансnтво, а кои што имале право на државјанство врз основа на многу аргументи.

Сега повторно гледам и еден сличен пристап, како што беше случајот пред конфликтот и пред Рамковниот договор. Секогаш кога се работи за една категорија на луѓе чија ситуација треба да се подобри ќе се покрене едно прашање кое што нема врска со суштината на овој закон. Се покрена прашањето на членот 11. Една пратеничка од владината коалиција го покрена прашањето на членот 13. Значи тие граѓани кои што не живеат тука Македонци да добијат државјанство. Целата дебата сега се концентрира на тоа. Јас имам право да се сомневам дека не е така. Меѓутоа имам право целото фокусирање на дебатата во оваа насока се прави токму со цел да помине овој предлог и повторно тие луѓе кои што имаат тешкотии, ќе останат со истите тешкотии после овој закон што ќе ја комплицира неизмерно ситуацијата на теренот независно дали е тоа дали доаѓа од позицијата или од опозицијата.

Сега конкретно за нашите забелешки. Правото за сукцесија е предвидено со Европската Конвенција за државјанство. Значи кога еден државјанин, или граѓанин на една држава живеат во една држава, како што беше поранешната југословенска федерација во моментот на сукцесијата, тоа се случи со Чекословачка со Словенија, со други држави тогаш секоја држава која излегува од таа федерација како независна држава им нуди на граѓаните можност да добијат државјанство оние граѓани кои што живееле или кои имале ефективни врски со таа држава, односно живееле таму. Чекословачка го реши тоа на фантастичен начин со голема толеранција и им дозволи на граѓаните да се декларираат, да се изјаснат на еден транспарентен начин и нема никаков проблем. Словенија исто така го реши прашањето на многу транспарентен начин и немаше некои поголеми немири во таа смисла. Зошто тука овој проблем толку отежна.

Членот 14 е член кој се однесува на категоријата од поранешната Федерација на Југославија на кој по распадот им припаѓаше државјанството. Тоа е едно право кое се дава без менување на разни процедури  кои се пријавуваат за странски државјани. Тие имаат право на државјанство, меѓутоа, тука пристапот на МВР досега беше да видиме дали да им дадеме или да не им дадеме државјанство. Се заборава дека по распадот дека тој поранешен министер за МВР го добил тоа државјанство исто како некој Албанец од Црна Гора каде што учел, или работел на Косово, така и тој Албанец од таму правото за државјанство на ист начин им припаѓа и на двајцата. Тука пристапот беше како сега ние да му дадеме на овој или да не му дадеме на овој. Тој таков пристап доведе до една проблематика која ескалираше со конфликт меѓу двата народа и една од причините беше и оваа дискриминација. Јас не разбирам и вие не можете да разберете како може некој човек роден тука, учел тука, живеел тука и само едно мало оддалечување од државата, само поради тоа 10 години оди низ министерството зема зелени картони и не е еднаков во оваа држава која што е твоја држава.

Што се случува сега со членот 14. Во оригиналниот текст пред амандманите во државата се велеше дека на државјаните на другите републики и поранешните државјани на СФРЈ кои на 8 септември изјавиле живеалиште  и непрекинато живееле во Република Македонија можат да добијат државјанство доколку во одреден рок поднесат барање и ги исполнат одредени услови. Ова да го протолкуваме сега. Значи граѓани кои во 1991 година на 8 септември докажале дека имаат живеалиште, значи се бара 8 септември, тој ден да каже дека имал живеалиште. Можеби тука има техничка грешка, треба да се каже до 8 септември. Тој може 20, 40 години да има живеалиште, тој да можел да го промени своето живеалиште на 7 септември 1991 година, а на 9 повторно пријавил живеалиште, а на 8 септември не пријавил живеалиште, а 40 години живеел тука, можеби е ова техничка грешка, меѓутоа така стои. Секогаш се оди на едни вакви технички ситни прашања за да има на што да се фати државата, а не се оди на тоа дека 40 години живеел човекот тука што претставува ефективна и вистинска врска. Значи пријавено е живеалиште. Се согласуваме со ова дека треба да докаже со документ дека тука живеел и барем да го поднесе барањето дека непрекидно живеел во Република Македонија до поднесување на барањето. Значи се подразбира од 1991 до 2003 година треба нон стоп да живеел во Македонија, или пак откога се родил од 1953 година да има досега непрекинато живеалиште во Република Македонија. Значи бил во Хрватска подолго време од една година да речеме 1986, да обезбеди егзистенција, што ќе се случи со него. Не е тука јасно со законот кажано. Понатаму, во 1991 година на некој човек од поранешна Југославиија

имал државјанство или на жената од осумдесет и една година, 9 години можеби немала егзистенција, можеби во меѓувреме отишла до Хрватска, до Србија заедно со своето семејство, 6 месеци или 8 месеци, што ќе правиме со оваа категорија на луѓе. И ним ли ќе им бараме постојано да живееле тука непрекинато, иако тие немале што да јадат. Иако сме им дале зелени картони, тие треба да имаат непрекинат престој тука. Доколку мислиме дека е направена една дискриминација, со заедничка волја сме се изјасниле дека и ови граѓани кои што живееле тука имаат право на државјанство, тогаш овој дел мора да се тргне. 99% од овие луѓе ви гарантирам дека тие ќе останат повторно без државјанство. Сега Владата. После разговорите што ги имавме со ДУИ донесовме еден број на амандмани. Јас кога ги зедов овие амандмани и реков добро, сега можеби Владата покажува свест и ќе даде некое решение, со цел да им ги реши маките на овие луѓе. Кога го земам амандманот, јас го гледам следново. Овие услови кои што ги спомнав се додава уште еден услов. Се вели: “и”, не “или”. Значи и да имаат вистински ефективни врски со Република Македонија. Значи да пријавиме живеалиште, постојано да живеат во Република Македонија плус ефективна и вистинска врска со Република Македонија. Еве го и г. Аднан Јашари е тука може да ми помогне во врска со ова, бидејќи и тој беше ангажиран во ова. Значи, наместо да се каже дека се пријавува непрекинато живеалиште и живее во Македонија, или да имал цврста и ефективна врска со Република Македонија тука се додава и ефективна врска со Република Македонија. Значи уште услови се додаваат на членот 14. Значи или ова не е сериозно. Рековме дека не е сериозно и сега Владата ни доаѓа со уште еден подарок и вели еве уште еден услов. Европската Конвенција, господинот министер знае многу добро дека во неа доволно е да се има цврста и ефикасна врска со државата која се отцепува доволно е за тој државјанин да добие државјанство. Значи доволно е да се потврди, односно да се докаже дека има ефективна и вистинска врска да добие државјанство. Не мора како тоа што го прават земјите што ја поминаа оваа фаза и ја поминаа без големи турбуленции. Друго, Владата донесе амандман каде што пишува дека е случај кој што имаат врска со безбедноста на државата, добро со тоа е тргнато и вели на крајот дека оние држави кои што ќе добијат право на државјанство, пред се треба да го исполнат условот седум параграф 1 алинеја 6. Тој што сака да добие државјанство по членот 14 треба да има 18 години. Денес сме 2003 година. Да претпоставиме дека едно дете е родено 1990 година или 1989 година во Македонија. И поради разни причини нема добиено државјанство. Денеска сме 2003 година, значи уште ова дете нема наполнето 18 години, значи ова дете треба да изнајде некој друг начин, дете кое не е евидентирано во МВР, има многу такви случаи, ова не го

измислувам во текот на кризата 1991, 1994, 1997 имаше луѓе кои што немале пари и жените не се породувале во болници, туку во домашни услови. Кога мајката отишла детето да го пријави во органите, тие и рекле ти немаш документ дека детето е родено во Македонија. Затоа го велам ова. Не го измислувам. Ова е реалност. Се породуваат во домашни услови. Кога одат да го пријават детето, органот ќе им рече - од каде јас да знам, немаш документ. Само Господ е тука сведок и луѓето пред кои си се породила. Од каде имаш документ дека си се породила во ординација или дома или било каде. Сите ја немаат таа среќа да се породат каде што треба.

Значи ова дете нема право сега со овој член 14 додека наполни 18 години да бара државјанство врз основа на субсецијата. Па тука има уште две години додека не наполни 18 години ќе остане ова дете, овој човек, без правото кое што му припаѓа според Европската конвенција. Значи, јас мислам дека треба да се тргне оваа алинеја, да се избрише и од ова констатирам и како парламентарна група, доколку Влдата остане на ова решение, доколку ги додаде уште овие два услови, ефиканси и вистински врски, тогаш имајќи го предвид менталитетот на нашата администрација и Министерството за внатрешни работи и да не ги спомнам техничките проблеми кои им се прават по шалтери. Значи, ваквите услови, повторно овие луѓе, секои шест месеци ќе трчаат за своите зелени картони и после ќе се чудиме зошто утре, задутре, повторно ќе имаме криза тука или таму.

Меѓутоа, ние ќе речеме тоа се луѓе од планина, тие не разбираат ништо, ние сите овие сме ги додале за нивни интерес, меѓутоа правно гледано тука нема механизам за да им се врати правото кој што им припаѓа.

Сакам да се задржам и на член 7, мислам дека ова решение, ваквото решение е без решение, токму произлезе од овие дилеми, баланси кои што се обидува да ги направи Владата за самата себе си. Незнам, со кого ги прави овие баланси. Сега г-динот министер во некои негови реплики вели дека тој требал да има стан, пари, престојувалиште, па да му дадеме право за државјанство. Значи, цела логика е овдека на оваа категоризација треба да ги има овие работи. Значи, да им се оневозможи да ги исполнуваат овие елементи според член 14 и да ги сметаме како странци, кога ќе ги сметаме како странци се извинувам што го спомнувам Сува Гора, треба да имаат стан, значи живеалилште, навистина може би знаете колку може еден брачен пар толку лесно да дојде до еден стан, да има парични средства за живеење итн. Еве каде е проблемот, каде луѓето ќе останат без државјанство. Значи приодот на луѓето кои што работат во Министерството, не сакам да го обвинувам министерот, туку сите тие што работат таму.

Овие луѓе го рече самиот во неколку реплики, да им се отежне член 14 и да ги однесеме во член 7 и да им ги наведеме неколку услови, седум а новиот закон има десет и што ќе биде со овие граѓани кои што ќе влезат во член 7.

Точка 3. - Ние предложивме еден амандман со кој точката 3 од членот 7 се брише. Бидејќи формулацијата на стариот закон беше многу флексибилен, пофлексибилен и многу кореспондиран со економскаста ситуација со која се соочуваат нашите луѓе. значи многу тешко е за оваа категорија на граѓани доколку така ќе бидат третирани тие. Нема да добијат државјанство по член 14 туку ќе бидат вклучени во категоријата за странци. Ќе се прашаат каде ви е станот? Кажете ми во една ваква констатација кој може да добие стан, да купи стан. Значи треба да се биде многу пофлексибилен, и луѓе кои што ќе докажат дека живееле тука, дека се родени тука, дека работат тука и доколку не обезбедат некој просек треба да им се даде можност да создадат, да дојдат до некои средства да купат или пак да дојдат до некој стан.

И пак доаѓаме до констатацијата кое е постаро јајцето или кокошката. Како странец да одиш и да купиш стан доаѓаш во ситуација да се соочиш со неверојатно голем број проблеми на барања, значи имаме проблеми со луѓе кои што бараат виза да одат во Италија. Да оди некој наш граѓанин во Италија и тој вели ве молам сакам да добијам живеалиште во Италија, итн. Таму администраторот ќе му рече донесете ми доказ дека имате три редовни плати со кое што ќе докажеш дека работиш редовно тука. Тој ќе оди кај газдата а газдата ќе му рече: извини ти не работиш тука, ти работиш на црно. Ех, тој проблем, значи само се врти, се врти, се врти. Оди да купиш стан ќе бара државјанство. И, така се се врти во круг.

Значи оваа дилема, да не се промени демографската структура дека 100 иљјади албанци ќе добијат државјанство. Се доведе во ситуација подобро ние да ставиме и да вклучиме поголем број на услови, а сите добро знаат она што го анализираат г-дине министер, вие добро го знаете и вашата екипа многу добро знае дека оваа бројка нема да се промени, без оглед колкава е. И вие и ние не знаеме колкав е точниот тој број, но имаме луѓе на улица кои што се шетаат и кои што бараат државјанство. Кога ќе биде точна оваа бројка, ние како пратеници, имаме навистина некои сознанија, секој ден доаѓаат кај нас луѓе кои што буквално плачат, но тоа е тоа.

Член 4 го елаборираше г-динот Ефтим Манев, и јас се согласувам со неговото мислење. Исто така мислам дека и член 5 треба да се избрише, ние предложивме амандман како ДПА, значи и според амандманот да се избрише член 5, значи мислиме дека не треба ние да дискриминираме категорија на оние кои што се казнети за некое

дело, ја издржале казната и излегле од затвор. Ние претпоставуваме дека значи, ние ќе речеме не ги прифаќаме овие луѓе да овие луѓе се со дамка. Тие се дискриминирани. Човек кој што бил во затвор, ја издржил казната, излегол во јавниот живот, мислам дека тој веќе не е опасен, и, можеби се претпоставува дека можеби останал некој албанец кој што направил некое криминално дело, значи тој е сеуште опасен во општеството итн. итн.

Член 8. - Еден од факторите кои што ги оставил голем број луѓе без државјанство, најголем број се албанци, јас отворено го кажувам тоа, без емоции, туку отворено треба да разговараме за феномените, да се соочиме со нив, и тоа се реални проблеми, не за да ме разбере ВМРО или пак да ме СДС или да не ме разберат тие. Но, тоа се реални бројки. Дискреционото право на МВР да реши без да даде образложение не оние што ги одбива за прием во државјанство. И овдека е проблемот со Мирита, со старицата од 81 година и голем, голем број други лица кои што бараат државјанство нивните документи останаа по десетици години по фиоките, и мислам дека сеуште не се разрешени нивните проблеми и нивните барања. Дискреционото право и од страна на Уставниот суд на еден начин се занимвал со тоа и што се случува сега со актуелниот предлог.

Членот 8 вели: “Приемот негов како граѓанин на РМ да не се загрозува поредокот и безбедноста и одбраната на РМ. Дискреционото право, се пренесува на еден поинаков начин. Во ред. Ова не станува збор дека е ова само за нашата држава, тоа е меѓународна норма, веројатно, за многу држави кои што се грижат да не дојдат во ситуација да бараат државјанство луѓе кои што ќе го загрозат редот и безбедноста во државата. Во ред. Тоа е во ред.

Но, член 7 последната алинеја, послендиот став вели: Има некаква предност органот кој што ќе го одбие барателот за државјанство, треба во одбивањето да го напише и образложението зошто се одбива. Ако причинува опасност, треба да се напише зошто, за да биде јасно. Тоа е транспарентно. Но, каде е тука тајноста. Тајноста е дека не му е даден на органот рок до кога треба да одговори на барањето на барателот за државјанство. Значи целиот трик е тука.

И точка 8 се формулира поинаку, значи тука е многу потранспарентно, треба да даде одговор зошто го одбил, а каде и во кој рок треба да му даде одговор, значи овој закон не го решава. Значи, нема временски лимит и тоа барање може да остане уште пет години, и нема да му биде дадено државјанство, затоа што органот сеуште ја разгледува опасноста на овој барател за државјанство. Значи исто е: “Али Хоџа или Хоџа Али” исто е само во пинакво пакување.

Затоа г-дине министер ние како парламентарна група на ДПА дадовме еден амандман со кој мислиме дека органот кој што треба да верификува дека еден барател за државјанство претставува опасност за државата да му се даде еден временски период од 60 дена - 90 дена, значи тој орган треба да работи, не само да пијат кафе, туку треба да работат по 60 дена - 90 дена, да одговорат господине овие се причините зошто ти нема да го добиеш државјанството. И после тие 90 дена, доколку не можете администрацијата да ја реформирате тогаш со законска сила да се реши со 90 дена доколку нема одговор тогаш ќе се цени дека барателот ги исполнува условите. Значи, со правото на молк. Тогаш ќе ве разбереме. И странката нема да чека 100 години, да му биде досието во фиока, туку после 90 дена тој ќе добие одговор на неговото барање.

Значи имаме уште два амандмани за кои што сега нема да се задржам, сакам врз основа на сето ова што се обидов да ко кажам, да го елаборирам пристапот на нашата партија во однос на еден реален начин дека Владата сака да гради едно демократско рамноправо општество да кажеме дека оваа работа не може вака и за жал останувaат и сите други решенија во однос на Охридскиот договор останувaат во нивото на дискусии на осмех, без да се материјализира нешто. Затоа од ден на ден, за жал особено кај албанското население, се зголемува, негативниот пристап кон Охридскиот договор што е еден многу опасен феномен за државата. Незаборавајте ве молам дека Охридскиот договор ја запре војната, ја запре кризата. Доколку не се исполни, сите гледаат, забележуваат, не, не ставајте во овие решенија половни, нејасни, нетранспарентни не ја ставајте, не ја вклучувајте државата во новата криза ве молам, слушнете ги овие зборови што ви ги кажуваме, тоа мене не ми треба, јас имам државјанство, мојата сопруга и моите деца имаат државјанство. Јас добивам плата од Парламентот, ние немаме проблем, за мене тоа не ми треба. Верувајте, дека има голем број луѓе кои што ќе се видиме, по шест месеци, по една година, ќе видите дека истите луѓе ќе останат, навистина без државјанство, затоа што овој закон не е јасен, не е транспарентен, јас незнам дури моите колеги од ДУИ дали ќе гласаат. Заедно седнавме и рековме дека овој закон не го решава прашањето на оние што треба да добијат државјанство врз база на сукцесија, и токму сакам да ги слушнам, говорниците, моите колеги од ДУИ, дали ќе го бранат овој закон бидејќи заедно се договоривме на нашата прва средба во врска со ова, затоа беше, значи бевме многу транспарентни тогаш, г-дине министер можеби ќе ви изгледа ова повторно политички маркетинг, може да ви изгледа како што сакате, но јас ја познавам Мерита, го познавам Агим, ја познавам старица од 81 година ги знам сите.

Ви благодрам.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Благодарам.

Г-динот Невзат Бејта. Повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам.

Ве поздравувам сите. Го поздравувам г-динот министер, почитувани колеги,

Јас често сум велел дека работите треба да се кристализираат и да бидат јасни. Македонија како држава е демократска држава, и од демократски избори произлегуваат пратеници кои што ја бираат Владата. И таа партија која го добива мнозинството од демократските избори поминува во Влада. Во позиција. И како партија во позиција ја формира заедничката коалиција и треба да работи на решавањето на проблемите на граѓаните.

Претходниот говорник г-динот Замир Дика, незнам, дали бил пратеник, дали бил на власт. Тој пред четири години рече дека и јас знам дека тој бил на власт и не направил ништо во однос на државјанството и во однос на проблемите со кои се соочуваат граѓаните на РМ. Нека ми извади Дика од минатата неуспешна Влада нека ми извади едно дополнување или измена на Законот за државјанство. Барем една. Додека пак заедничката коалиција ДУИ, СДСМ која ја доби довербата преку демократски пат од своите граѓани даде пред нас, и имаме предлог на Владата и имаме предлог за измена на Законот за државјанство. Тука се претставниците и министерот за внатрешни работи сегашниот г-динот Хари Костов, и почитуваниот заменик министер за внатрешни работи Хазби Лика. И ние сносиме одговорност за ова.

А, што се однесува до тоа дека мајката или албанската баба, зошто не и го решиле на оваа албанска мајка или баба проблемот на државјанството. И тие беа на власт. Сега ние ја сносиме одговорноста и ние ќе ги решаваме проблемите како што мислиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се јави министерот за внатрешни работи, по Деловникот министерот ако се јави, морам да му дадам збор, а после ќе имате контра реплика.

Повелете министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас сакам околу некои работи што г-динот Дика не во сите детали, меѓутоа во некои работи ќе се обидам да дадам одговор.

Прво, никаде во мојата дискусија во воведното излагање, по повод донесувањето на Законот, никаде не кажавдека “Пратениците лажат”. Според тоа, ако г-динот Дика во стенограмот од мојата дискусија можам да му ја прибавам, доколку најде таква работа, подготвен сум на било кој пратеник да му се извинам.

За тоа стои во текстот, во говорот стои дека - затоа во продолжение би сакал во мојот говор, во воведното излагање, стоеше дека во продолжение би сакал накратко да се задржам на демаскирање на дел од тие неточни тези или бројки што беа пласирани во јавноста во изминатиот период на оваа јавна расправа.

Според тоа, таква работа нема никаде да сум рекол дека пратеници лажат.

Второ, очигледно е, ние и во излагањето и до координаторите на пратеничките групи ги доставивме сите бројки со кои што располага МВР. Очигледно е дека во Република Македонија во мода е да не се верува на ниедна бројка. Тука мислам дека е многу тешко некој лек да се најде.

Меѓутоа, јас би потсетол дека во воведното излагање  реков: “Може да се формира и посебна група од кои сакате пратеници и да се проверат сите досиеја во МВР. Ќе се потврдат бројките кои ви ги презентираме”. Според тоа уште еднаш повторувам, каква сакате пратеничка група, какви сакате пратеници, какви сакате експерти, меѓународни ревизии, комисии и тн. ние сме спремни да прифатиме. Нека повелат нека дојдат кој ден сакаат во МВР и нека ги проверат сите досиеја и еднаш за секогаш да се заврши со тие неверувања во бројки и тн.

Исто така очигледно,или повторно господинот Дика или не ја читал или не слушал внимателно при излагањето, или не добил стенограм ако побарал, затоа што кажав дека сме направиле манипулација во решавањето на практичните бројки и сме рекле дека повеќе од тие случаи биле срби, турци, роми и тн. Затоа уште еднаш сакам да ја потенцирам таа реченица од воведното излагање на минатата седница на Собранието. Реков: “Притоа сакам да потенцирам дека тука не се работи исклучиво за лица од албанска националност”. Значи, не се работи само за лица од албанска националност, како што некој сака да го прикаже пред јавноста, иако поголемиот број случаи е таков. Значи, поголемиот број случаи е тој. Според тоа никој не манипулира со различни бројки и структури кои што исто така ги даваме.

Во Предлогот на законот навистина  се имплементирани сите европски стандарди и молам кога се прави компарација ако не друго барем да не се споредува со Законот за државјанство со словенечкото решение. Словенечкото решение предизвика дека по сукцесијата на поранешната СФРЈ во Словенија околу 15 илјади односно 18 илјади луѓе

беа избришани од евиденција на државјанство на Република Словенија. Дури и оваа година со одлука на Врховниот суд на нивната земја се задолжени да се запишуваат. Словенија дури минатата година по одлука на Советот на Европа го уклучи закнското решение околу државјанството и сукцесијата. Македонија го имаше тоа во носењето на законот, го има и сега како дополнување и подобрување.

Во член 14 не знам каква верзија пратеникот Дика чита стои: “Имале пријавено живеалиште до поднесување  на барањето постојано живеат”. Никаде во оваа реченица јас не можам да го прочитам зборот што господинот Дика го чита “постојано непрекинато живеат”. Во овој член зборот “непрекинато” го нема, или ако господинот Дика мислел да предложи амандман со кој ќе го стави зборот “непрекинато”. Инаку во овој текст официјално, кој што се наоѓа во Собранието не пишува “непрекинато”..

Понатаму, Европската конвенција и  или вистинска и ефикасна и ефективна врска и постојано живеалиште. Според тоа ако ја немате, таа конвенција е ратификувана, објавена во “Службен весник број 13 од 2002 година” и во неа во член 18 во начелото стои точка 2 “при одлучувањето за стекнување или задржување на државјанство во случај на државна сукцесија секоја држава пристапничка ќе води сметка особено за:

a) Вистинска и ефективна врска на засегнатото лице со државата.

b) Постојаното живеалиште на засегнатото лице во времето на државна сукцесија.

в) Волјата на засегнатото лице.

г) Територијалното потекло на засегнатото лице”.

Еве и господинот Дика и било кој нека ми прочита каде помеѓу ова стои дека може да биде а или б или в или г, туку сите четири услови. Сакате лектор, сакате било кој експерт по таа работа ќе значи дека ќе се води сметка за сите тие четири услови. Значи не може да биде “вистинска и ефективна врска”, или “постојаното живеалиште, туку ќе биде и вистинската ефективна врска и постојаното живеалиште”. Тоа може било кој лектор да го протолкува од Конвенцијата ратификувана од Република Македонија.

Околу член 7 и условите од точка 4, точка 5 и тн. изгледа дека ние забораваме дека во точка 7 се работи за странци. Според тоа  за странци е нормално, како може во Америка да биде нормално, или во Италија случајот што го кажува господинот Дика дека таму ќе ви бараат постојани средства за издржување ама во Македонија не треба да имаат. Или како може во точка 4 да не бил казнуван со закон од друга држава, а не ќе им простиме казна затвор. Овде се работи за странци, не за албанци. Дали вие човек од Африка кој што нема обезбедено средства овде ќе сакате државјанство да му дадете.

Може да има привремен престој, постојан престој како странец и тн. Меѓутоа зошто на било кој африканец да му давате државјанство ако не ги исполнува овие услови, кои се услови од Европската конвенција.

Тука би се осврнал и на господинот Манев, од невнимание можеби предизвикал сообраќајна несреќа една ипол година е казнет и сега зошто тој да го исклучиме од државјанство. А зошто пак да го примиме? Се работи за странец не се работи за некој друг. Ако некој од невнимание во Англија направил судар, усмртил дете на пример, зошто тој мораме да го примиме како државјанин на Република Македонија. Може да престојува како странец, никој не му брани да остварува права какви сака, да ја посетува Република Македонија, меѓутоа по кој основ за некој што во наша или во друга држава се води кривична постапка, осуден и тн., по кој основ ние мораме да им даваме државјанство.

Понатаму, дискреционото право, мислењето на УБК и тн., ако не забележавте во Законот член 27 се додава "во рок од 60 дена мора да се завршат сите останати постапки околу тој дел".

Второ, во МВР мора да поднесе и образложение, за оние кои што по точка 7 точка 8 се одбива државјанството. Според тоа и тоа е содржано во Европската конвенција и во препораките од Советот на Европа  и тоа е содржано и во нашето решение. Според тоа ќе се образложи до она ниво до кое што е усогласено со Советот на Европа и тука нема никаков проблем.

На крајот, мислам дека не би требало да се претерува, да се кажува дека не се спроведува Охридскиот договор, се создаваат услови за друга криза и тн. итн. Ако некој сака да каже со целото почитување дека Мерика или уште еден човек може да бидат причина за воени случувања во Република Македонија тогаш мислам дека многу погрешно и Охридскиот договор меѓу другото се чита. Јас уште еднаш ќе повторам кога се чита Охридскиот договор нека се почне да се чита така како што е ред, од основните принципи, од првата точка на Охридскиот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика има право само господинот Замир Дика. И тоа реплика на господинот Бејта, претпоставувам и на министерот. Никој друг нема право реплика на реплика, бидејќи господинот министер одговараше на наводите на господинот Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Прво репликата на мојот колега господинот Невзат Бејта.

Жалам мој почитуван колега што наместо да ги браните констатациите кои ги донесовме заедно, уште продолжувате со обвинувањето дека некој друг е виновен.

Само да ве потсетам, тука не сме ниту во чајџилница ниту во соба на мажи, туку сме во Собрание каде имаме можност да ги решаваме проблемите на луѓето.

Вие, во овој Парламент, оваа Влада веќе една година на мајка Кадрија не сте го решиле проблемот. Донесовте еден закон кој што доколку го усвоите еднаш засекогаш ќе ја затворите судбината на овие луѓе кои што имаат право на државјанство по сукцесија. Јас ви гарантирам дека овој закон нема да го реши ова прашање. Излезете донесете ми аргументи а не да ми кажувате кој е крив.

Господине министре, Сами Јашари отслужил воен рок во Република Македонија. За Република Македонија пред одредено време му е одземено државјанство затоа што родителите немале државјанство, од Х причини. Алиса Јашари од кумановско село има учено во ова школо, има свидетелство од оваа држава а нема државјанство. Еве, има ефективни врски. Незнам за какви ефективни врски вие мислите. Овој закон нас ни се понуди и во времето кога ние бевме на власт, меѓутоа не го прифатиме затоа што знаевме дека проблемите нема да се решат во ова државјанство. Чекавме време кога можеби војната или Рамковниот договор ќе ни донесе закон кој што ќе ни помогне да ги решаваме проблемите на луѓето кои што со право им припаѓаше државјанството. За жал јас го читам истиот член 14 од минатиот Закон кој што го донесе господинот Бранко Црвенковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави министерот за внатрешни работи Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Господине Дика, два случаја или три случаи практични ако покаже мислам дека не можам овде да одговорам. Само би споменал околу делот на сведителството и тоа со спротивен правец. И мојата сопруга во Америка има свидетелство за завршено една година школо во САД1995/96 година, меѓутоа мојата сопруга нема американско државјанство туку има македонско државјанство.

(Повеќе пратеници бараа збор за реплика).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Фатмир Асан, а по него е господинот Илија Србиновски.

(Пратеник бара збор процедурално).

Повелете процедурално.

__________________________:

Почитуван претседателе, се јавив за процедурална забелешка затоа што вие дозволувате министерот неколку пати да се заканува и да шири омраза споредувајќи ги албанците и американците. Албанците живеат на своите етнички места. Тие и ден денеска во оваа држава имаат свои огништа имаат свои проблеми и го замолувам министерот да не провоцира бидејќи тој се закани дека Македонија ќе личи на полициска држава. Значи во иднина ќе презема мерки со една единствена цел да се претвори во полициска држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас можам да кажам дека ова прашање не беше процедурално, но ако вие така тоа го сфативте јас сепак ќе го замолам министерот да биде од тој аспект малку поблаг.

Има збор господинот Фатмир Асани, а нека се подготви Илија Србиновски.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Предлогот на законот за државјанство кој денес е на дневен ред одамна беше очекуван од наша страна, посебно од граѓаните на Република Македонија кои имаат многу проблеми поради немање на државјанство на Република Македонија. Со надеж дека овој предлог-закон ќе биде полиберален, но врз основа на тоа што се предлага односно интервенцијата во членот 6 од постојниот закон каде се вели дека сите оние кои што се родени во Република Македонија зависно какво државјанство имаат нивните родители да им припадне македонско државјанство што е многу позитивно.

Другите измени кои што се предлагаат во Законот се многу подскриминаторски, полоши за граѓаните на Република Макеоднија кои не го решиле својот статус на државјанство, а тој број не е мал.

Во членот 7 кој се однесува на странски државјани, многу албанци од каде што јас потекнувам и ден денес се сметаат за странски државјани. Ова најдобро го знае господинот Ерол кој во Куманово, можеби најголем виновник е што албанците немаат државјанство во Куманово, затоа што тој работеше таму од 1991 година.

Измените во членот 7 и членот 3 точка 3 каде се предвидуваат материјалните и социјалните услови кои треба да се исполнат се вели лицето да има живеалиште и средства за живеење, да обезбедуваат материјални и социјални услови во согласност со предвидените услови со закон. Се поставува прашањето кој е лимитот на финансиските средства предвидени со закон, кој треба да определи и со кој закон, тука се остава простор на одговорната институција за манипулации. Доколку се поставува лимит, сигурно дека тој ќе биде многу висок, а голем број од луѓето кои го немаат регулирано статусот се физички работници и луѓе кои живеат од социјална помош. Со ова се прави видна дискриминација затоа што повторно нема да биде во можност да ги исполни условите за државјанство и многу лесно одговорниот орган ќе може да го одбие нивното барање. Тоа значи дека овој е уште порестриктивен од постоечкиот закон каде не се предвидува ваков лимит.

Второ, и истиот член. членот 7 од постојниот закон односно член 3 од предложените измени во Република Македонија и државјанинот не треба да биде обвинет повеќе од една година за кривични дела за кои се гони.

Мислам дека вметнувањето на овој услов во Предлогот на законот дава простор за манипулации и злоупотреби од страна на соодветниот орган затоа што кривичните дела со кои се гонат се претставуваат дела кои што претставуваат скоро 2/3 од вкупниот Кривичен законик. Тука влегуваат и кривични дела направени во сообраќајни незгоди, нешто што може да се случи на секој, да се земе како причина за одбивање на барањето за државјанство. Ова претставува манипулација затоа што не се прецизира на кои дела се однесува. Во Кривичниот законик на Република Македонија од членот 123 до 422 сите претставуваат дела ексофицио, јас не сум правник, меѓутоа правниците ова го знаат многу добро и ова како такво не може да се прифати.

Точка 8 од Предлогот на законот, член 3 каде што се вели дека прифаќањето на поединци не треба да ја загрози безбедноста и одбраната на државата. Тоа предизвикува дилеми во врска со тоа кои се тие критериуми. Тука повторно се остава простор за употреба на дискреционото право од страна на безбедносните органи на државата кои претходно врз основа на операциони податоци даваат позитивно или негативно мислење. Доколку некој на пример им готвел на припадниците на ОНА, а бара државјанство, органот него го одбива без можност за објаснување.

Во минатото имало случаи кога на тригодишно дете или на 90-годишна домаќинка, која била неписмена и било одбиено државјанството врз основа а член 7. Повторно ова

се предлага иако тоа било контекстирано и бил еден член кој задавал големи неприлики на луѓето.

Истото било оспорено од Уставниот суд и колку што знам овој суд го има отфрлено како неуставна одредба, а сепак истото се предлага повторно.

5. Предложените измени во членот 9 од постојниот Закон, член 6 од Предлог законот каде што се вели, во алинеја : “ Странецот кој што е во брачна заедница со државјанин на Република Македонија, најмалку 8 години и законоско престојувалиште во странска држава, а кој има ефективн врски  со Република Македонија, може врз основа на натурализација  да се стекне со државјанство на Република Македонија, иако не ги исполнува предвидените услови со членот 9 , точка 1, точката 2, 6 и 10 од овој услов, кои предвидува ниеден од нашите работници во странство, како и кои се брачната заедница со државјани во Република Македонија, немаат право на државјанство, затоа што немаат постојано живеалиште во Република Македонија, постојан престој во Република Македонија”. Еден број на наши работници во странство имаат проблем со државјанство и овој предлог закон воопшто не оди во нивни прилог.

Второ, какви треба да бидат тие цврсти и ефективни врски во Република Македонија, кој е тој орган кој што треба да ги документира колку се тие цврсти и ефективни врски во Република Македонија, на една страна. Член 41 од Предлог законот, каде што се вели дека други државјани од поранешна Југославија, како и од СФРЈ, кои од 8 септември 1991 година имале пријавено престојувалиште, живеалиште и кои до поднесувањето на барањето имале постојано живеалиште во Република Македонија, ако во рок од 2 години повлекување по поднесувањето на барањето може да станат државјани на Република Македонија, доколку не се кривично гонети и до колку ги исполнуваат условите, кои се предвидуваат со членот 7, точка 1 точка 6. Тука не гледам никаква разлика односно олеснување на условите, затоа што се бара постојано живеалиште, престој , а тоа треба да се документира со лична карта. Тука можат да извлече корист само некоја странка , некој човек кој што има лична карта издадена пред 1991 година, со неодреден рок. Второ, наместо ова олеснување за граѓаните на поранешна Југославија да биде вистинско олеснување, тоа се изедначува со барањата со молбата од луѓе од други држави и се ставаат во незавидна положба, затоа што се знае дека граѓаните биле во привремен престој, а не во постојан. Замир Дика извонредно го објасни членот 14 и овој Закон за нас не е прифатлив.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Асани.

Збор има г. Илија Србиновски, а по него е пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

Денес дискутираме за една тема, која е извонредно значајна за Република Македонија. Извонредното значење произлегува од ефектот, кој што државјанството како правен од наша институт ќе го има врз За општествените процеси и збиднувања. Сериозноста на темата повлекува одговорност страна, на истата да и пристапиме со голема доза на исто таква сериозност, кнцентрација и најбитното издржана аргументација. Значи не се работи за оставрување за некаков интерес, задоволување на некое ситно калкутанство, да не речам билетанство, остварување на дневно-политички поени и сл. Се работи за иднината на оваа земја, иднината на нашите деца, можностите за перспектива, развој и стабилност. За да го сознаеме ефектот , кој што го остварува државјанството врз функционирањето на државата и општеството во целина , треба да навлеземе во определени поими и да ја видиме нивната функција.

Како и прво и основно што е државјанството? Уште од порано, наваму, државјанството се дефинира како правна, трајна и нераскинлива врска помеѓу државата од една страна и физичкото лице т.е граѓанинот од друга Од нераскинливоста на еднаш создадениот однос произлегува неговата сериозност. Државјанството се добива врз основа на повеќе методи и тоа по методот на потеклот, методот на терирторијата на раѓање, методот на природување и по пат на меѓународен договор

За темата на денешната дискусија р битен третиот метод, значи натурализацијата. Овој метод е познат како институт уште од Римско време трпејќи разни модификации во смисла на условите кои треба да ги исполни лицето за да се здобие државјанство на определена земја. И Законот за државјанство на Република Македонија од 1992 година го признава овој Институт и за него предвидува исполнување на осум сушествени услови и тоа: Прво, полнолетност, второ престој во Република Македонија во временски период од 15 години, трето, лицето да е психофизички здраво, четврто, со добивањето на македонско државјанство да несака да избегне кривична одговорност во државата чиј дотогаш државјанин е. Петто обезбеден дом и приходи како извор на егзистенција , шесто владеење на македонски јазик, седмо, лицето кандидат да не преставува опасност по

безбедноста на одбраната на Република Македонија, осмо, да приложи отпуст од претходно државјанство или да приложи цврсти докази дека ќе добие отпуст од претходно државјанство доколку го добие македонското.

Владата моментално ни предлага намалување на временскиот цензус за добивање со државјанство и тоа негово преполување од 15 на 8 години, премногу наивно, невино или некој така сака само да ни се претстави со Предлогот. Исто така, треба да се осврнеме и на аргументите кои Владата ни ги нуди во прилог, кои што мора да признаеме убаво звучат, ама токму само звучностса и нивниот квалитет, додека суштината на истите во голема мера отстапува од она што се нарекува реалност.

Ни се пласираат странски искуства од западно европски земји, кои одат во прилог на намалувањето на временскиот лимит. Ни се соопштува дека намалувањето на годините на престој се израз на развиеноста на општествените сили, дека е тоа е цивилизациска придобивка, висок идеал и тн. Сепак, правилото е дека на секоја аргументација следува контрааргументација, на која јас би сакал и ќе се осврнам подетално. Уште на почетокот би сакал да истакнам дека јас сум строго против усвојувањето на владиниот предлог за намалување на временскиот престој за добивање на државјанство од 15 на 8 години. Факт е дека во повеќе европски земји тој услов за добивање на државјанство е сведен на помал број години. Но, да не заборавиме тие земји се дел од ЕУ со стабилна безбеност, постојана економија, со специфични и необременети услови за континуиран развој, со гарантиран суверенитет и интегритет. Значи тие се сешто што ние не сме. А, ако сме различни во основните постулати , тогаш не е логично да се компарираме со нив. Секако, тоа не треба да значи дека ние не треба да се стремиме да го достигнеме нивниот степен на демократичност и развиеност. Но, овој Предлог за изменувасње и дополнување на Законот за државјанство не би можел да биде репер за споредба со нив. Општо прифатено начело на логицирање е дека секоја единка во овој случај државата како основа на односот треба да води особена сметка за две работи и тоа: Надворешните услови, односно условите на опкружувањето во кое егзистира. Второ, сопствената визија за развој и балансирањето на внатрешните состојби.

Во тој контекст на ова би сакал да го наведам примерот на Швајцарија, која е развиена и почитувана земја, но во која цензот е 12 годишен престој. Но, Швајцарија си води сметка за својот национален интерес. Ова би значело дека Република Македонија, треба да води особена сметка за специфичноста во која опстојува за своите слабости и вредности, за краткорочните долгорочните користи кои ќе ги оствари и се разбира за

евентуалните негативни реперкусии, кои би се појавиле со спроведувањето на Закнот кој се заснова на предлозите за изменување и дополнување кои ги дискутираме токму сега. Да конкретизирам, пред десетина години имавме една ваква слична ситуација односно ситуација од проблематиката околу бројот на лицата на кои им беше дадено, да не речам, подарено државјанство, па имаше реални поместување во демографската структура на населението, тврдењата за добивање на државјанство во тоа време на околу 120 илјади лица, се произволни толкувања, а вие сте свесни за тоа, иако не сакате да го признаете и ќе се обидете да ме демантирате на секаков начин. Значи, искуството го имаме.

Второ, Македонија има свои специфични услови на опкружување и мора да води сметка за истите , за да не се доведат во прашање основите на кои почива системот. На Балканот сите сме свесни за тоа дека општо присутната тенденција за присутност на повеќе државјанства , кои ги поседува едно лице. Како резултат на политиканството на одредени структури, што доведува до попишување во повеќе држави. Така, албанците се попишуваат во Албанија, во Македонија и Протекторатот Косово, Србите се попишуваат во Србија и Република Српска, Хрватите во Хрватска и Босна итн. Сето тоа доведува до нереалност на прикажаните резултати и податоци и тоа понатаму претставува проблем во различни варијант. Поентата ми е во тезата за зачувување на националниот Македонски интерес. Вака поставениот временски ценс е одличен . Петнаесет години се квалитетна законска бариера за добивање на државјанството. За толкав период престој лицето сакало или не сакало ќе се сврзе со Република Македонија, ќе почне да ги почитува нејзините вредности и ќе ја чувствува како своја татковин. Доколку, го намалиме ценсот под ова ниво, ќе се соочиме со реална опасност од редовен прилив на неавтотоно население и на тој начин би ја промениле демогравската слика по етничка линија и сето тоа го преминува основот на државноста. Анализите говорат за илјадници лица кои би се здобиле со државјанство по овој основ , а илјадници лица во двемилионска Македонија се бројк. Да не се разбереме погрешно и да не бидам погрешно сватен, јас не сум антихуманист , ги почитувам и ценам останатите но морам да го бранам ставот во кој верува. Да не избрзуваме, затоа што последиците можат да бидат катастрофалн. Мојата партија излезе со предлог овие измени да стапат во сила, одкога ќе станеме членка на ЕУ. Јас се приклучувам кон таа иницијатив, дури и предлагам тогаш интервалот за престој да се намали за пет, па и три години, а ако треба и една годин. Но, тогаш нема да стравуваме за безбеноста, стабилноста, економскиот раст и развој. Тогаш, сирте покрај Македонци ќе бидеме државјани на ЕУ.

Предлогот на законот за изменување и дополнвуање на Законот за државјанство на Република Македонија, за кој како предлагач се јавува Владата на Република Македонија, претставува препишана верзија на Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог закон од јуни 2001 година. Од тие причини нејасно е зошто Владата на Република Македонија  согласно член 152 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија  инстистира Предлог за донесување на закон да се донесе по итна постапка , бидејќи образложението дека ратификувањето на Европската конвенција за државјанство во 2002 година предизвикува неопходност за итно согласување на одредбите на Законот за државјанство на Република Македонија , е сосема проиволно и неточно. Во јуни 2001 година претходната влада на Република Македонија, изготви предлог закон за државјанство на Република Македонија,  и доколку ги споредите двата предлози на Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија  од јуни 2001 година и сегашниот од октомври 2003 година , ќе забележите само една разлика. Во член 7 од овој Закон , имено, истата експертска група оценила  во  јуни  2001 година  дека предложената измена на условот што се однесува на непрекинат законски постојан престој на територијата на Република Македонија , во правец на скратување на должината на временскиот период од 15 на 10 години и е во согласност со членот 6 став 3 од Европската конвенција. А сега во октомври 2003 година тврди дека скратувањето од 15 на осум години исто така е во согласност со членот 6 став 3 од Европската конвенција за државјанство. Тоа значи дека согланско овој член секоја држава потписничка на оваа конвенција, при утврдувањето на условите за натурализација на лица кои законски  постојано престојуваат  на нејзина територија, неможе да определи период подолг од 10 години престојување, пред поднесување на барањето.

Од тие причини, не постои потреба тој рок да биде пократок од 10 години, бидејќи секоја друга пребрза промена може да доведе до нарушување на демогравската, социјалната, економската структура, како и да има свое влијание врз натамошното усложување на безбедносната состојба во Република Македонија.

Почитувани колеги , на крајот не би сакал да звучам театрално, но кога ќе гласате за овој предлог, помислете на своите најблиски и на своите деца, не мислете на политика, не мислете на додворување кон електоратот на македонските албанци во функција на претстојните претседателски  избори и не мислете на разни коалициони шеми и директиви. Јас својот став го образложив. Не е сега време за менување на толку

круцијални одредби и норми од Законот. Европа ќе не сака ако сме стабилни и во развој, а врз основа на бројката од вториот услов за добивање на државјанство по пат на натурализација. И покрај тоа што сум свесен за фактот дека прашањето што се решава е во ваши раце, затоа што го имате парламентарното мнозинство, ве замолувам убаво да размислите пред да го претиснете копчето за гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Србиновски.

Има збор пратнеикот Ѓорге Паљошковски, а нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги,

Денес дискутираме за една многу битна тема и резултатот кој ќе произлезе токму од ова Собрание, односно од конкретизацијата и усвојувањето на законскиот предлог зависат многу работи. Нема да биде претерано и ако кажам дека иднината на Република Македонија, зависи од решавањето на ова прашање.

Разгледувајќи го законскиот предлог на Владата, во очи ми останаа неколку работи на кои имам забелешки. Сепак, најголемо несогласување имам околу намалувањето на законскиот лимит за престој како услов за здобивање со државјанство од 15 на осум години. Образложението дека тоа се прави по моделот на развиените европски држави , каде законскиот лимит е помал од нашиот, едноставно не држи. Ние сакаме да го достигнеме нивото на развојот на западно европските држави. И во ред е да стремиме кон тоа.

Но ако погледнеме во реалноста сваќаме дека многу сме далеку од Европа.

Значи доаѓаме до поентата дека не е во ред да се споредуваме со некого, односно да применуваме искуство со некој друг кога не сме на исто рамниште со него.

Втор аргумент кој е во прилог на мојата теза дека законскиот лимит на престој не треба да биде намален на она ниво кое го предлага Владата е заштитата на националниот интерес.

Прво, Владата нема приложено никаква анализа барем за приложената бројка на лица кои се очекува да се здобијат со државјанство на Република Македонија. Ако во времето на престојот се намали на осум години, значи ние не знаеме колку прилив на население ќе имаме.

Втор факт е дека  приловот ќе биде на население со што во значителна мера би можело да биде нарушена  демократската структура  на населението на Република Македонија, што ќе претставува проблем во иднина. На тој начин би можело да биде нарушена стабилноста на Република Македонија, а сето тоа би повлекло и дополнителни проблеми и тешкотии со кои ќе треба  да се справувае во иднина.

Исто така не е направена и анализа  за евентуалните последици врз економската состојба и економскиот раст и развој на нашата земја на евентуалните нови државјани. Не направено анализа за регионите на лица кои сакаат да се здобијат со државјанство. Многу нешта не се направени. Од тие причини не се согласувам со предложените измени. Нашиот став е дека е во ред да се намали законскиот лимит, но нека биде намалем, во најмала рака на 10 години. 10 години се извонредно добар период  за едно лице да воспостав емоцијонална и духовна врска со една земја. Да ја осознае нејзината култура , да изгради систем на почитување спрема националните симболи и обележја кон нејзините институции и кон државата воопшто. Алтернативата на тој став е намалување на лимитот, ако треба и на помал период од 8 години но под услов тоа решение да стапи во сила од денот кога ќе станеме полноправна членка на ЕУ.

Почитувани пратеници,

Сите ние работиме во интерес на народот. Земаме плата која ни се обезбедува од буџетските средства. Значи од средства на граѓаните.  Затоа работете во нивна полза. Пулсот на народот говори дека јавноста не се согласува со владиниот предлог. Не се затворајте во партиските шеми и комбинации, во прашање е иднината на Македонија. Имајте го тоа во предвид.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Паљошоски.

Има збор пратеникто Марјан Ѓорчев, а нека се подготви пратеникот Невзат Бејта.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Успешноста на секој законски проект, вклучувајќи го и овој законски проект кој што е предложен од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија зависи од тоа какви цели тој проект има да реши. Целите се во принцип состојба кон која

сакаме да се стремиме. Очигледно дека состојбата во која сега се наоѓаме, спроед Министерството за внатрешни работи не задоволува, па оттука поставува таква цел дека таа состојба треба да се промени и оттука се изведени измените и дополнувањата на овој закон за државјанство на Република Македонија, но при тоа ценам, по мое лично мислење, дека се работи за поставување на глобална цел. Не е време за глобални цели, затоа што проблемот е, би рекол, повеќедимензионален, тешко се решава и временската димензија не одговара за ваква глобална цел.

Во мојата дискусија ќе се осврнам на четири компоненти што се моја препорака за она што претставува овој законски предлог.

Првата препорака е историската димензија на државата Македонија.

Втората би била дискусија за времето во кое го донесуваме овој закон.

Третата препорака е карактерот на државјанството и што од него произлегува како правен однос.

И на крајот моите видувања како треба со палијативни мерки и конкретни чекори да се разрешат проблемите на оние граѓани на Република Македонија кои според мислењето господин Хари Костов имаат проблеми и заради кои, во неговото обраќање кажа, се донесува овој предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Најнапред да се осврнам на историскиот комплекс. Настанувањето на Република Македонија прво како Социјалистичка Република Македонија во Југословенската федерација, а и пред тоа независно во кој период гледаме, дали како античка држава, дали како дијецеза во Византија, дали како тема во Римската империја, дали подоцна како дел на Отоманското царство, дали потоа распарчена и анектирана кон Србија и Црна Гора, Бугарија и Грција, не е важно на пределите на Република Македонија до конституирањето на Социјалистичка Република Македонија секогаш постоеле многу важни и чисти миграциони процеси. За тоа говори историјата, за тоа говорат податоците, за тоа говорат бројките пред се во другите држави, во Отоманското царство, Византиските податоци, во Србија и Црна Гора, еве повторно во Србија и Црна Гора, во Бугарија и во Грција, за тоа ние немаме податоци. Она за што имаме податоци тоа се податоците на државата Македонија тогаш кога таа е формирана после ИИ Свтетска војна и оние процеси кои се настанати во врска со државата Македонија и пред се заради субстрактот заради кој е настаната државата Македонија. А тој субстракт, таа национална димензија е македонскиот народ, македонската нација. Заради тоа настанала

македонската држава. Инаку би била дел од српската држава, ќе била дел од бугарската држава, ќе била дел од грчката држава.

Во тој контекст, првото големо миграционо приближување, кое што се случува во Република Македонија е придвижувањето после Граѓанската војна во Република Грција 1948, 1949 година, кога огромен број македонци по потекло се иселуваат од северните предели на Грција и во период од 10 години ја населуваат територијата на денешна Република Македонија.

Вториот голем миграционен бран е бранот во 50-тите години на иселување на турското население од Република Македонија, кога над 100.000 турско население се иселува во државата Република Турција.

И третиот голем бран на населување, значи миграциони движења во Република Македонија  е бранот во 60-тите години, кога после стопанската реформа и олабавувањето на стегите, во тоа време, на Комунистичката партија на Југославија, се дозволува реално мигрирање на населението и голем број на механички прилив, пред се од јужните делови на Србија, потоа од источните делови и јужните делови на Косово мигрираат пред се во северозападните делови на Република Македонија, во Кумановско, Скопско, Гостиварско, Тетовско и Струшко.

На таков начин, со таквите миграциони движења се врши етничка дисторзија во Република Македонија и пак ќе кажам, се нарушува националниот субраскт, се доведува во прашање. Дури, во меѓународните разговори и во менародните дебати се доведува во прашање дали Република Македонија навистина е држава, кога таа држава настанала - сеуште во Брисел ќе слушнете или во Женева дека Македонија е коминтерновска творба. Потоа, сегашноста се доведува во прашање. Беше доведено во прашање знамето на Република Македонија. Беше доведено во прашање иметон а Република Македонија. Дали ние се согласивме дека тоа се додавки или придавки, дали се инклитики или проклитики, важно е дека ние го сменивме името, важно е дека ние го сменивме и знамето и на таков начин се доведува во прашање и иднината на Република Македонија, а во тој случај се доведува во прашање и иднината на Република Македонија и на сите граѓани кои живеат во неа како граѓани на Република Македонија, но пак изведен од националниот субстракт кој што ја создал Република Македонија, тој субстрат кој што направил Република Македонија да се вика Република Македонија е македонската нација. Тоа е тој историски контекст кој треба да се има предвид кога се дискутира за државјанството, бидејќи државјанството по својот карактер е правен однос. Правен однос на идентификација на секоја физичка индивидуа со општественото,

политичкото односно економското уредување на секоја земја. Во конкретниот случај тоа е Република Македонија. Кога станува се државјанин на една држава, многу е важно е кога ќе станете државјанин дасли вие се идентификувате со државата во која живеете, дали таа држава ја сметате за своја држава, дали сакате да живеете во неа, бидејќи државјанството не е само правна норма, не е само документ, државјанството има и морална димензија. Таа морална димензија се искажува пред се преку она што значи дека секој треба да дефинира зошто е државјанин на Република Македонија. Може да биде државјанин на Република Македонија по род, може да стане државјанин на Република Македонија поради спортски мотиви, па има такви ракометари во Република Македонија, шахисти кои оцениле дека Република Македонија е земјата каде што тие ќе ги покажат своите спортски квалитети. Може да се стане државјанин на Република Македонија од економски мотиви, посиромашните предели на Јужна Србија како Медвеѓе, Бујановац, Прешево, Сурдулица, Власотинце, Босилеград, потоа Косово, со децении наназад, кажав после стопанската реформа во 1960 година, мигрираат во пределите на Кумановско, Скопско, Тетовско, Гостиварско, затоа што има побогата земја, затоа што подобро се живеело и историски и сега се живее подобро и затоа тука е економскиот мотив. Мотивот може да биде социјален, тука се даваат повеќе пари за детски додаток, тука се води поголема грижа за децата, има подобар образован и здравствен систем и сето тоа натерало многу луѓе, велам дозволено, во таа поранешна СФРЈ да дојдат во Република Македонија, но со нивното доаѓање заради инперфектноста на таа држава и заради инперфектностса на нашата сегашна држава Република Македонија, после независноста од 8 септември 1991 година, повторно тие проблеми да не ги реши. Оттука е изведено како карактер што значи државјанството, односно карактерот на државјанството како правен основ и морална димензија, сега доаѓа временската димензија во која денес се наоѓа Република Македонија.

Дали она што го правиме како процес на чекорење кон Европската унија, како процес на чекорење кон сите меѓународни асоцијации кои постојат во светот, дали тоа истовремено значи придобивка за Република Македонија. Дали потпишиувањето на она што значи Конвенција за државјанство од 1997 година и ратификација во 2002 година, експлицитно и антиципативно ни наметнува дека ние мораме тоа да го примениме во Република Македонија. ООН имаат Повелба во која стои дека тие ќе го почитуваат суверенитетот на секоја држава, самоопределувањето на секоја држава, Република Македонија не ја почитуваат. Република Македонија е заведена во ООН уште во Југославија под уставно име Социјалистичка Република Македонија. Тие не го

почитуваат тоа. Не признаваат со додавки на името - Поранешна Југословенска Република Македонија. Дури и тогаш кога Југославија не постои, ја нема Југославија, останавме што се вели народски - “коњот го нема, оглавот го гледаат” - Поранешна Југословенска Република Македонија да ги потсетуваме дека некогаш постоела Југославија. Значи, ниту ООН, ниту Европската унија, која се обврзала да го почитува суверенитетот на секоја држава, не ја почитува Република Македонија на начин како што треба да ја почитува, не го почитува нејзиното име, а ние сме државјани на Република Македонија. Ние не сме државјани на Поранешна Југословенска Република Македонија.

Значи, тука останува прашањето дали таа потпишана Конвенција и ратификувана, а да ви кажам сега искрено ратификувана е со тешки дебати во Министерството за надворешни работи дали треба да ја ратификуваме, дека тоа ќе предизвика многубројни проблеми за македонската држава, за она што во овој чувствителен момент претставува Република Македонија, дали ќе предизвика меѓунационални тензии, дали ќе предизвика повторно разгорување на некои меѓуетнички омрази, дали цели етнитети во Република Македонија ќе се најдат навредени, понижени или обесправени.

Од тие причини ценам дека временската димензија не ни одговара, а ако нешто не ни одговара, нема сила што може да ја натера Република Македонија посебно не македонскиот Парламент да донесе ваков закон, ако е на штета спротивно на интересите на македонските граѓани. А дека е спротивно  на интересите на македонските граѓани ќе направам една дигресија, ќе го дадам примерот со Законот за амнестија кој што го донесовме тука, кој што исто укажува на еден таков причинско последичен тек на нешта. Ние сите тука заедно се договоривме дека на Република Македонија и е од интерес да амнестираме 14.500 млади, способни момчиња во Република Македонија кои што не се одзвале на поканата да служат воен рок во Република Македонија и тоа го сторивме тука речиси едногласно, затоа што на таков начин оценивме дека е интерес на Република Македонија да ги социјализира тие граѓани. Но, да ве потсетам само на еден случај. Соединетите американски држави, како еден од основните творци на НАТО алијансата и сегашен креатор на политиката и стратегијата на НАТО. 1963 година Светскиот шампион во бокс, господинот Мухамед Али затоа што не се одзва да отиде на покана во Виетнам, не да ги штити интересите на државата, да биде  поканет на воена вежба или како што нашите граѓани беа поканувани да служат воен рок, туку одби да оди во Виетнам, беше осуден на пет години затвор и конфискација на целокупниот имот. Значи, тоа што важи за САД неважи за Република Македонија, ако ние оцениме дека со

тоа нашите граѓани ќе бидат социјализирани, ќе бидат вклучени во процесот на општествено - економско живеење и на таков начин ќе ги уживаат благодетите на она што го прави, што го твори, што во иднина ќе го создава македонската држава. Тука се едноставни принципите, затоа ја направив таа дигресија.

Уште еднаш ќе повторам, овие практични причини ги кажувам за да се увериме дека не мораме да прифатиме нешто што ако ни е дадено како глобална цел, во даден момент кога се бориме да ни се признае името, кога сеуште имаме недефинирана граница со територија која во моментот е поранешен дел на Србија и Црна Гора, а во моментот протекторат на меѓународните сили, каков ќе биде статусот на македонската граница. Се појавуваат аспирации, се даваат изјави од одредени генерали, тука во Македонија се водат дебати и сето тоа е под знак на прашање, дали во ваков момент, во толку чувствителен момент, треба да донесуваме ваков закон за државјанство. Сигурно дека не треба да го носиме, затоа што глобалната цел дека ние со еден ваков глобален пристап ќе решиме и кои се македонци по род и потекло, и како иселениците треба да добијат македонско државјанство, и како оние кои во овој момент предизвикуваат конкретни проблеми, треба да им го решиме проблемот, сето тоа се проблеми кои глобално не можеме да ги решиме. Глобално ќе ги решиме тогаш кога Република Македонија ќе влезе како полноправен член на Европската унија, кога ќе бидеме сигурни дека зад нас стои правниот, политичкиот и економскиот систем на Европската унија и дека тоа ќе не заштити како полноправни граѓани на Европа. Само во таков случај ние можеме да бидеме сигурни дека сите граѓани во Република Македонија, под тоа сино знаме со жолти ѕвезди ќе бидат безбедни, зашто нема да има антагонизми, нема да има повеќе и помалку привилегирани граѓани, нема да го има оној вековен антагонизам - ние сме тука постари, ние сме на етнички простори, вие сте дојдени или ние сме дојдени - проблемот е само во времето, кој, кога и како е дојден на овие просторир на Балканот.

Едноставно, од овие три причини, историскиот контекст, она што претставува временската димензија, карактерот на државјанството, ние во овој момент таков глобален пристап не можеме да прифатиме. А не можеме да прифатиме не само од суштествени, туку и од практични причини. Ќе кажам кои се тие практични причини.

Решавајќи го проблемот на оние кои мејанички се доселувале во Република Македонија, не заради инперфектноста на нашата држава, кажав порано, уште во други услови, во еден монизам, во едно друго време, и тие претходници кои седеле во тогашниот македонски парламент или Собрание, дводомно или тродомно, како беше веќе заборавив, неуспеале да го решат проблемот на живеалиштето на тие луѓе. Вие имате

луѓе кои се доселиле во Република Македонија со децении порано, а никој не ги евидентирал. Дали се тоа Бошњаци во Горно Врановци или Оризари, дали се тоа албанци од Косово во Липково, Ваксинце, Шипковица, не е битно. Битно е дека тие луѓе дошле, се породуваат во Република Македонија, порано во Клиниката за гинекологија и акушерство при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Република Македонија, имаат некој извод дека се тука родени, меѓутоа, живеалиштето не им е регулирано. Сеуште во Катастарот и ден денес, во постојниот План на Република Македонија - на 8 декември ќе го гледаме Просторниот план, таму стои дека е земјоделска површина, каде што има куќи, каде што има огради, штали, каде што има живот, но то не евидентирано. Не е евидентиран дури купопродажниот договор, а купопродажниот договор гласи дека некое лице купило од друго лице земја, меѓутоа таа не е пренесена. Човекот албанец сеуште обработува земјиште на некој македонец, или човекот македонец сеуште обработува земја на некој албанец. Иста е состојбата и со "Дижонска", иста е состојбата и во Шуто Оризари - знае поранешниот градоначалник кој е тука - иста е состојбата, односно не е регулирана, немаме детални урбанистички планови, немаме урбанистичка документација, не можеме да решаваме државјанство, затоа што ако го решаваме државјанството тоа е врвот, шлагворд на нешто што треба да го решаваме. Тука доаѓа Законот за земјоделско земјиште, Законот за градежно земјиште, тука доаѓа Деталниот урбанистички план, Просторниот план на Република Македонија, тука доаѓаат многу закони кои прво треба да ги решиме, па дури потоа ќе дојде законот за државјанство. Тие граѓани тука живеат, тие граѓани се дел од Република Македонија, создаваат во Република Македонија на еден или на друг начин. Сега, некои се попаметни бидејќи не се евидентирани и не лаќаат струја, телефон, земјишна рента, други се упорни и плаќаат се, но на крајот на краиштата како што вели статистиката, во просек толку е во Македонија процентот на наплатата на давачките на домаќинствата на сите граѓани на Република Македонија. Едноставно, ние имаме несовршен општествено - економски систем и мораме на тие луѓе да им помогнеме кои се нашле, заради таа несовршеност, заради грешка на државата, бидејќи сега државата го формира тој однос на поединецот така да се идентификува. Точно е тоа, но и државата дава мотиви зошто некој би се идентификувал да биде граѓанин на Република Македонија, да се чувствува македонец како државјанин, а потоа македонец од албанско етничко потекло, турско етничко потекло, бошњачко етничко потекло, влашко етничко потекло, од ромско и од српско етничко потекло. Ако заборавив некој нека ми простат. Едноставно тоа е принципот на кој мораме да истраеме и тоа е принципот на кој

што според мене четвртата точка треба да се разреши проблемот со законот, измените и дополнувањата на Законот за државјанство. Тој принцип е значи ограничен принцип.

Кој е конкретниот проблем во Република Македонија?

Конкретен проблем е постојано живеалиште. Конкретен проблем е знаење на македонскиот јазик, доволно толку за да се разбере со околината граѓанинот. Како ние ќе оцениме во Танушевци, кога немаме ни урбанистичка гокументација, дали тој човек таму живее 10, 20 или 30 години, кога тој човек ниту доаѓа во Скопје, ниту му треба Скопје. Во поранешната Југословенска федерација тие пазаруваа во Витино, се мажеа во Витино, се женеа во Витино. Незнае македонски. Не му треба македонскиот јазик, не комуницира со македонците. 100% населението во Малино Маала, Врест и Танушевци е албанско. Јас таму сум бил, сум работел и затоа го велам ова.

Оттука, ако ги изведеме овие категории, тогаш ќе знаеме што е конкретниот проблем. Тие луѓе немаа постојано живеалиште или не може да докажат дека имаат постојано живеалште. Фактички, ургенцијата на Меѓународната заедница не е во тоа да го решиме глобално проблемот, не е во тоа да не наредат вие Конвенцијата мора да ја почитувате. Ургенцијата е за тие конкретни за кои говореше господинот Дика. Тие луѓе се со име и презиме.

Што треба да направи, според мене Министерството за внатрешни работи на Република Македонија? Треба да ги идентификува.

Така направивме со Законот за амнестија, за луѓето кои не служеле војска. Со име и презиме, под број. Дали се 500 дали се 1000, 2000 не е битно. Битно е дека треба да знаеме кои се тие. Дали се македонци, роми, дали се бошњаци, дали се албанци и тоа не е важно. Важно е дека треба да знаеме во кое населено место постои таков проблем, некој човек неможе да докаже дека има постојано живеалиште, не го знае макдеонскиот јазик, а впрочем која институција до сега проверила дали некој го знае македонскиот јазик, господа пратеници? Дали некој има доказ дека некој е прашан дали го поседува во доволна мера македонскиот јазик и дали го знае македонскиот јазик. Постои ли таква институција? Не постои. Тоа е шеста алинеја во редот, но таква институција нема. Ќе се признае некоја диплома од некое училиште, тоа е во ред, го почитуван образовниот систем, но таква институција во Македонија не постои.

Едноставно, треба да изградиме систем. Бидејќи немаме систем, ќе го градиме накнадно. Сега треба да го решиме конкретниот проблем на луѓето, по број да ги евидентираме, да кажеме вие сте таму. Дали тоа ќе се направи со указ, дали со подзаконски акти, со уредба, дали ќе се направи со одлука, со решение на Владата, само

ќе се набројат тие случаи потоа ќе се преиспитаат уште еднаш, па дали ќе се определат сведоци или, како што кажа господинот Дика, уште еднаш по втор пат ќе кажам ќе се оцени нивната трајна врска со Република Македонија како тоа ќе се направи, јас не сум експерт. Постојат експерти во Министерството за внатрешни работи. И, на таков начин, јас во разговорите со претставниците на ЕУ во Република Македонија тоа ми беше кажано. Проблемот и кога разговарав, го укажав, ова реков и ми рекоа - господине Ѓорчев вие сте во право, проблемот е во живеалиштето. Да го скратиме и на 1 година тие не ќе можат да обезбедат живеалиште. И тука е проблемот.

Значи ги квантифицираме луѓето не како бројка, тие се суштества, имаат човечка димензија, ги квантифицираме проблемите на луѓето, се обидуваме практично да ги решиме.

Оттука, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата заклучокот е следен, јас предлагам да го повлечете Предлогот на закон за државјанство, затоа што не е време, кажав од кои димензии, не е место. Можеме да го решаваме во некоја друга полагодна атмосфера, во некое друго време. Баш сега, после пописот, мислам дека и не му е време. Настанаа и други тензии во Република Македонија, а да најдеме начин на луѓето, за кои што говореше во експозето министерот, да им ги решиме комплетните проблеми начин а дали ќе биде тоа конкретна измена или дополна на Законот за државјанство или ќе биде подзаконски акт преку Владата на Република Македонија, да им помогнеме на тие луѓе, но со вистинска намера.

Не да кажуваме тука дека некој е за државјанството поголем патриот, па ние имаме ваков или таков став како ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ има таков став, ДУИ незнам каков став има, ДПА друг став. Едноставно, тоа е државнички проблем. Тука нема политика. Луѓето имаат конкретни проблеми. Некои од тие луѓе не се ниту членови на партии, ниту гледаат Парламент, ниту слушаат Влада, ниту читаат новини. Едноставно имаат мака. Не може да се регистрираат и да си остварат некое елементарно право, или пак да задоволат некоја обврска што ја имаат према државата, Република Македонија. Затоа, уште еднаш ви препорачувам да се изготви предлог што ќе биде конкретен, што точно ќе ги реши проблемите. А, она што останува како доработка, како трајна задача, тогаш веќе да го решаваме на начин кога Република Македонија навистина ќе биде Република Македонија во меѓународни релации. Тогаш сите граѓани ќе бидат државјани на Република Македонија и тогаш ќе можеме многу полесно да ги решиме проблемите со државјанството на сите граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам на господинот Ѓорчев.

Повелете процедурално господине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Јас реков претходно, меѓутоа уште еднаш ќе информирам дека денеска во 14,00 часот Парламентарната група на ДПА ќе отвори една канцеларија во Скопје, во соработка со НДИ и целата наша парламентарна група од 14,00 до 15,00 часот нема да биде во можност да учествува во работата на Парламентот.

Би ве замолил и колегите за разбирање, доколку е можно паузата што е од 13,00 до 14,00, да не бараме пауза на што имаме право како парламентарна група доколку е можно паузата да биде од 14,00 до 15,00 часот, која што пауза ние ќе ја искористиме да ја завршиме нашата активности во 15,00 ќе бидеме тука. Доколку има можност и доколку има разбирање од другиот, да не бараме ние пауза како парламентарна група, туку да се одложи паузата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи тоа беше упатено до пратениците, еве јас исто така можам да го упатам, дали се согласувате да ја направиме паузата од 14,00 до 15,00 часот, поради причините што господинот Дика ги наведе.

Добро, продолжуваме со работа.

Збор има пратеникот Невзат Бејта, а по него е пратеникот Силвана Бонева.

Повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам господине претседателе.

Ве поздравувам сите, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Денеска, пред нас имаме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство, измена што граѓаните долго ја очекуваа. Затоа што правото на државјанство е дел од човековите права и слободи на граѓанинот, каде од уставен аспект значајно место зазема и правото за државјанство. И Уставот на Република Македонија опфаќа посебно поглавје за гарантирање на човековите права, слободи,човековите слободи, национална еднаквост и уште еднаш треба да се истакне дека Република Македонија ја потпиша Европската конвенција за државјанство.

На 6 ноември 1997 година ја потпиша оваа Конвенција. Законот за државјанство, усвоен е еден закон по Уставните измени, Закон за спроведување на Уставот 1991 година, на 11 ноември кога Република Македонија се конституираше како независна и

автономна држава. Значи, на 27 октомври 1991 година се усвои и беше објавен во Службен весник. Овој закон беше дел на приоритетните закони во кој беше и Законот за спроведување на Уставот и статусот на граѓаните, државјаните. Тој претставува еден од атрибутите на една држава што е самостојна, независна и модерна држава. Односно, накратко кажано, таму каде што нема држава нема ни државјанство. Затоа и државјанството на нашите граѓани, нерешениот статус на некои граѓани ќе се реши. Постојниот закон беше многу строг и дискриминирачки за граѓаните и поради него многу граѓани останаа без државјанство на оваа држава и на други држави. Овој закон е строг и во однос на странските државјани што ги исполнуваа условите, врз основа на Конвенцијата, меѓутоа, не и врз основа на условите на Република Македонија.

Со постојниот закон, за да се добие државјанство, не зависеше од законот, туку зависеше од факторот човек. Значи, се даваше право на едно лице кое раководи со еден сектор да решава по своја волја дали ќе даде државјанство или нема да даде државјанство на едно лице.

И, кога сме кај ова, многу раководители во изминатите влади, посебно во последната Влада правеле злоупотреба на функцијата и во многу случаи кога наши граѓани поднесувале молба, во согласност со законските одредби, не ги предавале каде што треба, туку ги пренесувале на несоодветни места. На овој начин, изминатите влади правеле погрешно толкување на законот и работеле по свој интерес. Луѓето кои требале да добијат државјанство биле зависни од теснопартиските интереси. Во најголем број случаи граѓаните кои немале финансиска моќ да им дадат на раководните лица или на одговорните лица, нивните документи воопшто не биле разгледувани. Државјанството го земале оние кои можеле да дадат пари за да добијат државјанство. Овој број не е голем, меѓутоа најголем број на граѓани кои биле убедени дека еден ден ќе се спроведе законот и правото и тој голем број на граѓани го очекуваат денешниот ден.

Има многу случаи кога наши граѓани живееле во поранешната југословенска федерација, останале без државјанство по осамостојувањето на Југославија. Со оглед на фактот дека тоа не е соодветно регулирано со сегашниот закон, тоа влијаело да останат без државјанство. Имаме случаи кога внукот ја прашува бабата зошто нема државјанство, синот родителот и тн...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам ако може побавно да читате затоа што преводот треба да ве стигне.

НЕВЗАТ БЕЈТА.

Ова го забележав и од средбите што ги имав со граѓаните од сите населени места каде што како главен проблем го поставуваа прболемот на државјанството. Зошто членовите на нивните семејства кои ги исполнуваат законските критериуми и ден денеска немаат државјанство? На граѓаните им ветивме дека новата Влада односно Министерството за внатрешни работи ќе даде предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство. Треба да се истакне дека посебен придонес има во ова Министерството за внатрешни работи.

Има значајни измени во членот 3 каде, исто така измена на членот 7 од сегашниот закон и треба да се поздрави и точката 2 од овој член. Направено е едно усогласување со законите од некоја од развиените држави од Западна Европа, како на пример на Велика Британија, се вели дека предвидено е до понесување на молба да се има непрекинат престој од пет години. Во Италија исто така пет години. Додека со стариот закон кај нас беше 15 години, а сега, со Предлог-законот се предлага 8 години, што не значи дека во иднина треба да се намали на 5 години, да се сведе на 5 години.

Со оглед на тоа дека говориме за овој член на законот, сакам да го спомнам тоа што биле најдискриминирано во сегашниот закон. Тоа е точката 7 од овој член, затоа што најголем број од граѓаните се од албанска заедница, им било негирано ова право од одговорните органи, без никакво образложение.

Со Предлогот на законот е предвидено органите да дадат образложение за донесување на одредена одлука. Со ова веќе нема да може да се врши дискриминација кај граѓаните.

Исто така, сакам да го спомнам и членот 14 од Законот каде сега на оние граѓани на кои после 1991 година не се пријавиле во соодветниот рок за да го потврдат државјанството на Република Македонија, сега им се дава.

Знаејќи дека бројот на таквите граѓани е доста голем затоа што работеле во поранешна Југославија, мислам дека новиот рок од две години ќе им овозможи на овие граѓани да се стекнат со државјанство.

Пред да завршам би сакал да кажам уште два збора што не успева да ги кажам при репликата.

Претставниците на изминатата власт дадоа поддршка на сегашниот закон и се обидоа да направат нов закон со работата што ја вршеше поранешниот заменик министер Рефат Елмази. Меѓутоа, тој закон не кореспондира, не содејствува со измените што се прават на сегашниот закон.

Како заклучок, како пратеник на ДУИ ќе дадам поддршка на изменувањето на Законот за државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Ружди Матоши, реплика.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ве поздравувам господине претседателе,

Јас би сакал да му реплицирам на колегата Бејта. Имам три минути.

Вистина е дека во 1991 година законот беше лош. Се согласуваме. Вистина е дека инсталираната администрација во областа на државјанството беше лоша. Меѓутоа, не се согласувам со вас господине Бејта кога велите минатата власт, сегашната - минатата - сегашната. Треба да бидете јасни што се однесува до Законот за државјанство, треба јасно да кажеш граѓаните кои имаат брачна заедница односно се во брачна заедница со државјани на Македонија, граѓани кои се родени тука, нивните родители се надвор од Македонија, немаат државјанство, која е процедурата? Граѓаните кои што се родени тука, нивните родители се надвор од Македонија, немаат државјанство, значи која е процедурата? Граѓаните кои имаат постојани врски тука, каква е процедурата за да добијат државјанство? Граѓаните кои живееле пред 1991 година чие право за државјанство им е одземено, која е процедурата за нив? Тоа треба да им го објасниш на граѓаните господине.

Што се однесува до изминатата влада, во однос на заменикот министер за внатрешни работи што го спомнавте, господинот Рефат Елмази, сакам да ви кажам само нешто. Во Тетово, ние кои имаме многу проблеми со државјанството, вашиот коалиционен партнер, таа лоша администрација што вие ја спомнавте имаше таму еден човек, една жена, Олгица која душата ни ја изеде 8 години и нашиот заменик министер нејзе ја отпушти. Зелениот картон, зелената лична карта, ние тоа го напрвивме за 2 часа ја издававме за 2 часа, таа што ја издаваше вашиот коалиционен партер за два месеци.

И второ, граѓаните од албанските населени места ги знаат многу добро и процедурите на полициските шалтери, колкав беше редот надвор кога чекаа луѓе за да добијат документи. Луѓето стануваа сред ноќе за да одат на таа редица, за да чекаат, за да стигнат на место. Нашиот заменик министер сите тие процедури ги отстрани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа вашите три минути.

РУЖДИ МАТОШИ:

Мора да разговарате со аргументи. Ние сакаме успеси од ДУИ, меѓутоа немате никаков успех. Нашиот барометар до сега нема регистрирано ниту еден успех од ваша страна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате контра реплика господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Нема да навлезам член по член. Само ќе кажам зошто поранешниот ваш коалиционен партнер е загрижен со измените на Законот за државјанство. Зошто е загрижен?

Ќе земам еден пример. Албанските граѓани со децении биле малтретирани за да добијат пасош. А, со доаѓањето на оваа влада нема ни една жалба од страна на албански граѓани кој е малтретиран за да добие пасош. Сите проблеми што ги имаат, што се во согласност со измените и дополнувањата на Законот за државјанство, граѓаните ќе ги решат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

(Пратеникот Ружди Матоши, бара збор за реплика)

Немате право. Пријавете се.

Господинот Зиди Џелили, има реплика на обраќањето и зборењето на господинот Невзат Бејта.

Повелете имате три минути.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Благодарам господине претседател.

Вистина е дека проблемот со државјанството се влече долго време веќе во Република Македонија, што значи односно од 1991 година па наваму, дури во текот на владеењето на ДПА и ВМРО. И токму поради овој факт беше добар момент, после условите што се создадоа во државата, после курсот што сака да го следи Република Македонија во насока на интеграција на ЕУ и другите меѓународни институции, овој проблем еднаш засекогаш да се реши.

Тука лежи нашата забелешка дека вие, почитувани господа ја имате шансата да го решите овој проблем, затоа што со овој проблем се соочуваат голем број на граѓани кои токму со членот 14 не успеваат да ги решат своите проблеми. Членот 14 што предвидува постојано живеалиште, сега му се додаваат и други услови. Што значи, наместо да има

олеснувања, има отежнувања. Затоа, вие сега имате можност да ги измените овие ситуации, овие состојби и, доколку успеете во тоа, тогаш ќе ги решите проблемите на граѓаните.

Инаку, јасно ви велам дека ниту една измена на Законот не сте направиле. Ова треба да го знаат граѓаните, а ова набрзо ќе го забележат истите граѓани кога ќе се обратат до Министерството за внатрешни работи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со претрес.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, а нека се подготвува Сашко Кедев.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани пратеници,

Со Предлогот за измени и дополнувања на Законот за државјанство се врши усогласување со Европската конвенција за државјанство и со меѓународнит еправни стандарди од оваа област. Со овие измени кои се предложени денеска пред Парламентот пред се  се создава правна основа за надминување на проблемите во праксата при одлучувањето за поедини барања и практична примена на Законот.

Исто така , сите овие измени содржани во овој предлог значат имплементација на Рамковниот договор, меѓутоа,  во јавноста претходеше расправа на оваа расправа во Парламентот, јавна дебата во однос на предложените измени на Законот за државјанство. Веќе подолго време се дебатираше околу конкретните предложени решенија и притоа особено жестока во критиките беше опозицијата која не го подржува изгласувањето на овој закон. Се разбир асе изнесоа и различни аргументи и за и против, различни оценки и тие денес кулминираат во собраниската расправа.

Имено, сметам дека од она што беше искажано од страна на опозицијата во дебатата во јавноста и изјавите дадени од страна на опозицијата дека се сосема непотребни, штетни, невистинити нивните изјави дека овој закон содржи такви решенија кои според нив се загрозува и се доведени во прашање државните интереси, безбедноста во  Република Македонија , се нарушува демографската и етничката карта на населението и дека овој закон наводно според опозицијата е национално предавство на Република Македонија  и за интересите на Македонците.

Навистина, ваквите тези не можам да ги прифатам и ваквите тези не само што се неточни, туку се и злонамерни и тенденциозно исконстуктуирани за дневни политички поени од страна на опозицијата.

Имено, ова е позната стратегија од страна на опозицијата со цел да се придобијат оние ефекти кои сака опозицијата да ги прикаже преку изнесувањето на одредени невистини и лажни тези. Имено, со тоа опозицијата сакајки себе си да се прикаже како наводно единствен заштитиник на националните интереси, всушност се создава опасност од тоа , која е и многу поголема дека бидејки преку изливот на таквито лажен патриотизам на опозицијата всушност се преминув ана полето на национализмот што најмалку во овој момент и е потребно на Република Македонија . Но за жал и тоа се на периоди еден од препознатливите белези на однесувањето на опозицијата. Затоа и впечаток е дека намерно се настојува да се искористи ова чувствителна тема во Република Македонија и преку манипуација со фактите, и што е најважно со фрагментарно толкување и читање на законот да се подигнат наводно некои национални чувства.

Сметам дека е крајно време да се надминат ваквите застарени размислувања кои не водат само назад и во самоизолација и од кои веќе имаме извлечено поуки и искуства. Зошто, го поставувам прашањето, вештачки од определени политички опции кои беа поразени ни се наметнува страв, сомнеж и недоверба дека секогаш некој на некого нешто дава и дека постојано прави отстапки за него, а опозицијата во целата таа театарска претстава глуми загриженост дека постојано има некаков проблем, а всушност нема никакви аргументи за тоа.

На тој начин господа пратеници од опозицијата не се гради доверба, ниту пак се донесуваат и создаваат правни норми кои би гарантирале еднаквост и сигурност. Се разбира можат моментални политички поени да се соберат меѓутоа за тоа секој си ја сноси својата одговорност.

Во законот не постои никаква можност и нема одредби кои упатуваат на тоа дека се точни наводите на опозицијата. Имено го поставувам прашањето со што според опозицијата се загрозени националните интереси. Дали со тао дека со новото решение дека за времетраењето на законскиот престој во Република Македонија од 8 години, како еден од условите за стекнување на државјанство се загрозува националниот интерес. Секако дека не. Тоа е:

Прво, европски стандар и просек што е содржан во Европската конвенција за државјанство и тоа како препорака. И не само тоа. Времето на престој не е ниту

единствен, ниту пресуден услов за добивање или не добивање на државјанство, туку во законот се наведени уште 9 други услови кои кумалативно, тоа значи истовремено треба да бидат исполнети за да едно лице се  стекне со статусот државјанин. А тоа се: да го познава макеоднскито јазик, да има обезбедено живеалиште, работа, да не е осудуван и да не ја загрозува безбедноста.

Понатаму, дали со тоа што се овозможува на одреден број лица да можат да аплицираат за добивање на државјанство се менува структурата на населението и со тоа повторно се загрозува безбедноста или се доведени во прашање некои државни  или национални интереси. Секако дека не, затоа што не се точни тврдењата на опозицијата дека со тоа наводно ќе се овозможело и притоа се истакнуваат некои паушални бројки од 100 илјади лица да се стекнат со државјанство и дека со тоа се доведува во прашање опстанокот на макеоднската нација, а со апсурдите се оди дури и до таму што се вели дека државјанството ќе се давало и на лица кои нелегално престојуваат во  Република Македонија .

Ова е едноставно невозможно од две причини.

Прво, затоа што законот бара единствено законски и постојано да живее во Република Македонија  и

Второ, категоријата на диво претстојвуање односно нелегално претстојување со бројка од 100 илјади лица е тотоално нелогична и невозможна затоа што во земја од 2 милијони жители, како што е  Република Македонија  сега во моментот треба на улица просто кажано да шетаат секој 20 -ти жител да шета како илегалец, што е нешто невозможно, меѓутоа кога тврди нешто ВМРО-ДПМНЕ треба добро да се замислиме.

Понатау, со законот се помага и се искажува една политичка и добра волја на лицата кои не успеале да го запазат рокот при осамостојувањето на  Република Македонија  да поднесат барање за стекнување државјанство од било кои причини , субјективни, разни административно-технички или други објективни причини од функционирањето на државните органи или пак кои зависеле од тие лица.

Според официјални податоци на  МВР се работи само за неколку илјади лица кои не се, а не за неколку стотини илјади, кои морам да потенцирам не се само од една националност, независно која и да била таа национаност.  И независно од се друго овие лица на кои се сака да се помогне факт е дека се наши лица, наши граѓани и од тоа нема отстапвуање, нема бегање. Тие реално биле наши државјани кои живееле во  Република Македонија  за време на СФРЈ и имале, поседувале Југословенско тогашно државјанство. Тие нит ќе ја променат демографската структура како бројка, а исто така не се само од

една националност, а посебно не се само од албанска националност како што истакнува ВМРО-ДПМНЕ, посебно од причина што не треба да ги делиме граѓаните по националност или било која друга различност.

Треба да се води сметка и за заштита на државните интереси, но и за нивните граѓански права, на овие лица што дефакто имаат право да аплицираат за стекнвуање на државјанство, се разбира доколку ги исполнуваат условите. Никој не може да даде на никого државјанство доколку не ги исполнуваат сите услови наведени во законот. Тоа е нашата реалност и ние тој проблем мораме да го решаваме. Друго е прашањето дали тие лица сакаат да аплицираат или дали воопшто ќе аплицираат, а исто така понатаму според законот во постапката постои дискреционо право на органот за внатрешни работи при поединечното одлучување за тоа дали се исполнети сите услови од законто во смисла од заштита и превенција на државните интереси. Исто така согласно ова не значи дека сите што ќе аплицираат по автоматизам ќе добијат и државјанство, затоа што некој нема и да аплицира, а оној што ќе аплицир ане ги исполнува сите услови. Тука треба меѓу другото секогаш да се имаат предвид и анализите со бројки на тие лица што самите бараат отпус од макеоднско државјанствои тоа од најразлични причини при што доколку се компарираат овие бројки се изедначува или на некој начин се неутрализира бројот на оние што бараат државјанство и бројот на оние кои бараат отпуст од државјанство.

Апсолутно немаше логика и никаков основ барањето на опозицијата дека треба да се почека со донесувањето на законот за државјанство до објавувањето на податоците од пописот односно до донесувањето на законите од областа на територијалната поделба и децентрализацијата.

Господа резултатите од пописот се веќе објавени и го поставувампрашањето што може реално, која е поврзаноста помеѓу пописот и овој закон за државјанство и што може реално да се промени и пописот да влијае на донесувањето на овој закон. Затоа ова беше потполно бесмислена теза на опозицијата бидејки факт е дека ние имаме фактичка ситуација со населението во Република Македонија , а со пописот само треба да се утврди и констатира една веќе постоечка ситуација на теренот. Пописот за разлика од овој закон и условите кои се предвиденив о него е само една техничка, математичка и статистичка операција а не е средство и инструмент за манипулација со бројто и структурата на населението. Пописот е независна, а не политичка метода за остварување на политички цели.

Понатаму, факт е дека прашањето и условите за стекнување односно остварување на правото за државјанство немаат никаква врска со резултатите од пописот или законот

за територијална поделба, како што бараше и тврдеше опозицијата. Едноставно прашувам што ќе правевме со ваквите тези на ВМРО-ДПМНЕ доколку ова не беше пописна година, а треба да донесуваме закон за државјанство. Дали тогаш според нив ќе треба да чекаме уште десетина години, до наредниот попис за да донесеме закон за државјанство или требаше паралелно со тоа само за да има логика нивните парадоксални тези постојано да измислуваме нови закони за територијална поделба на општините во Република Македонија .

Господа пратеници ние како Парламент и како пратеници не смееме да ги прилагодуваме во никој случај законите на дневни околности туку треба да донесуваме закони кои ќе бидат општоприфатливи за најголемиот број од граѓаните на Република Македонија .

Нема бегање од фактите, пописот е едно а услвоите за стекнување на државјанство се сосема нешто друго и граѓаните кои си ги исполнуваат условите слободно може да си ги остваруваат своите права за остварување на државјанство. И без пописот имаме фактичка ситуација на населението и на граѓаните. И без и пред пописот овие граѓани што живеат во Република Македонија независно од пописот и пред него можеа да ги остваруваат своите права во законска постапка. Или можеби ВМРО-ДПМНЕ мисли дека со такви изјави, зависно од пописот ќе може некому да додава, или да одзема или евентуално ускратува права.

Опозицијата лансираше уште една лажна теза дека наводно е укинато досегашното право за стекнување со државјанство со природување за макеоднците по потекло кои живеат надвор од Република Македонија ако тоа претставува особен национален интерес. И ова опозицијата исто така го нарекува национално предавство.

Сакам да разјасниме. Ни еден граѓанин во Република Македонија , го користам терминот граѓани, се разбира вклучувајки ги и макеоднците бидејки и тие се како и сите други рамноправни заедно со систе други граѓани, а не некоја друга категорија на граѓани, значи ни еден граѓанин не е оштетен затоа штоовој закон вели дека сите граѓани по потекло од Република Македонија кои живеат во странство и т.н. и т.н. е национален интерес на Република Македонија да се стекнат со државјанство. Овде треба да се потенцира дека никако, и тоа е основната грешка односно намерно опозицијата се обидува да ја доведе во заблуда пошироката јавност, а јас да потенцирам дека никако не треба да се мешаат и да се доведат во врска термините државјанство и национална припадност односно национално чувство за национана припадност.

Имено, македнците по потекло кои се родени надвор од Република Македонија формално правно, согласно сите законски прописи, како и сите други граѓани се во категоријата странци бидјеки немаат статус на државјани на Република Македонија , независно од чувството национална припадност кое никој не го оспорува и врз основа на тоа чувство секој ги има правата да си аплицира и да си го оствари правото на државјанство, а притоа овие македнци факт е дека живеат по други држави, што беше образложено и во експозето на минситерот за внатрешни работи. Но како и сите други граѓани согланссо законот така посебно и за овие македонци државјанството подеднакво претставува национален интерес на Република Македонија и тие имаат и слободно може да си ги користат своите права и да се здобијат со државјанство согласно критериумите наведени во законот. Значи, очигледно се работи за манипулација на опозицијата со терминот “ граѓанин” во кој спаѓаат сите националности за да се создаде впечаток дека македонците биле намерно изоставени и со тоа било направено божемно национално предавство.

Почитувани пратеници,

Сакам да потенцирам дека државјанството претставува правна врска односно двостран правен однос помеѓу граѓанинот и државата. Притоа за сметка на правата што државата ги обезбедува и дава на граѓаните тие од своја страна се должни да ги почитуваат законите и поредокот во државата. Ова бидејки статусот на државјанство не значи само од една страна ползување на права туку за сметка на тоа и право и должност на државата да бара преку своите услови содржани во законот да обезбеди лојалност на граѓаните и токму затоа секоја држава и Република Македонија преку законските прописи што ги донесува си ги гарантира своите државни безбедности и секакви други интереси као држава.

Овој закон и тоа како води сметка за државните интереси и поради сите погоре наведени образложенија, неосновани , неиздржани, неточни се наводите искажани во јавната дебата на опозицијата за наводни загрозени национални интереси бидјеки истовремено се води сметка и со овој закон и со неговит еодредби и грижа за почитување и остварување на правата на сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат законските услови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеникто Ганка Самоиловска -Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Секое различно или поинакво мислење презентирано од оваа собраниска говорница кое не се совпаѓа со мислењето на пратеници од СДСМ не е лажно мислење. Станува збор за различни мислења, но очигледно некои пратеници иако се релативно млади по возраст сеуште живеат во периодот на едноумието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кондарко имате право на една минута.

БОРИС КОНДАРКО:

Госпоѓо Самоиловска јас незнам Вие во која старосна категорија припаѓате, меѓутоа јас токму тоа и го говорев. Вашите мислења се ваши мислења, а јас ги кажав мислењата за кои мислам дека се точни и ги презентирав оние ставови кои ние сметаме дека се точни и затоа сметам дека во дискусијата понудив соодветни образложенија и аргументи. Никој не ја спори различноста на мислењата и различноста на презентацијата на аргументите во расправата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Трендафилов има реплика од три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Она што упорно не сакаат да го сватат одредени претставници од Владата и на СДС, мошне добро го кажа г. Костов во неговото, како што тој го нарече и јас така ќе наречам, образложување на потребата од изменување на Законот за државјанство. Тоа, имено, најмалку беше образложување зошто треба, во делот каде што тој вели дека, на пример, непосредно пред парламентарните избори 2002 година биле поделени 7517 државјанства и како што вели тој, сите сме запознати дека нивна адреса била Димче Мирчев бб. Сакам да истакнам дека тоа се наши сонародници, значи, Македонци по род, кои не се родени на територијата на Република Македонија, живеат во соседна Албанија, во областа Мала Преспа и токму тие ги добија тие државјанства.

Она што ние постојано го истакнуваме, а СДС се прави дека не може да го разбере, кога зборуваме за Македонците по род, не зборуваме за граѓани по потекло од Република Македонија. Ние зборуваме за Македонци по род. Македонците по род имаат право да добијат државјанство на Република Македонија, без оглед кога и каде се родени.

Впрочем, г. Ѓорчев пред малку зборуваше за миграционите процеси, со кои сите ние сме запознати како нашата нација се соочувала и какви последици претрпувала. Значи, ние зборуваме за тоа. А, дека процедурата таква каква што јасно г. Кондарко како право постои, можеше да биде запознат како пратеник од дописот од Светскиот македонски конгрес, намерно избран случај, кога наш соработник, кој има друга вероисповед од Македонците мнозинство во Република Македонија, поднесува барање за државјанство, а е одбиен затоа што е тој наш сонародник од Гора, не претставува особен национален интерес за г. Кондарко.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Кондарко една минута.

БОРИС КОНДАРКО:

Јас на репликата на г. Трендафилов ќе му одговорам со едно контра прашање. Многу добро што ме потсети за случајот со улицата Димче Мирчев и бидејќи тој прашува кои национални интереси се штитат, јас ќе го потсетам на тој случај кога неколку недели пред парламентарните избори во 2002 година, Владата на ВМРО-ДПМНЕ  подели 8000 илјади фантомски државјанства на граѓани, кои наводно живеат на ул. Димче Мирчев, каде што е седиштето на Министерството за внатрешни работи. Го поставувам прашањето со таа афера што беше јавно обелоденета и ја знаеја сите граѓани, чии или какви национални интереси тогаш штитеше ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Кондарко, или не разбирате или се правите дека не разбирате. Господинот Трендафилов многу добро ви кажа, а вие во вашето излагање цело време упорно кажувате некои работи, кои што опозицијата не треба да ги прави, но не кажувате што се прави. Тука беше тема за разговор законот, вие зборувате цело време за опозицијата, што ние мислиме, како ние размислуваме и што треба да направиме. Кажувате дека цело време некој низ јавноста спроведува некоја теза дека СДС секој нешто што му бара, тие даваат. Тоа е точно така, затоа што пред малку се зборуваше и

за знамето и за името и за тој механички прилив и за ова што денес ќе се случи и за тој попис што вие го гледате како математика и бројки. Тоа е тоа г. Кондарко.

Инаку, вашата теза дека секој дваести моментално што шета низ Македонија е илегалец, ја потврдува тезата на опозицијата дека луѓето кои што ќе добијат сега или малку подоцна државјанства, ќе ја достигне бројката од 100 илјади, ако можете да сметате, или имате нешто пресметано во оваа бројка што ја кажавте тука. Значи, 100 илјади луѓе, кои што сега илегално се шетаат низ Македонија, треба да добијат државјанство. Вашиот министер и нашиот министер ни кажуваше дека тоа е многу мала бројка и се работи за некаде 1500 или 1800 луѓе. Сега, или вие не ги знаете работите, или тој не ги знае работите, но мислам дека со пописот ќе се видат работите, прво, допрва да се разгледаат и да видиме националното предавство е многу опасен збор. Но, проблемот е што не само што ние не ве разбираме, туку не ве разбира целата македонска дијаспора. Нивната реакција преку Светскиот Македонски Конгрес и сите организациии низ светот изгледа не ве разбраа за што се работи. Македонците ги направивте странци. Ете, тоа е идентификацијата и станувaат фантоми според вас и не знаете кои се тие луѓе и кој е македонскиот национален интерес. Мислам дека треба малку повеќе да размислите и да видите за што се работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Кондарко има контра реплика.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Мавровски, вие нафрлавте повеќе работи, меѓутоа, она што е најсимптоматично од се е дека вие ги заменувате тезите. Не е наша теза дека 100 илјади граѓани на Република Македонија наводно би се стекнале со државјанство, туку тоа е ваша теза на ВМРО-ДПМНЕ. Јас се спротивставив на таквата теза со логични аргументи и кажав дека вие не нудите никакви докази во поткрепа на вашата теза. Во таква ситуација е многу опасно да се манипулира со такви бројки, затоа што во недостаток на докази  се користи чувствителноста на ситуацијата, за да се прикажат некои невистини и мислам дека тоа е некоректно од ваша страна. Вие ги лансиравте тие бројки, а немате никакви докази за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник кој се јави за збор е г. Сашко Кедев, а по него нека се подготви пратеникот Трендафилов Ѓорѓи.

САШКО КЕДЕВ:

Почитувна г. претседател, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Конечно, после повеќе од две месечна талкачка процедура низ Собранието, денес имаме прилика да проговориме за Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство. Инаку, овој двомесечен период не беше период кој што се искористи за некаква јавна расправа и конструктивност во однос на изнесување на нашите ставови и забелешки на овој Предлог закон, туку беше само една административна процедура.

Најпрво, би сакал да го фокусирам вашето внимание во однос на значењето на пристапот кон решавањето на проблемот на државјанството. Значи, значењето на законот за државјанство. Најпрво, би ве потсетил дека голем број на избори во Западна Европа, а моментално и претходно во САД, исклучително зависеа од ставот на соодветните странки во однос на ова исклучително важно прашање. Знаеате дека во моментов е предизборната кампања во САД и едно од најглавните прашања на кое што треба да се обратат потенцијалните кандидати е каков е нивниот став во однос на државјанството, во однос на миграционите движења во САД.

Што се случува кај нас? Кај нас веќе станува пракса, Владата на Република Македонија вакви есенцијални закони, кои што директно влијаат на судбината на државата, па и предлага до Собранието по една скратена постапка, по итна постапка, без обезбедување на никакви аргументи, контра аргументи, кои што би го оправдале овој процес во Собранието. Тоа е многу потценувачки во однос на целокупната институција Собрание. Мислам дека претседателот и сите пратеници, посебно пратениците од позицијата, треба сериозно да размислат која улога ја имаат во нивната кариера во моментот, со нивното учество во Парламентот во Република Македонија. Значи, со други зборови се сведува нашето учество овде на една гласачка машина, која што ќе ги протури сите овие несоодветно аргументирани и несоодветно разгледани законски прописи. Мене многу ми е жал што во моментов не е присутен во салата министерот за внатрешни работи, бидејќи се чувствувам и лично прозван да одговорам на еден дел од неговото воведно излагање во однос на нашите преговори, на еден состанок кој што го имавме во однос на постигнување на одреден консензус по однос на едно вакво витално прашање.

Или, поконкретно министерот ја обвини нашата група, која што учествуваше на тие преговори дека бара да постигне ситни политички поени да се декларира по националистички предодредена, а од друга страна не дава никакви аргументи за тоа. И, во претходната дискусија беше елаборирано значењето на пописот во однос на донесувањето на Законот за државјанство. Тука би сакал јавно да кажам дека за време на тие преговори на кој што присуствуваше министерот за внатрешни работи, нашиот став на нашата партија беше дека треба многу сериозно да пристапиме во однос на разгледувањето и донесувањето на измените во законот за државјанство. Значи, прво, да се инсистира на сериозен пристап базиран на аргументи и на факти, а не базиран на сосема паушални и неаргументирани ставови. Токму тука сметавме дека посеопфатна анализа на пописот многу ќе помогне во однос на градењето на национална стратегија, во однос на решавањето и нашиот пристап во однос на решавањето на проблемот на државјанството. Бидејќи, пописот не треба да се гледа само една страна или една табела, каде што ќе имаме приказ на етничкиот процент и процентот на застапеноста на сите етнички заедници во Република Македонија. Пописот овозможува согледување на многу витални параметри, многу факти, посебно кои што при споредба со претходниот попис, даваат многу значајни показатели во која насока се тековните движења во Република Македонија.

Овој Предлог на закон уште еднаш ја потврдува несериозноста на Владата, еден паушален пристап, еден пристап на вештачко одаржување на нивната непринципиелна коалиција само за да се обезбеди континуитет на Владата, без сериозно анализирање на консеквенците од донесување на тој закон. Токму тука и претходната дискусија ни го потврди тоа. Значи, што треба да се случи во Република Македонија и Парламентот да се замисли до каде ќе одиме со вакви непринципиелни и несериозни предлог законски решенија. Само накратко би потсетил дека така во фаза на годишните одмори беше донесен, исто по скратена и итна постапка Законот за високо образование, а консеквенците сеуште не сме ги почувствувале за Република Македонија, меѓутоа, веќе ги наслутуваме, каков импакт ќе има донесувањето на тој закон во однос на квалитетот на високото образование во Република Македонија. Во исто време веднаш после таа седница, неколку, можам да се изразам, маргинални законски проекти беа одбиени токму од претставниците на позицијата, со образложение дека тие законски проекти бараат сериозно размислување и редовна постапка, редовна собраниска активност во комисиите и донесување на консензус. Тие беа одбиени многу лесно.

Не би сакал многу да се задржувам на членовите од предложениот закон за измени и дополнување на Законот за државјанство, бидејќи доста екстензивно беше елабориран од претходните дискусии. Дел од нив беа навистина конструктивни, меѓутоа, сметам дека тие дискусии местото на тие дискусии не беше на собраниска седница, туку некаде во една прелиминарна фаза при носење на ваков закон, во фаза на јавна расправа, во фаза на меѓупартиска консултација. Ништо не гледам лошо дека има во тие меѓупартиски консултации и меѓу сите главни и релевантни политички субјекти во Република Македонија. Напротив, тие регуларни состаноци во значителна мера допринесуваат за унапредување и носење на поквалитетни законски решенија.

Во континуитет сме сведоци на злоупотреба на Рамковниот договор, а во поново време мислам дека и понатаму ќе бидеме сведоци на се поголема злоупотреба на препораките на Европската унија во однос на нашето зачленување. Овој закон е типичен пример на злоупотреба на препораките на Европската унија. Законот за високо образование го злоупотреби Рамковниот договор иако никаде во Рамковниот договор не стоише таква клаузула да се пристапи кон измена на Законот за високо образование. Тој се донесе. Овој закон за изменување и дополнување на законот за државјанство токму тоа го прави и ја злоупотребува Европската унија како институција и ги злоупотребува препораките и нашиот пат кон евроатланската интеграција. Или поконкретно, никаде не стои во препораките на Европската унија дека носењето на ваков закон е од критички значај и еден од условите за прием на Република Македонија во Европската унија. Напротив, и денес слушавме став, официјален став дека за состојбите во Република Словенија. Дека Република Словенија веќе влегува во Европската унија. Меѓутоа, влегува во Европската унија без исполнување на основниот критериум во однос на државјанство. Значи, без задоволување на правото за добивање на државјанство по однос на сукцесија од поранешна Југославија.

Значи, што значеше за Словенија отсуството на придржување на овие законски принципи. Тоа значеше влегување, значи, без никаква импликација немаше овој законски проект на нивното интегрирање во Европската унија.

Многу наивно е да се очекува дека македонската јавност ќе поверува дека ваков есенцијален закон се носи по скратена постапка токму за да се задоволат критериумите на Европската унија. Јас лично се чувствувам потценет, а мислам дека и сите пратеници треба да се чувствуваат потценети во однос на еден така провиден став. Дека овој закон е еден од условите за влегување во Европската унија. Многу наивно е да го веруваме тоа. Многу би сакал да знам каков ќе биде одговорот на претставниците на Владата на

неколку од доста квалитетните и принципиелни амандмани понудени токму од претставници на владеачката коалиција во однос на прифаќањето на овие амадмани и стапување на сила на овие законски промени посебно во однос на тој термин од 8 до 10 години.

Значи, за право за добивање на државјанство во фаза на наше влегување во Европската унија. Значи, да не го поврзуваме нашето влегување во Европската унија токму со носење на ваков еден катастрофален закон, кој што Предлог закон е донесен без никаква сеопфатна анализа.

Моето конкретно прашање до министерот за внатрешни работи и до владините претставници би бил: дали можете да одговорите врз основа на последниот попис колку припадници попишани граѓани на Република Македонија немаат државјанство. Какво е движењето, колкав е бројот на странците пред 8 ноември 1991 година, колкав е бројот на странците и нивните семејства од 8 септември 1991 година наваму. Значи, каков импакт ќе имаат овие демографски движења на комплетната социјална и економска состојба во Република Македонија. Бидејќи, во Предлог законот стои дека овој Предлог закон нема да има никакви импликации на Буџетот на Република Македонија. Па, добро, јас ви се молам дали можеме да бидеме толку наивни да веруваме дека ваков законски проект нема да се одрази на Буџетот на Република Македонија. Само еден пример, кој ќе биде бројот и сегментот на новите државјани кои што ќе имаат бесплатна здравствена услуга. Каква е актуелната состојба во здравството во моментот само како еден ресор, кој што директно е засегнат од овој законски проект. Тука би сакал да потенцирам дека носењето на ваков непринципиелен закон подеднакво удира по сите граѓани на Република Македонија, без зависност на нивната етничка припадност. Колкав ќе биде бројот на новите невработени луѓе, бидејќи невработеноста не ја класифицираме во однос на етничката припадност. Колкав ќе биде бројот на новите случаи, кои што ќе бидат прикладни за добивање на социјална помош. Дали Владата на Република Македонија може да одговори на тие суштински прашања. Бидејќи, ние сме сведоци дека развиените демократии, развиените европски и останати демократски системи во значителна мера имаат многу рестриктивен пристап во однос на државјанството и во однос на имиграционите движења.

Како ќе се одрази овој предлог закон, ако заживее, на овој сегмент? Веќе сме сведоци дека отсуствува одговорноста во Владата за нивните несоодветни мерки и решенија и несоодветни законски проекти. Каде е одговорноста на Владата? Дали треба да се случи да дочекаме еден министер или премиер да поднесе оставка, бидејќи неговиот закон доживеа фијаско? Дали треба да се задоволиме со фактот дека

министерот за внатрешни раобти, ако не се случат неговите предвидувања, ќе поднесе оставка? Дали тоа ќе ги задоволи граѓаните на РМ или ќе има несогледливи последици за иднината на државата? Ова е прашање кое секој пратеник треба добро да го постави пред самиот себе. И каква е неговата лична одговорност при донесувањето на овој закон.

Доста беше елаборирано, мислам и понатаму ќе се зборува за членот 11 став 2, во однос на третманот на нашите иселеници, во однос на добивањето државјанство. Јас нема да должам многу, тука ќе потсетам дел од нашите ценети колеги пратеници и претставници од Владата, кои за жал не се во моментов во салата, на некои уставни одредби и уставни обврски на РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, претставник на Владата има овде.

САШКО КЕДЕВ:

Во ред. Конкретно на членот 49. Според Уставот РМ, има у ставна обврска да се грижи и да ги штити интересите на македонците по потекло. Значи, со овој предлог закон се надминува уставната категорија, македонците по потекло се поистоветуваат со сите странци, сограѓани по потекло.

Јас би прашал: Каков е третманот на пример на Р.Грција во однос на нивните државјани кои живеат во дијаспората, каков е ставот на Р.Албанија во однос на албанската популација која живее во Македонија, на Косово, каков е ставот, значи како ги третираат тие албанци. Дали ги третираат како странци, или не. Каков е ставот на Р.Бугарија во однос на нивните државјани кои живеат во Р.Македонија или во било која соседна држава.

Значи, имаме многу сериозен закон кој ги става пратениците и Собранието пред свршен чин, да се произнесе за кратко, да го прифати овој став, а потоа ако и овој закон доведе до - во што предвидуваме вистинска конфузија во РМ, тогаш кој ќе ја сноси одговорноста. Тогаш, нема да не задоволи никој да ја преземе одговорноста, бидејќи последиците ќе бидат катастрофални.

Јас се согласувам со одредени сегменти во излагањето на колегите пратеници кои во претходните излагања се осврнаа на добивањето државјанство и проблемите кои ги има, пред се, еден сегмент од албанскста популација во РМ во однос на добивање државјанство. Јас ќе потенцирам мој личен став и став на нашата партија би требало дса биде и еден поширок став дека ние треба заеднички да не го поддржиме ставот на неконтролиран з големен механички прилив во РМ. Дали има еден аргумент кој би укажал на потребата за зголемен и неконтролиран механички прилив во РМ?

Од друга страна, лично би се заложил, за тоа би се заложила и нашата група, да го поддржиме решавањето на проблемот за добивање државјанство на граѓаните од албанска нацијналносст и од било која националност кои живеат во РМ, кои се староседелци на овие простори, кои од административни прижини не можат да го решат овој проблем. Значи, тука имаат апсолутна поддршка, и Министерството за внатрешни работи и сите структури во Владата имаат наша поддршка да го решиме тој проблем на еден доста конструктивен начин. Меѓутоа, никако не треба да прифатиме прифаќање на неконтролиран механички прилив бидејќи овој предлог закон го овозможува токму тоа, да не знаеме кој е тој механички прилив кој што може да се случи во РМ со донесување на овој закон.

И уште еднаш ќе потсетам на дел од излагањата претпладнево, каде што веќе се инсистира и понатаму на примената, на некој начин и најава на примена на несоодветни средства во постигнување на одредени цели. Беше цитирано дека трпението на албанската популација е на крај, дека понатаму веќе не може да толерира.

Јас би сакал да потсетам дека во природата има секогаш рамнотежа. Секогаш има природна рамнотежа, така што и трпението на другата страна не е неограничено. Не можеме да трпиме еден дис-респект во однос на големиот сегмент во Република Македонија на нашето жителство, еден несоодветен третман во кој за жал, нашата сегашна владеачка структура упорно инсистира и го поддржува токму тој начин и пристап на решавање на витални проблеми.

И конечно, опозицијата беше обвинета од многу страни и нападната и беше во прашање доведена креативноста на опозицијата. Јас би сакал да кажам дека ниеден степен на креативност кој што го има една опозиција, вклучувајќи ја и нашата, не може да биде контрапат или да одговори на некреативноста, несериозноста и неаргументиранаата арогантција на владеачката структура.

Затоа, би инсистирал и би апелирал до сите пратеници, од личен аспект да размислат уште еднаш која е нивната улога во овој парламент и дали ќе влезат во историјата на РМ со подржување на ваков не принципиелен и катастрофален законски проект.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има могу реплики, а веќе работиме 4 часа.

Сега давам пауза од еден час  и ќе продолжиме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,55 до 15,00 часот).

Да продолжиме со работа.

Бидејќи пред паузата имаше доста пријавени за реплика, тука е и г-динот Кедев, прв за реплика е г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, иако после паузата е тешко да се реплицира, а во три минути невозможно да се демантираат сите неосновани обвинувања, ќе ми дозволите да кажам нешто. Имено, застрашувачки е да се слушне ваков настап исполнет со гнев и омраза од човек кој треба да биде олицетворение за хуманост согласно неговата професија. Или да го употребам изразот на г-дин Оровчанец, еден небригадирски туку ударнички настап со комунистижки памфлет научен напамет.

Во својот арогантен настап ги замени сите тези и од министерот и од настапот на колегите од СДСМ. Не гледам логика да се убедува сега со аргументи некој кој не сака да верува дека Европската конвенција за државјанство е ратификувано на 18 февруари 2002 година, дека ЕУ ги чита заклучоците од Советот на Европа, а тие имаат забелешки на постојниот закон за државјанство. Не гледам логика да се реплицира со луѓе кои мислат дека е креативно да се препише некоја декларација или дека не е злоупотреба да се пушти во јавност нешто што треба да биде заедничка цел на сите партии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев, една минута, повелете.

САШКО КЕДЕВ:

Многу пократко од една минута. Мислам дека мојот одговор би бил дека не заслужува коментар оваа реплика, бидејќи е еден сегмент од неаргументираната ароганција која што ја презентира преставникот на владеачката структура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика, г-ѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Јас би сакала да реплицирам на две тези кои ги искажа во својот говор г-динот Кедев.

Првата теза се однесува на злоупотребата на препораките од ЕУ, каде меѓу другото тој вели дека услов за влегување во ЕУ не е законот за државјанство. Може и да е и да не е услов за влегување во ЕУ овој закон, меѓутоа, јас знам едно нешто што претставува услов за влегување, а тоа е елиминирањето односно отстранувањето на дискриминацијата. Со постојниот закон за државјанство имавме една долга фаза на

дискриминација на одреден број граѓани. Значи, условот за влегување во ЕУ е да се отстрани на овој вид на дискриминација. Тоа е логиката на ЕУ.

И, друга теза за механичкиот пораст на населението. Десет години со ред ние слушаме за теории, тези за зголемување на населението, што во прв ред мислам дека се неправедни и даваат простор за создавање на страв во меѓуетничките односи. Мислам дека во прв ред тоа се спротивставува на Европскиот принцип за разбирање на правото, а второ, принципот на страв од пораст, се прави обид да се направи едно чувство дека има некоја заднина. Значи, причината, целта е тука да се тргне таа десетгодишна дискриминација и ништо друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контрареплика за г-динот Кедев, една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Уште еднаш ќе повторам дека овој Предлог закон ги злоупотребува препораките на ЕУ и е против основните начела дека со донесувањето на овој закон се приближуваме кон Европските интегративни процеси. Напротив, уште еднаш ќе потсетам на примерот на Словенија. Словенија влегува во ЕУ без сличен закон. Дури сега го носи законот, тоа го кажав веќе еднаш и ќе повторам, бидејќи многу работи ќе треба да се повторат. Значи, Словенија го носи законот со кој се афирмира правото за добивање на државјанство врз основа на сукцесијата, од поранешна Југославија. Тоа го носи сега.

Би ја запрашал пратеничката Теута Арифи: Каде е Република Словенија сега, дали е напочетокот како што сме ние или е веќе на прагот на ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г-динот Зоран Томиќ, три минути.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Во делот на моето излагање ќе се осврнам на репликата само на два моменти, за кои морам да признам дека навистина не пријатно сум изненаден. Едниот момент, ќе зборувам чисто од правен аспект, се однесува на времето на донесувањето на Европската конвенција за државјанство. Станува збор за 18.02.2002 година. Тесно поврзано со ова ќе го прочитам членот 118 од Уставот на РМ, во кој се вели: “Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешнот  правен поредок и не може да се менуваат со закон”. Ова, колега Кедев, доколку ги прашавте моите колеги по струка, пред се мислам на колегата Караџоски, Кралевски или Ефтим Манев, сигурно би ви го прочитале и би ви појасниле.

А она што посебно сакам да кажам од политички момент е дека за прв пат во еден закон за државјанство на нашата дијаспора и даваме токму право и можност да се стекнат со државјанство, она што вие велевте дека не е така. Имено, ќе го аргументирам тој предлог содржан во членот 8 и тоа став 1, 2 и 3. Ќе го прочитам членот 8 став 1 од Предлогот на закон, во кој се вели:

“Странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1, точки 1 и 8 на овој закон може со природување да стекне државјанство на Република Македонија, ако тоа претставува особен научен економски, културен, спортски или друг национален интерес”

Меѓутоа, за да на сите нас, а посебно на македонската јавност и стане појансо, ќе го прочитам и ставот 2 од истиот член, во кој се вели:

“За сите граѓани по потекло од Република Македонија кои живеат надвор од границите на РМ се претпоставува национален интерес во смисла на став 1 од овој член”.

Ова за прв пат се случува и верувајте јас овој закон ќе го поддржам, ако не повеќе токму за дијаспората дека конечно се остварува едно историско право, а тоа е да се стекнат со државјанство на РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контрареплика од една минута, г-дине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Во однос на привот сегмент нема да се повторувам бидејќи сосема е очигледно дека во РМ никој сериозен нема да поверува дека ваков десруктивен закон се донесува за да не приближи кон европските интегративни процеси. Многу наивно е, еднаш го излажавте народот, народот веќе нама да ви верува, тоа е сигурно.

Во однос на вториот сегмент, вие ги третирате нашите иселеници како странци. Ќе го повторам моето прашање. Како ги третираат нашите соседи своите сонародници? Со која совест им пристапуваме на нашите иселеници, бараме нивна поддршка, бараме нивно инвестирање во Република Македонија, а од друга страна ги сечеме во корен. Од наши проминентни новинари беше напишано и вистината токму е во тоа дека со овој закон се удира во коренот на нашите македонци кои во моментот не живеат во РМ, а членот 11 став 2 токму тоа го потврдува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Измина една минута за контрареплика.

Реплика за г-динот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Иако немав намера да земам збор, да реплицирам на почитуваниот колега, тој по втор пат ги спомнува дискриминациите кои што се во Законот што е, во сила, затоа ќе се обидам накусо да дадам еден краток одговор.

Јас имам едно мислење на експерти на Советот на Европа, искусни експерти во областа на државјанството, кои што даваат меѓудругото еден коментар во однос на Законот кој што е во сила, и ќе се обидам накусо да го изнесам. На страница 13 од овој коментар се вели следново: “Доколку терминот македонец по потекло и натаму продолжи да остане во Предлог законот тогаш овој поим, ви потецираме и давам на знаење дека е во директна спротивност од одредбите на Европската конвенција за што, за да не го читам во целина, се вели:

“Ви велиме, ви сугерираме да го измените овој член и да го напрвите да биде коматибилен со одредбите на Европската конвенција. Ова е напишано на 13 страница од овој коментар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодам.

Имате контрареплика од една минута г-дине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Уште еднаш ќе потсетам на членот 49 од Уставот на Република Македонија. Тој член буквално не можам да го цитирам, меѓутоа, се однесува на обврска на државата Република Македонија во однос на штитењето на македонците по потекло. Значи тоа е уставна категорија. Јас не сум правник, меѓутоа има многу проминентни правници кои учествуваат во работата на Собранието, нека кажат дали може со измена во Закон да се менува уставна категорија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплики повеќе нема.

Има збор г-динот Ѓорѓи Трендафилов, а по него господинот Неждет Мустафа.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека во контекст на објевените резултати од пописот спроведен во РМ на повеќето или воопшто на македонската јавност веројатно и е многу појасно зошто Владата и СДСМ инсистираа овие законски измени да поминат по итна постапка и само динамиката на работа во Собранието на РМ односно расправата за измените во Законот за државјанство да следуваат по објавувањето на пописните резултати, затоа што

најверојатно веќе е двосмислено дека основна намера на Владата била за овој закон да се расправа веројатно пред објавувањето на пописните резултати.

Во тој контекст просто е изненадувачки како е возможно една категорија граѓани во Република Македонија кои нели, биле максимално репресирани од македонските државни институции да имаат едно такво зголемување на наталитетот. Обично историјата покажува дека, да речеме македонците во Егејскиот дел на Македонија по еден таков репресивен режим за време на граѓанската војна во соседна Грција масовно ја напуштија Р.Грција и факт е дека нивниот број денес не е таков каков што бил тогаш. Но, ете, овде имаме веројатно еден преседан во светски рамки дека оној дел од македонски граѓани кои се сметаат себе си за репресирани, сепак, успева по пат на наталитет, како што се обидува да ни објасни државниот завод за статистика да го зголеми енормно својот број во РМ. Но, за тоа ќе зборуваме понатаму.

Сакам да обрнам внимание на следново. Апсолутно е неприфатлива тезата да се тврди дека  - веќе зборуваше г-динот Кедев за импликациите врз буџетот на РМ, но јас сепак ќе се навратам на она што го говореше г-динот Косов, кога ги образложуваше измените во Предлогот на законот. Всушност, најмалку можеме да кажеме дека тој ги образложуваше измените на Законот. тој се обиде, што е недозволиво споре неговиот статус во македонските институции, имено, би сакал да го потсетам г-динот Костов својот мандат го има добиено од Собранието на Република Македонија и тој во овој дом е оној што одговара, а тоа не го прават пратениците, кои се тие што ги поставуваат прашањата до извршната власт затоа што и тоа е смислата на постоењето на македонскиот парламент како законодавен дом кој пред се има контролна функција во функционирањето и остварувањето на извршната власт во земјава.

Бидејќи од неодамна спомна дека тој доста добро ги познава законите, доколку ја прерипал оваа страница, неговите советници во МВР можат да му обрнат внимание и во иднина своето однесување да го прилагоди со својот статус.

Зборува во една крајно иронизирана и несериозна форма. Вели - каква закана претставува една 70-годишна баба. Па јас, бидејќи тој не е тука, должност му е да биде тука, ќе си дозволам за право да поставам прашање:

Може ли да објасни господинот Костов, надвор од оваа збирка на желби и бројки што упорно се обидува 30-тина дена да ги пласира во македонската јавност, колку 70-годишни баби, по потекло надвор од Република  Македонија, не македонци по род, во некаква лабава или не знам како е дефинирана во одредбите брачна функционална врска се омажиле за државјани на Република Македонија кои, да речеме, некои од нив

само што го поминале прагот на полнолетството? Јас разбирам, можно е да се случи тие млади луѓе да бидат испровоцирани од богатството на таквите баби, што би рекол господинот Костов, но тие баби навистина не располагаат со ништо.

Може ли господинот Костов и неговите служби да излезат со една конкретна информација за работењето на матичните служби, матичните одделенија во Република Македонија, да речеме во едно Липково, во една Шипковица или дали господинот Костов знае колку државјани на друга држава, на пример од Протекторатот Косово дошле во ериодот 1996-1999 година во Република Македонија, како што и самите изјавиле, во болница во посета, а знаеме дека за шестмесечен период се издава зелен картон, зелена лична карта. Такво нешто, иако тие сами кажале дека се на гости не добиле такви документи од Министерството со кое тој раководи, а сепак децата кои ги родиле на територијата на Република Македонија имаат сега право да бидат државјани.

Непринципиелноста и несериозноста воопшто на господинот Црвенковски и на Социјалдемократскиот сојуз ќе ја компарирам со еден, да речеме секојдневен проблем, кој добар дел од македонските граѓани се собираа по изминатиот период, а некои сеуште работат да го решат нивниот проблем

Како и многумина од нашите сограѓани, имав прилика да купам возило на старо, да ги искористам законските можности и истото да го внесам во Република Македонија. Јас извадив милион документи, очекував кога побараа да го однесам возилото на атест дека кој знае што ќе се случи, бидејќи станува збор за атестирање на возило. Запишуваа преден ветробран, заден ветробран, огледала и навистина, едвај успеав, собрав, го регулирав тоа. Некои мои велешани сеуште одат нагоре - надолу по царина, по други служби и процедурата си тече. А, господинот Костов се дрзнува овде да доаѓа пред Собранието и да кажува дека за ова нема да има, за овие измени нема да има никакви реперкусии нити на социјален план, ниту на економски план, ниту тоа ќе се одрази било како на Буџетот на Република Македонија. А, зборуваме за живи луѓе.

Значи, се обидувам да ги ставам на страна оние луѓе кои од реални, објективни причини навистина можеби едноставно од бавноста на бирократијата тоа не го регулирале, своето државјанство во Република Македонија. Тоа се прави на многу поедноставен и побрз начин, доколку сакаме навистина да им овозможиме на тие луѓе да го регулираат државјанството на Република Македонија. Овде, всушност, не станува збор за такво нешто. На Владата, најмала грижа и се обичните луѓе кои имаат огромен проблем со собирање и вадење на потребните документи со кои што тие ќе се

легитимираат пред македонските институции дека се државјани на Република Македонија.

Ако се прави одредена компарација со уверувањето што Владата се обидува да го наметне во јавноста, и ако до сега не се излезени ама баш со никаков сериозен податок, ниту во поглед на пописните резултати од 1994 година, ниту со некаков извештај од Министерството за внатрешни работи што би ја отсликувал реално ситуацијата како работело во изминатиот период Одделението за матични работи, тој немаше да се обидува да се пресметува во обраќањето, кога се образложуваше потребата за дополнување и изменување на Законот за државјанство. Оние работи што се кажува дека ќе бидат во функција на потреба на обичните граѓани, што ги имаат тие проблеми, тоа се чисто технички рабти, и можеа да бидат, верувам на општо задоволство завршени за 24 часа и сега немаше да зборуаме.

Да биде трагедијата поголема, Владата оди чекор понатаму, се обидува да злоупотреби една од директивите на Европската унија, а не го презема однесувањето на земјите што се членки на Европската унија. Во една прилика истакнав дека и Република Ирска, која е членка на Европската унија, право на државјанство им дало и на оние ирци по род што не се родени во Република Ирска. И ние се обидуваме да им објасниме цело време на господата од Владата и од СДС дека терминот “граѓанин по потекло од Република Македонија” не ги одразува македонците по род.

Во таа смисла, воопшто не сум изненаден што неодамна, наши сонародници кои живеат на територијата на Република Албанија и се албански државјани, а вие знаете дека и пописот во Република Албанија се спроведува според сите меѓународни стандарди, а таму можете да се изјасните меѓу една алтернатива, имате да одберете и да се идентификувате како Албанец по националност или да одберете да се пишете во графата останати. Таму не постои графа за националните малцинства.

На нашите сонародници во Мала Преспа, на кои, со поддршка од нивната држава, матична, Република Македонија им беше овозможено да изградат црква каде што ќе ги остваруваат своите основни човекови права, во овој случај право на остварување на религиозни верски потреби, претставници на Република Македонија, од Министерството за надворешни работи ангачирани во Амбасадата на Македонија во Република Албанија им велат - таа црква мора да припаѓа во дијацезата на друга црква. А, овде слушаме ние дека ќе ги браниме националните интереси, дека на овој начин нема да се постигнува никаков механички прилив, дека не знам што ќе правиме, едноставно да ги следиме насоките на Европската унија. Тоа, апсолутно не е точно.

Владата се обидува да ги злоупотребува директивите, затоа што СДСМ претпоставувам има направено договор со своите коалициони партнери како да се направи тоа што тие имаат намера да го направат. Ви се молам, вице премиер на Република Македонија, коалиционен партнер на господинот Црвенковски, од таква висока позиција што ја зазема во хиерархијата на македонските државни институции, во Советот на Европа изјавува дека за неговата партија, која и да е, нема да биде прифатливо ништо под 30% во поглед на објавувањето на пописните резултати. И што сега? Ние треба да бидеме среќни затоа што Владата успеала, како што успеа тоа да го направи? Сега ќе излезе да не убедува дека тоа е трагично, но ете, гледате, не се 30, тие се 25. Но, колку реално оди тоа Министерството за внатрешни работи има сознанија за чии државјани станува збор? На Република Македонија? Ние еднаш го апсолвиравме прашањето кога беше првиот пат донесен, пред 10 години кога беше донесен Законот за државјанство, го апсолвиравме прашањето за државјани и на други републики кои живееле, работеле или остварувале било какви права и обврски и должности кон тогашна Република Македонија. Ние не можеме да се навраќаме на секои неколку години повторно да решаваме некои работи што сме ги решиле.

Затоа ни се случува, да ве потсетам и во поглед, ќе направам една компарација во поглед на деновите кога се формираше македонската војска. Одлуката беше донесена од Владата, премиер беше господинот Кљусев, потоа првиот мандат на господинот Црвенковски, тој на два пати ја потврди истата одлука за враќање на македонските подофицери и офицери до април, но нам ни се случуваше да се враќаат луѓе од туѓи униформи во 1994 и во 1995 година и да стануваат македонски офицери а ние сеуште имаме реален проблем со една мала група луѓе кои објективно не можеле да се вратат во Република Македонија. Тие имаат еднаквост, како што зборувам за луѓето кои од бирократски причини не успеале да го регулираат својот статус во поглед на тоа да ги извадат сите потребни документи.

И уште една компарација би направил во оваа убеденост на Министерството за внатрешни работи односно воопшто на Владата, затоа што пак ќе кажам, прочитана е намерата дека се обидоа измените во Законот за државјанство да стигнат на дневен ред на Собранието на Република Македонија пред објавувањето на првичните официјални резултати од пописот спроведен во Република Македонија, ова ме потсетува кога Владата на Маршал Петен во Франција, за време на Втората светска војна им објаснуваше на французите дека се слободни. Вие се сеќавате дека таа Влада се

протегаше на незначителен број квадрати километри во Јужна Франција. Остатокот, едноставно не беше Франција.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Невџет Мустафа, а по него е господинот Орданчо Тасев.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Министерството за внатрешни работи,

Би сакал да ја искористам можноста да учествувам во оваа дебатна дискусија што е од сериозна грижа и за мојата заедница. Но, морам објективно да се искажам дека како да се стекна некој силен впечаток во оваа сала, за многу точки што треба да поминат од чисто државен или било каков друг карактер, да се дава силна политичка димензија и од таа политичка димензија да не можеме дури и да наоѓаме заклучоци.

Јас би сакал да се вклучам во оваа тема. Во суштина ја давам мојата поддршка во најголем дел на вашите дискусии во врска со Предлогот на законот за државјанство, секако и со уверување дека ќе имате трпение да го следите мојот настап.

Би сакал иднината на Македонија да ја следам како држава на среќни граѓани, граѓани кои со гордот ќе го носат нејзиното државјанство, а секако и државата која ќе се ангажира да ја сочува таа гордот на граѓаните, а и својата обврска према неа.

Сакам да ве потсетам на вашите сознанија дека има еден голем број на граѓани кои се незадоволни од сето она што се случува во државата, а секако и од досегашните критериуми кои беа ригорозни во однос на Законот за државјанство и се решија да ја напуштат сопствената држава, а да прифатат друго државјанство. Сметам дека и овој дел на Република Македонија во контекст на овој закон што веќе ќе го изгласаме треба да биде една голема грижа како понатаму со достоинството и гордоста на граѓаните на Република Македонија. Токму ова треба да ни биде грижа како да создаваме поолеснителни можности дури и на луѓето кои живееле во Македонија од стара Југославија, а беа населени тука. Овие луѓе прекрасно го познаваат македонскиот јазик. Дури во некои случаи си го заборавиле и сопствениот јазик принудени да живеат во мизерни супстандардни живеалишта.

Денес сеуште се оставени на милост и немилост токму од причина на нивната несредена документација како можност да го уредат својот легален престој во државата за која они сметаат дека им е единствена. Станува збор за ромите.

Ромите и покрај раѓањето на своите деца во Македонија, и покрај лојалноста и исполнувањето на своите обврски према државата и покрај образованието на своите деца во школските установи, како и регулирање на воената обврска, Отсекот за странци при Министерството за внатрешни работи сеуште ги води како лица со нерегулиран престој на територијата на Република Македонија. Овој нелогичен пристап кон ромската заедница член 7 точка 4 создава повторно проблем истите роми и денес да се среќаваат со проблемот за добивање на државјанство.

Имајќи желба да ја согледам позитивната страна на овој закон уверен сум дека Република Македонија ќе има толерантен и флексибилен приод кон овој многу сериозен проблем за ромската заедница на кој се создава дополнителни потешкотии во врска со нивниот здравствен опстанок. Бројните предмети на ромите од градовите Прилеп, Битола, Струмица, Штип, Куманово, речиси секој град од Република Македонија, кои имаат извод од родените, а немаат живеалиште, живеат изолирани надвор од регуларниот и достоинствен граѓански живот.

Во контекст на ова сметам дека навистина членот 7 точка 4 повторно ќе создава проблеми за ромската заедница како да се регулира нивното живеалиште иако тие имаат престој од многу поодамна во Република Македонија.

Особено тука сакам да го акцептирам како дополнување на мојата сугестија членот 3 од Предлогот на законот за државјанство, точка 10 став 2, каде со формирањето на посебна комисија од Владата на Република Македонија кај мене остава сериозна грижа на нивната компетенција прецизирана за исполнување на условот од став 1 точка 6. Се надевам дека Владата на Република Македонија, составот на оваа многу значајна и посебна комисија ќе го утврди врз основа на определбата на Рамковниот договор.

Почитувани колеги пратеници, јас на неколку наврати се обидувам на предложените закони да ја изразам многу тешката состојба на ромите и можноста како они да се инволвираат односно нивната имплементација како да добие правично решение и правична застапеност на ромската заедница во однос на она што е наша обврска тука да ги донесеме законите. Во таа релација јас ќе гласам за овој предлог на закон со сета можност дека администрацијата ќе има толерантни и флесибилни приоди кон ромските проблеми во врска со Предлогот на законот за државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Има збор г. Орданчо Тасев, а нека се подготви Цветанка Иванова.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

На денешната седница пред пратениците на Собранието на Република Македонија, имаме една исклучително значајна точка на дневен ред, исклучително важен Предлог на закон, кој според степенот на важноста, како и од аспект на значењето на овој закон како за граѓаните на Република Македонија, така и за самата Република Македонија, како држава, како и со оглед на значењето на материјата која што ја третира, регулира мораме да ја ставиме по редот на оние кои се од особено значење на граѓаните на Република Македонија, затоа што истата од една страна навлегува длабоко во чувствата на граѓаните на Република Македонија, особено нивните чувства за припадност кон определена држава и нивната правна врска со државата чие државјанство го поседуваат, а од друга страна омраме да потенцираме дека овој Предлог на закон со понудените решенија и тоа како врши силно влијание во чувствителните свери во државата, а особено во она што значи економска, социјална, демократска и на крајот она што значи безбедносна свера на државата.

Тоа е почитуваин колеги пратеници предлогот за донесување на законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија, со предлог на закон, проект кој што е изготвен од Владата на Република Македонија, со предлог истиот да биде донесен во скратена постапка и со скратување на роковите во постапката за донесувањето на овој закон.

Поаѓајќи од ваквите интенции од предлагачот на овој Предлог на закон како и од образложените причини за донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со еден целосен респект и целосно уважување на аргументите од најразличните политички субјекти и широката Македонска јавност во врска со овој Предлог на закон т.е. реакциите кои ги предизвика Предлогот на законот можеме со сигурност да констатираме дека во врска со овој закон имаме јасно издеференцирани воглавно две опции т.е. две политички позиции.

Првата опција која всушност го предлага титуираниот Предлог закон, значи се јавува во улога на предлагач тоа е СДСМ со неговиот коалиционен партнер кои се застапници т.е. поборници за донесување на законот за државјанство на Република Македонија, во таква верзија каква што е понудена и

Втората опција односно втората политичка позиција која ја застапува македонската опозиција, пошироката македонска јавност заедно со припадниците на македонската дијаспора за статус скво ситуација во оваа многу осетлива област за определен временски период или евентуално прифаќање на дел од понудените решенија од предлогот на законот со тоа што на определен рок за започнување на важноста на законот односно цитираниот закон да започне да произведува правни дејства во моментот на влегувањето на Република Македонија, во ЕУ или непосредно пред влегувањето на Република Македонија, во оваа унија.

Владата на Република Македонија, т.е. СДСМ и коалиционите партнери во Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија, ги образлагаат причините поради кои предлагаат промени во оваа мошне осетлива т.е. сензибилна свера и тоа пред се заради следните причини.

Прво, усогласувањето на Законот со Европската конвенција за државјанство и

Второ, создавање на правни основи за надминување на определени потешкотии при решавањето на определени индивидуални барања т.е. надминување на некои недоречености и недостатоци на постојниот закон од аспект на неговата практична примена. Меѓутоа, се поставува прашање дали погореназначените причини се вистинските мотиви т.е. дали се вистинските причини за ваквите измени и дополнувања на Законот, или пак во оснвата на овие промени лежат сосема други и скриени причини за кои се имаат договорено коалиционите партнери од власта, нормално со амин и во спрега на определени политички фактори од Европа, кои ја поддржуваат моменталната актуелна власт во нејзината политичка авантура.

Меѓутоа што и да е во прашање, било првата или другата причина без оглед дури и на оправданоста за преземањето на определени конкретни активности на нас кон промената на овој Закон лично сметам дека во овој момент не се целосно созреани условите за покренување на постапка за измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија, и дека овие измени практично се изнудени т.е. се производ на притисоците и пазарењата со коалициониот партнер од

албанска провиниенција и едноставно тие промени не одговараат на постојната реална слика односно на фактичките потреби на државата Република Македонија.

Можеби идеата за компатабилност т.е. усогласување на овој Закон со Европската конвенција за државјанство е исто така еден од инспираторите за промени, и има реалност во тоа, веројатно треба да се направат тие измени, но понудените поединечни решенија за определени ситуации во Законот, повеќе од сигурно е дека се тие резултат на определено пазарење помеѓу коалиционите партнери или, пак, се резултат на силниот притисок на Албанскиот политички блок со целосна поддршка и менторство на  определени политички сили од Европска провиниенција спротивно на нашироките интереси на сите граѓани на Република Македонија, па и на самата Република Македонија .

Имено направени се такви отстапки со понудениот Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, спрема коалициониот партнер кој дефакто ќе предизвика далекусежни тешки последици од аспект на она што значи деомграфска слика на Република Македонија, а и како држава во целост и поедини региони т.е делови во Република Македонија, каде веќе имаме присуство на промена на демографската структура, особеон во северниот и северозападниот дел во Република Македонија, но во последон време забележливи се демографски промени на штета на Макеоднската популација дури и во главниот град на Република Македонија, т.е. во Скопје.

Општо познато е дека Република Македонија, особено пред и непосредно после осамостојувањето на Република Македонија, имаше перманентни миграциони движења при што доаѓаа и останувaa на територијата на Република Македонија, огромен број на луѓе или граѓани посебно од Косово и од Јужна Србија така што според определени проценки бројот на тие луѓе е некаде околу 200 илјади, а да не зборуваме за приливот од овие места во неконтролираниот дел т.е на територијата на Република Македонија, особено после случувањата и воените дејствија од 2001 година.

Според некои податоци во текот на 1994 година, значи непосредно пред Парламентарните избори од тие 200 илјади околу 120 илјади веќе добиле државјанство т.е имаат регулиран статус и валидно државјанство на Република Македонија.

Значи во овој момент со предложените измени на Законот за државјанство на Република Македонија, ќе се овозможи на остатокот од околу 80 илјади луѓе со

нерегулиран престој и статус да се здобијат со правото на поднесување на барање и добивање на статус државјанин на Република Македонија, за разлика од рестриктивната одредба од членот 11 од предложениот Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство со што се оневозможува на Македонците по потекло од Република Македонија, а кои живеат надвор од границите на Република Македонија по автоматизам да се здобијат со правото на државјанство, како и во сите други нормални држави.

Доколку се случи вакво нешто сосема е сигурно дека едноставно ќе настане еден дисбаланс т.е. нарушување на постојниот баланс помеѓу етничките заедници во Република Македонија, а кое нешто, пак, од своја страна ќе значи и увод за она што значи федерализација на самата Република Македонија.

Тоа се воглавно причините и аргументите кои се присутни, или можат на еден индиректен начин да се извлечат како од текстот т.е. на предложениот Предлог закон, така и од образложението од предлог законот, поради што Владата на Република Македонија си има одлучено или пристапила кон измени и дополнувања на овој Закон.

Меѓутоа, во оваа прилика сакам да потенцирам дека наведените аргументи, времето на однесување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство, како и предложените решенија во самиот Закон, за условно речено втората опција не се доволни и се апсолутно неприфатливи од многу причини.

Прво, сметам дека постојниот Закон може да има потреба од измени и дополнувања од аспект на неговата компатабилност со Европското законодавство и усогласување со Европската конвенција за државјанство, условите за негово донесување сеуште се несозреани од едноставна причина што Република Македонија е многу далеку од нејзината интеграција во ЕУ и затоа неговото донесување да го усголасиме т.е. да го одложиме до нашиот прием во ЕУ, или пак доколку го донесеме сега, нормално со определени измени и дополнувања, а не така како што се сега дадени истиот да започне да произведува правни дејствија во периодот непосредно пред приемот или после приемот во ЕУ.

Втората работа која би сакал да ја нагласам во овој момент, а за која сметам дека ќе има слух и консензус и кај предлагачите е дека доколку не се изврши корекција на предлогот за измени на Законот за државјанство на Република Македонија во делот на стекнувањето на државјанство за Македонците по потекло кои живеат надвор од територијата на Република Македонија лично сметам дека

постојниот Закон треба и понатаму да е во важност т.е. да не пристапуваме кон прифаќањето на овој Предлог на закон од едноставна причина што важечкиот Закон го има апсолвирано ова прашање и не го доведува во прашање стекнувањето на државјанството на една огромна армија на наши македонци по потекло, а и живеат надвор од територијата на Република Македонија.

Понатаму, сметам дека е апсолутно потребно да ги причекаме и резултатите од завршениот попис на населението во Република Македонија , кој беше извршен минатата година, затоа што од презентираните податоци ќе можеме да видиме многу работи, а пред се ќе имаме претстава за она што значи национална и демогравска структура на населението, бројната состојба по националности, кои се тие граѓани на Република Македонија кои немаат државјанство на Република Македонија  дали го имаат или не нивнкот претстој и статус во Република Македонија и други прашања од што ќе зависи и остварувањето на правата на овие граѓани и остварувањето на правото на државјанство.

Голема е опасноста доколку не ги имаме овие податоци и доколку неконтролирано и со поповолните решенија на овој Предлог закон  започнеме на овие граѓани редум да им издаваме македонски државјанства може да доведе до промена на демогравската структура на населението. Понатаму треба да ја имаме во предвид и состојбата со границите, а особено делот  према Албанија и Косово кој едноставно е неконтролиран т.е. мошне порозна каде преминувањето на границите е секојдневно особено во правец према Македонија.

Бројот на лицата кои влегуваат во Република Македонија е непознат, а меѓу оние кои влегуваат во Република Македонија има и такви кои доаѓаат заради економски мотиви т.е. оние кои бараат работа, но има и такви кои минуваат и се политички мотивирани, а сведоштво за тоа се и настаните од 2001 година кога имавме нелегални упади и од Република Албанија и од Протекторатот Косово.

Колкав е бројот на тие илегалци во Република Македонија  т.е. дали се вратија од каде што дошле, или пак останале во Република Македонија, дали ќе бараат македонски државјанства, и т.н. се прашања на кои ние во овој момент неможеме да одговориме поради што ова претставува една причина плус заради која треба да го одложиме донесувањето на овој закон.

Најважниот момент во сета оваа работа, кој треба да го споменеме е социјалниот момент. Имено, Република Македонија, во овој момент се судира со огромен проблем во делот на економијата поради што македонскиот граѓанин

секојдневно се повеќе осиромашува, а армијата на невработени од ден на ден сеповеќе и повеќе се зголемува и се приближуваме кон бројка од 40% невработеност на активно и работоспособно население.

Економско финансиската моќ е повеќе од скромна поради што со доделувањето на новите државјанства на лицата кои не се државјани на Република Македонија, а имајќи во предвид дека по дефиниција Република Македонија е социјална држава т.е. држава која ја гарантира социјалната сигурност на сите граѓани на Република Македонија во многу ќе ја влоши и така лошата економско финансиска состојба доведувајќи ја во позиција на колапс, 100% невработеност од сса од 50%. Тоа ендоставно Македонија неможе да го издржи заради што ќе треба и тоа како да размислиме дали треба или нетреба да го менуваме постојниот Закон и конечно кому и под кои услови треба да му овозможиме да добие и да се стекне со македонско државјанство.

Почитувани колеги пратеници,

На крајот ќе се обидам да ги потенцирам слабостите на овој Предлог закон, кој веројатно во едно друго време и во други изменети услови можби може со неговите предложени решенија да биде прифатен и да биде во функција.

Според мене либерализираните услови за добивање на македонско државјанство на грѓани кои немаат, а тоа се пред се граѓаните кои се имаат доселено претежно од Косово и Јужна Србија и Албанија и живеат претежно во северозападниот дел на Република Македонија ќе значи промена на демогравската структура на населението на Република Македонија во полза на албанската заедница а на штета на Македонскиот народ. Така зголемениот број на албанската популација од своја страна ќе значи адут плус и добивање во тежина на барањата на албанските екстремистички структури за федерализација на Република Македонија, па и за реализација на другите мрачни планови во главите на тие екстреимстички структури.

Од друга страна со понудениот Предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија и со рестриктивниот карактер на една одредба се суспендира правото на сите Македонци по потекло кои живеат надвор од Република Македонија да можат да се стекнат со нивното најлегитимно право на државјанство на Република Македонија, како нивна матична држава. Со ваквото решение кое е понудено од за нас нејасни и неразбирливи причини а спротивно на членот 49 од Уставот на Република Македонија е оневозможена

Република Македонија да се грижи за Македонците кои живеат надвор од границите на Република Македонија, а се оневозможени и Македонците по род од странство да комуницираат и да го добијат македонското државјанство како нивно најсвето право. Значи, во прашање е двоен аршин при добивањето на македонско државјанство т.е. едно решение за добивање државјанство за граѓаните на Република Македонија, кои се странци, а друго понеповолно за саите македонци.

Со членот 3 од Предлогот на законот понатаму се предлагаат измени на членот 7 од важечкиот Закон и тоа:

Во ставот 1 точка 2 се предлага државјаните на Република Македонија, со државјанство на Република Македонија може да се стекне странец кој до поднесувањето на барањето за добивање македонско државјанство законски и постојано живее на територијата на Република Македонија, најмалку 8 години. Сметам дека оваа граница не треба да се прифати. Да си остане старото решение од 15 години, или пак евентуално да го прифатиме решението од европските законодавства она што значи 10 години.

Во точката 6 од истиот член е предвидено странец кој аплицира за македонско државјанство со природување да го владее македонскиот јазик до степен да може лесно да се разбере со околината. Сметам дека тоа не е доволно, туку потребно е да зборува колку да се разбере, да знае да пишува и да чита на македонски јазик доколку истиот сака навистина да биде државјанин и да се инкорпорира во македонското општество.

Точка девет предвидува и упатува на потребата за потпишување на заклетва за лојалност кон Република Македонија.

Но, потпишувањето на заклетвата за лојалност, едноставно, е само од формален карактер, без при тоа да се постави прашањето што доколку странецот не ја почитува истата, односно таа нема обврзувачки карактер и е без некое посебно значење.

Затоа, предлагам една дополнителна одредба, со која ќе се санкционира непочитувањето на потпишанат заклетва, т.е. нејзиното непочитување да биде причина за одземање на државјанството на странецот кој се стекнал со македонско државјанство.

Да се додаде и точка 11, која ќе гласи: “Државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец, но под услов да не се работи за лице кое е противник на постоењето на Република Македонија како држава и да

не учествува во активности и акции на групи политички или воени, домашни или странски насочени кон нарушувањето на територијалниот суверенитет и интегрите на Република Македонија, како и против нарушувањето на одбранбениот и безбедносниот систем на Република Македонија.

На крајот предлагам член 14 од Предлогот за донесување на законот за измени и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, да се брише како непотребен, избришан од причини што повторно се актуелизира прашањето за добивањето на македонското државјанство за државјани на републиките од бившата Социјалистичка Република Југославија, кое веќе беше апсолвирано со важечкиот закон донесен од 1992 година.

Почитувани колеги пратеници,

Од сето погоре изложено сметам дека не треба да брзаме со неговото донесување, токму сега и во скратена постапка, но истиот предлагачот да го повлече и да биде пуштен во една нормална, т.е. нормална постапка. Значи, да оди во три фази и што е особено важно да се распше јавна расправа по истиот и сите забелешки како на граѓаните, така и на другите релевантни институции, да бидат инкокрпориани и да бидат дел од овој закон.

Сакам да нагласам дека донесувањето на еден практичен и еден применлив закон за државјанство, не обврзуваат како за практичното решавање на проблемите со кои се судруваат граѓаните на Република Македонија, кои го немаат регулирано прашањето за добивање на македонско државјанство и другите странци со регулиран престој во Република Македонија, така и нашата определба за приближување и интеграцијата на Република Македонија во европските интеграциони процеси.

Сосема на крајот, сакам сосема на кратко да полемизирам со излагањето на министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов, како претставник на Владата на Република Македонија, која всушност е и предлагач на Предлогот за донесување на законот за измени и дополнување на законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон, а кое излагање беше во функција за образложување т.е. оправдување на итноста на постапката за донесување на законот, а потоа беа образложени и законските решенија на предлог законот, со посебен акцент на петте тези, кои наводно биле пласирани во јавноста од страна на поедини политички партии, пратеници и таканаречени експерти, со цел заради таканаречени ситна маркетиншка и политичка корист.

Околу итноста за донесувањето на овој закон, како прв и основен факт се наведува од страна на господинот Хари Костов, фактот што Европската конвенција за државјанство е потпишана од страна на Република Македонија на 06.11.1997 година, а истата е ратификувана во Собранието на Република Македонија на 18.02.2002 година, така што според известувањето од Советот на Европа, оваа Конвенција веќе влегла во сила, според одредена правна процедура на 01.10.2003 година, поради што овој закон и влегол во Годишната програма за приближување на националното закоодавство со законодавството на Европската унија.

Овде се поставува прашањето дали тоа треба да биде причината за итно донесување на овој закон, т.е. во една скратена постапка и што би значело односно што ние би изгубиле доколку овој закон се донесеше во една нормална постапка. Дали со донесувањето на овој закон веднаш и сега ќе значи големо намалување на дистанцата до Европа, или пак повторно би останале токму таму каде што сме, ако се има предвид фактот дека Република Македонија е оддалечена од Европа, веројатно, не помалку од две светлосни години.

Покрај горенаведените аргументи, значи приближувањето до европското законодавство, втор момент кој се нагласува заради итно донесување на Законот за државјанство е потребата од надминувањето на определени потешкотии и проблеми, кои произлегуваат од практичната примена на сега важечкиот закон. Како најголем проблем од овој тип се споменуваат случаевите на оние лица кои го немаат решено својот статус на државјанство, особено во врска со сукцесијата на поранешната СФРЈ. Се работи за лица кои поради објективни или субјективни причини ги пропуштиле роковите за регулирање на државјанството, а биле државјани на поранешната СФРЈ и кои отсекогаш и подолго живееле или живеат на територијата на Република Македонија. Морам во овој момент да нагласам дека најголемиот број на случаеви т.е. на лица кои го немаат регулирано државјанството се албанци, иако има и од другите национални малцинства. Сметам дека ваквите лица, независно на која националност припаѓаат, а кои го немаат регулирано нивниот статус, лесно може да се определат, затоа што како што и кажа претставникот, тие се долго во Република Македонија, имаат живеалишта, плаќаат даноци, служат армија и тн. Значи, тука нема и не би требало да има дилеми и истите во секој момент ќе можат да аплицираат да го добијат македонското државјанство. Ваквата ситуација, почитувани колеги пратеници, со овие лица кои се

поврзани со сукцесијата на СФРЈ, сметам дека сосема лесно да се реши, иако тој проблем беше апсолвиран со веќе важечкиот закон, со една обична измена, со еден амандман и воопшто да не чепкаме во содржината на важечкиот закон за државјанство. Впрочем, да не чепкаме до нашето конечно приближување до Европската унија, за што мислам дека барем засега, имајќи предвид постојната економска политичка состојба, тоа наше приближување кон Европската унија е рамно на утопија.

Од сето погоре кажано, почитувани колеги пратеници, сметам дека аргументите на Владата на Република Македонија за донесувањето на овој многу важен и суптилен закон во една скратена и итна постапка, не држат и затоа е потребно предлагачот да го повлече, со цел за донесување на истиот во една регуларна постапка, почитувајќи ги при тоа ставовите и предлозите на сите граѓани и релевантни фактори, компетентни за оваа материја.

А, сега во врска со тезите, кои беа изнесени од страна на министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов.

Првата теза или како милува да каже министерот Хари Костов, првата лага, било дека во периодот на претходната власт на СДСМ во период од 1992 година до 1998 година биле поделени 140.000 државјанства на албанци, со што СДСМ сакал да обезбеди гласачка база за изборите. Тоа го тврдела опозицијата ВМРО-ДПМНЕ, а тврдењето на ВМРО е, нели, чиста лага, бидејќи податоците говореле нешто сосема друго. Според податоците кои се презентирани, не се поделени 140.000 државјанства, но наместо државјанствата на Република Македонија, се стекнале само 113.000. Ја користиме приликата да се извиниме за нашиот лапсус бидејќи имаме погрешено за некаде околу 27.000 државјани, значи не се 140.000, туку се 117.000. При тоа, даден е преглед за издавањето за државјанство по години и се потенцира дека најголем дел на државјанства биле регулирани во 1993 година. Зошто точно во 1993 година за нас е голема енигма, иако можеме со сигурност да потврдиме дека тоа е направено точно тогаш, заради изборните процеси. За 1994 година, значи за парламентарните и претседателските избори нема податоци. Зошто нема, тука е министерот нас нека ни објаснува, меѓутоа, тука се и претставниците на Владата, нека ни објаснат, па веднаш потоа се даваат податоци за 1995 година кога се регулирани 16.000 државјанства и тн. Најголемиот број издадени државјанства од 113.000 се регулирани за време на владеењето на СДСМ. Од страна на Владата на Република Македонија т.е. претставниците на

Владата на Република Македонија критикувана е 2002 година кога се издадени 8.900 државјанства, од кои најголемиот број т.е. 7.517 се издадени на македонци, особено од окупираните делови на Република Македонија, со доза на сарказам дека тие државјанства биле дадени на адреса “Димче Мирчев” бб., т.е. на адреса на Министерството за внатрешни работи. Сосема се согласувам со критиката за толку издадените државјанства, околу 7.500 и критиката е на место. Зашто, требаше и треба можеби да се издадат повеќе стотици илјади државјанства колку ги има македонци по род во окупирана Република Македонија.

Во врска со констатацијата дека ВМРО-ДПМНЕ четири години имаше свој министер за внатрешни работи и не успеал да ги докаже овие бројки за поделените огромен број на државјанства на албанците, да ве потсетиме дека од тие четири години немавме време да се занимаваме со споредни работи, од причини што имавме две војни и тоа косовска со целиот товар од таа војна и бегалците од Косово и војната во Република Македонија во 2001 година, а да не заборавиме за опструкциите по сите основи што ги правеше СДСМ на Владата на Република Македонија на ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони партнери.

Втората теза или втората лага било дека со досегашните предложени измени ќе се овозможат нови од 80.000 до 100.000 државјанства, претежно на албанци. Значи, лага било тоа дека со предложените измени и со таква бројка ќе се загрози демографската карта на Република Македонија и опстанокот на македонската нација. Сето тоа било лага, било невозможно и апсурдно да се издаваат толку државјанства, особено на албанци и сето тоа било така конципирано од одредени политички структури, заради постигнување на определени краткорочни политички цели.

Си го поставувам прашањето, а исто така и на претставниците на Владата, зошто вознемиреноста и загриженоста на граѓаните, на пратениците, па и на политичките партии и на определени релевантни установи добиваат квалификација на политички маркетинг. Зарем грижата на државата, иднината на државата и на идните генерации не треба да биде опсесија на сите во Република Македонија, освен ако СДСМ и неговите коалициони партнери не сметаат дека имаат единствено право т.е. дека имаат тапија на Република Македонија и на нејзиното устројство.

Исто така, во врска со оваа теза или лага повторно поставувам прашање на актуелната власт, заради расчистување на дилемата дали тезата е во

ред или лага, дали ја контролираат целокупната територија на Република Македонија , бидејќи во праксата се покажува дека повеќе од 1/3 на Република Македонија е надвор од контролата, а тоа се северниот и северозападниот дел на Република Македонија каде претежно живеат население од албанска полулација. Од тие причини се поставува прашањето до самата власт дали знаат колку население живее таму, кои се граѓани, т.е. државјани на Република Македонија, а колку се странци со регулиран или нерегулиран престој. Не знаеме колку после војната во 2001 година влегоа во Република Македонија од Косово и од Албанија и колку се вратија. Не знаеме со оглед на порозноста на гранивцата колку луѓе влегуваат во правец на Република Македонија без да се вратат, едноствно, бројката е непозната и затоа тврдењето дека ќе се поделат 80.000 до 100.000 државјанства на албанци се сосема оправдани и се возможни. Тоа се граѓани кои веројатно и се немаат пријавено, но со текот на времето се пријавуваат живеалишта, регулираат престој, па во догледно време ќе станат и ампликанти за добивање на македонско државјанство. Министерот тврди дека преземале и ќе преземат за отстранувањето на вакви лица и дека истите ќе бидат протерувани. Јас, господа, лично сметам и сум убеден дека тоа е невозможно од едноставна причина што Министерството за внатрешни работи, т.е. полицијата, па и војската едноставно не можат и не смеат да влезат. Тоа е територија која Република Македонија не ја контролира, а е под контрола на политички сили кои имаат сосема друга концепција на тој простор. Дали од тие политички сили, па и дел од тие политички сили се и учесници во денешната власт.

Третата теза, спроед министерот Хари Костов, се пласира лага во јавноста дека со предложените решенија во Законот за државјанство се овозможува и на странски лица, учесници во странска војска да се стекнат со македонски државјанства, т.е. дека тоа се обични шпекулации. Нема многу да полемизирам, но доволно е да посетиме неколку градови во Западниот дел на Република Македонија, Тетово, Гостивар, Дебар и т.н., па ќе наидеме на граѓани, кои според степенот на владеењето на македонскиот јазик, како и нивниот нагласок, т.е. акцент албански, ќе се убедите дека се работи за лица кои потекнуваат претежно од Косово. Да не зборуваме за амнестираните борци на ОНА, кои воопшто не се граѓани на Република Македонија, тие се амнестирани и сега ќе добијат македонско државјанство.

Четврта теза, со која се побиваат наводите со кои се побиваат наводно лагите, кои се пласираат во јавноста се следните:

Прво, тврдењето дека не е време за донесувањето на законот за измени и доплнување на Законот за државјанство и дека треба да се носи во повеќе фази.

Второ, да се чекаат резултатите од пописот.

Трето, новата територијална поделба.

Четврто, да се чека влез во Европската унија.

Ја убедуваме власта и нејзиниот претставник дека овде наведените аргументи се сосема на место. Со сигурност тврдам дека не е време за донесување на овој закон, а за негово квалитетно изработување, повеќе од сигурно е дека е потребно да се оди во повеќе фази и во неговото изготвување треба да бидат вклучени повеќе субјекти и релевантни фактори. Итноста е непотребна, затоа што нашиот влез во Европа, како што реков, е далеку многу.

Второ тврдење дека треба да го почекаме пописот и неговите резултати, се покажува можеби како најсилен аргумент. Необјасниво е како може пад кај македонската популација за две и пол индексни поени, а обратно раст единствено кај албанската популација за скоро 3%. Едноставно, нови 100.000 албанци, што претставува апсурд тоа да е резултат т.е. тие 100.000 претставуваат или да се резултат на зголемиот наталитет. Немаме ништо против нашите домашни и автохтони албанци и против нивниот наталитет. Тоа е природна работа, меѓутоа, јас сум убеден дека се работи за бројка, која е резултат на нелегални миграциони движења од Албанија и Косово кон Република Македонија.

Затоа, господа претставници на Владата на Република Македонија, бараме одлгање и од овие причини т.е. да се сочекаат резултатите од пописот на населението во Република Македонија, бидејќи сеуште не се конечни. Овие дополнителни 100.000 албанци, кои од прилика се уште една Битола во Република Македонија и тоа како ја менуваат националната структура на Република Македонија, особено во нејзиниот Западен дел, бројка која дополнително дава тежина на барањата на екстремистичките елементи од албанската провиниенција во почеток за федерализација, а подоцна и сепарација или цепење на тој дел и негово присоединување кон фашисоидната творба голема албанија.

Петтата теза е дека со предложениот закон  Владата на Република Македонија има извршено најголемо национално предавство, затоа што со овој закон е отфрлено досегашното право на македонците по потекло, кои живеат надвор од границите на Република Македонија да се стекнат со македонско државјанство.

Сметам дека ваквата констатација можеби има дел од вистина, а дали тоа е направено со умисла, или пак се работи за ненамерна грешка, неможам да бидам сигурен. Но, една работа е сигурна. Решението од важечкиот закон, постојниот закон кој е во сила, важечкиот закон за државјанство и сегашното решение кое се нуди со новиот закон, има суштествена разлика. Впрочем, ако нема разлика, како што тврди и предлагачот, зошто воопшто е променет членот на претходниот закон и се предлага нов, а кој се однесува на правото за стекнување на државјанство на македонците по потекло, кои живеат надвор од територијата на Република Македонија. Во што се состдои разликата на старото и новото решение.

Прво, со предложените измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија, се укинува правото на државјанство на македонците по потекло, кои живеат надвор од Република Македонија. Така што, според предлогот на Владата на Република Македонија, се овозможува стекнување на македонски државјанства на сите граѓани, не за македонците, не само за македонците, за сите граѓани по потекло од Република Македонија кои живеат надвор од границите на Република Македонија, независно од нивното етничко потело. Се работи за една суштинска разлика. Имено, можеа да добијат државјанство сите македонци по потекло, кои живат надвор од границите на Република Македонија, а сега имаме лимит, државјанство стекнуваат само граѓани на Република Македонија, а кои живеат надвор од територијата на Република Македонија. Значи, претпоставка за добивање на државјанство е да е граЃанин на Република Македонија и тука всушност е колизијата на двете решенија и поради тоа треба да остане старото решение, а не да се предлага ново, со кое македонците, на пример, од Егејска Македонија, од Пиринска Македонија или другите, едноставно не можат да се стекнат со државјанство по автоматизам. Не можат да се стекнат со државјанство по автоматизам, затоа што не се граѓани на Република Македонија, ама тие се едноставно граѓани на Република Бугарија, на Република Грција, на Република Албанија, на Република Србија и Црна Гора и тн.

Почитувани колеги пратеници, доколку ги споредиме двете формулации, се гледа една голема и суштинска разлика. Членот 11 дава можност да се стекне со државјанство на Република Македонија сите македонци по потекло кои живат надвор од границите на Република Македонија, без исклучок и по автоматизам во одредена постапка. Додека со членот 8 со Предлог законот со кој се менува членот 11 се вели: “На сите граѓани по потекло од Република Македонија,

кои живеат надвор од границите на Република Македонија”, се претпоставува нивниот национален интерес и тн. Значи, да се добие државјанство по овој основ може само граѓанин на Република Македонија кои живеат надвор од границите на Република Македонија. За македонците кои живеат во другите држави и се граѓани на тие држави, тие не би можеле да се стекнат со државјанство на Република Македонија, бидејќи како што реков, се граѓани на Република Грција, Република Бугарија, Република Албанија и тн.

Од тие причини, почитувани пратеници, почитувани господа, претставници на Владата на Република Македонија, сметам дека таквата формулација во членот 8 од предлог законот е неприфатлива и затоа воопшто не треба да го менуваме членот 11 од важечкиот Закон за државјанство, односно од сите изложени аргументи погоре, сметам дека овој предлог закон треба да се повлече, или ако не биде повлечен, барем едноставно, јас како пратеник и претставник од ВМРО-ДПМНЕ, нема да гласам за овој предлог закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Тасев, пред да му дадам реплика на пратеникот Томиќ, би сакал еден мал мој коментар.

Настојував да биде мир и тишина и ние ве исслушавме 38 минути. Но сакам да ви кажам дека прв и последен пат ве предупредувам да не се користат изрази од типот “фашизоидна форма”, без разлика дали е голема или мала, оти такви изрази мислам не доликуваат.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, формата голема Албанија ја нареков фашизоидна и тоа не е мој изум. Тоа се изрази кои се користат на сите европски простори, односно на сите балкански држави сите форми голема Албанија и сите други големи творби, и голема Бугарија, и голема Албанија и голема Србија и голема Македонија едноставно во денешни услови се третираат како фашизоидни и се невозможни. Од тие причини, мислам дека забелешкава не ви стои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа се забелешки на некои други, а во овој Парламент мислам дека не доликува да се користат такви изрази.

Повелете господине Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, гледам дека колегите од ВМРО-ДПМНЕ се упорни во делот на нашето иселеништво и јас исто така ќе бидам упорен во објаснувањето и правилното толкување како на измените кои се предлагааст во Законот за државјанство, така и во оригиналниот текст на Законот за државјанство.

Во таа насока, го цитирам членот 8 од постојниот закон, каде што се вели дека “иселеникот од Република Македонија, како и негов потомок до прво колено може со природување да стекне државјанство на Република Македонија”, иако не ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 2 и 8 на овој закон, а со измените од точка 10, и се додава втор став дека “иселеник во смисла на овој закон се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава, освен во матичната земја”, значи без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националност и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

Членот 8 од Предлогот на законот веќе го цитирав во претходната реплика и навистина би апелирал ставот 2 од истиот член навистина правилно да се толкува. Имено дека за сите граѓани по потекло од Република Македонија, кои живеат надвор од границите на Република Македонија, се претпоставува националниот интерес во смисла на став 1 на овој член.

А вие, почитуван колега Тасев, мислам дека го имате добиено и амандманот на колегата Есад Рахиќ, каде се предлага токму она за што вие се залагате, ќе дојде време за изјаснување па ќе се произнесеме по него.

И конечно, уште една работа. Беа кажани многу, меѓутоа, за три минути навистина може многу малку да се каже и да се реплицира, меѓутоа, сакам повторно да повторам. Ратификацијата на Договорот на Европската Конвенција за државјанство е остварена на 18.02.2002 година не од овој состав на Парламентот, туку од поранешниот Парламент. Согласно член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани согласно Уствот се дел од внатрешниот правен поредок. Ние се придружуваме кон законите на Европската Унија, кон Европската конвенција и во тој правец навистина не би имал што да додадам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, јас мислам дека не смеевте да дозволите на колегата Томиќ да го толкува Законот, затоа што пратеникот има право да побара толкување на Законот, меѓутоа, нема право да ги толкува законите. Мислам дека за тоа е надлежен некој друг.

И ве молам да внимавате, а во својство на предлагач воопшто немаше право тоа да го коментира, затоа што не е предлагач.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Колку што разбирам, ова беше реплика на говорот на колегата Томиќ.

Една минута контра реплика за господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Мислам дека во најголем дел се согласивме со господинот Томиќ и нема некои недоразбирања дека е ратификувана спогодбата на 18.02.2002 година. Тоа е неспорно. Потоа, за иселениците јас воопшто не спомнав, меѓутоа, прашањето на стекнувањето на државјанство за граѓаните на Република Македонија, мислам дека таа формулација не стои, бидејќи така како што е сега формулирано постои можност за добивање државјанства само за граѓани од Република Македонија кои живеат надвор од територијата на Република Македонија. Оневозможени се македонците по потекло, да речеме кои живеат надвор од територијата на Република Македонија, подразбираме македонци кои живеат во Република Албанија, Република Грција, Република Бугарија и тн., едноставно не можат да се стекнуваат со правото за државјанство затоа што не се граѓани на Република Македонија. Таква е формулацијата.

Од тие причини, јас предлагам да не прифатиме ваква формулација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега има збор пратеникот Цветанка Иванова, а нека се подготви пратеникот Абдулади Вејсели.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Колегата Орданчо Тасев мене ме измори чекајќи да дојдам на ред да ја искажам мојата дискусија.

Господине претседателе, колеги пратеници, господине заменик министер,

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон, а особено некои негови членови, со кои се менуваат постојните решенија од Законот предизвикаа бурни реакции во пошироката јавност. Овие реакции беа и очекувани, со оглед на тоа дека се работи за едно доста важно, сериозно и чувствително прашање, а особено ако се има предвид фактот дека на вакви прашања може да се добие во политички маркетинг и лесни политички поени. Но сепак, не треба со сите прашања да си играме.

Ценејќи ги сите аспекти од јавните реакции во врска со предложените решенија, мојата дискусија денес може да предизвика и негативни реакции кај одреден дел од јавноста. Но сепак, сакам со силата на моите аргументи да ги изразам своите размислувања и да дадам објаснувања на, по мене некои погрешни тези кои се презентираа во јавноста особено последниве месец ипол дена, а и во дел од дискусиите на досегашните дискутанти.

Денес нема да зборувам за причините од потребата за донесување на овој закон, затоа што тие се доволно елаборирани во Предлогот за донесување на овој закон. Исто така, господинот министер доволно ги образложи и јас ги поддржувам овие причини за потребата од донесување на овој закон и мислам дека овој закон треба да се донесе.

Со внимание го слушав излагањето на господинот министер и после едно вакво аргументирано фактографско и објективно изнесување на состојбите во оваа област, како што понапред кажав, мене не ми останува ништо друго освен да го искажам своето мислење и моите аргументи на дел од спорните решенија по овој предлог.

Како што сите гледате и како што сите бевме запознати од јавноста, бурни и најбурни можам да кажам реакции кај дел од јавноста предизвика одредбата на членот 3 од Прелдог-законот, со кој што се менува одредбата на членот 7 од постојниот закон. Како што на сите ви е познато, во одредбите на овој член се утврдени условите кои треба да ги исполнува странец за да се стекне со државјанство на Република Македонија по основ на природување. Во членот 7 од

Законот за државјанство се утврдени 8 услови, кои треба кумулативно да ги исполнува странецот за да се стекне со македонско државјанство по основ на природување.

Со предложениот член 3 од измените и дополнувањата на законот, со кој се менува членот 7, се утврдени 10 услови кои треба исто така кумулативно да ги исполнува странец за да се стекне со државјанство на Република Македонија по основ на природување, што значи дека во сите тие 10 услови во Законот се предвидени, односно се содржани постојните 8 услови од постојниот закон.

Оттука произлегува дека се додадени уште два нови услови кои треба да ги исполнува странец за да се стекне со државјанство на Република Македонија по основ на природување, а оттука пак произлегува дека со новото решение се пооструваат и допрецизираат критериумите за стекнување на државјанство по овој основ.

Оттука, сега се поставува прашањето што е она што предизвикува огромни критики во јавноста. Според мое мислење, тоа е поради несакањето да се чита во целина предложената одредба на членот 7, а се со цел да се предизвикаат негативни реакции и се дава акцент само на предложеното решение, и тоа на точката 2, каде што е утврден условот “законит и постојан престој” како услов за стекнување на државјанство на Република Македонија, без притоа да се имаат предвид сите точки односно сите услови од предложениот член 7. Навистина, со точката 2 се предвидува намалување на рокот за прием на странец во државјанство на Република Македонија со природување од 15 години на 8 години. Ова предизвикува негативни реакции, но јас сега се прашувам зошто, кога Собранието на Република Македонија на 18.02.2002 година го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за државјанство, во која што пак во една нејзина посебна одредба, тоа е членот 6, е утврден период на законит и постојан престој престој на странец за да аплицира во државјанство, и тоа е минимум 5 години, максимум 10 години.

Сега, за волја на вистината навистина при потпишувањето на оваа конвенција и при ратификацијата, Република Македонија изразила резерва на оваа одредба. Меѓутоа, доколку сакаме, а верувам дека сите сакаме и имаме општ консензус по тоа прашање, да бидеме правна држава која се стреми кон Европа, потребно е да ги отстрануваме сите пречки кои довеле до изразување на сите резерви при потпишувањето на меѓународните договори и конвенции. Во моментот ова ние и го

правиме. Во спротивно, ова може да ни биде сериозна пречка за апликација на Република Македонија во Европската Унија, по кое прашање јасно и недвосмислено се произнесовме позитивно и се декларираме дека имаме општ политички консензус и консензус на целата политичка јавност.

Во врска со оваа одредба и сега некој од дискутантите постави прашање и искажа дилема, зошто 8 години, а не 10, максимумот што е предвиден во Конвенцијата. Но истово ова прашање почитувани колеги може да се постави во обратна насока, зошто 8 а не 5 години. Токму заради тоа што предлагачот со овој закон, во соработка со експерти од оваа област, а имајќи ја предвид состојбата во која се наоѓа државата, земал дека овој рок од 8 години одговара на условите и состојбите во кои нашата држава се наоѓа по ова прашање.

Повторно сакам да нагласам дека одредбата на член 3 став 1 од Предлогот, со која се менува членот 7 од Законот за државјанство на Република Македонија, потребно е да се гледа односно да се чита, да се толкува во целина, при што да се има предвид дека точката 2 треба да се чита кумулативно со сите други 9 услови предвидени во Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија. Ова значи дека за да се стекне со државјанство на Република Македонија странец по овој основ, потребно е да ги исполнува кумулативно сите десет услови, вклучително и условот за законит и постојан престој, кој што сега само него го фаворизираме.

Укажувам дека со Предлогот на законот се предвидуваат и нови услови кои треба да се исполнат за да се стекне странец со државјанство на Република Македонија, кои услови во досегашниот закон ги немаше. Такви се условите од точка 4 и точка 7 од членот 7. Имено, да цитирам во точ ка 4 се предвидува дека "државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец кој лично поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија, ако во Република Македонија и во државата чиј државјанин е не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите на Република Македонија. Додека во точката 7 е предвиден нов услов, кој исто така го немаше во стариот закон, а тоа е "лицето кое бара прием во државјанство на Република Македонија да не му е изречена мерка за забрана за престој во Република Македонија".

Посебно сакам да нагласам дека кога го гледаме овој закон и го толкуваме, не треба да се фаворизира само расправата за условот од 8 години во Република

Македонија за прием на странец, затоа што секогаш решението од оваа одредба, односно решенијата од одредбите на членот треба да се гледаат заедно во контекст на одредбите на Законот за движење и престој на странци, во кој прецисно се утврдени условите кои треба странец да ги исполнува за да може да се стекне со постојан и привремен престој на територијата на Република Македонија, кој што пак претставува само еден услов од овој закон за стекнување со право на државјанство по основ на природување.

Од овие одредби јасно се гледа дека за да се стекне странец со државјанство на Република Македонија со природување, покрај кумулативното исполнување на условите предвидени со членот 3 став 1 од Предлогот, претходно е потребно да исполни и низа услови  од Законот за движење и престој на странец. Значи, првиот филтер ни е Законот за движење и престој на странец во Република Македонија. Притоа странецот треба да исполнува низа услови за да му се овозможи постојан и законит престој.Тие услови се: економски, социјални, од економски карактер и оттука сега да се осврнам на тезите дека со предложените решенија од овој закон  ќе се предизвикаат економски и социјални потреси во државата. Оваа теза мислам дека не држи место, затоа што на странец нема да му се одобри влез во нашата држава, доколку неговото престојување во Републилка Македонија би претставувало финансиско оптоварување за Република Македонија. Тоа е предвидено со членот 17 став 1 алинеја 3 од Законот за движење и престој на странци. Оттука, отпаѓа тезата дека со донесувањето на овој закон во Република Македонија ќе се предизвикаат социјални и економски потреси.

Понатаму, на странец исто така нема да му се одобри привремен престој доколку нема обезбедено средства за издршка и доколку во моментот на апликацијата за добивање на право за привремен односно постојан престој има обезбедено средства и во текот на овој рок од 8 години ги изгуби средствата за егзистенција, на странецот ќе му се одземе правото за постојан престој во Република Македонија, точно според членот 26 алинеја 2 од Законот за движење и престој на странци.

Значи, оттука, отпаѓа тезата дека со примената односно со измената и дополнувањето на овој закон во оваа смисла би се предизвикале тешки економски и социјални потреси во Република Македонија.

Тезата пак што е пласирана дека ќе се наруши безбедносната состојба во државата исто така отпаѓа, затоа што како претходен механизам во Законот за

движење и престој на странци е утврдено дека, цитирам, “на странец ќе му се откаже престој, покрај другото и кога тоа го бараат причините на заштита на безбедноста и одбраната на Република Македонија и ако изврши потешки повреди на со устав и закон утврдениот поредок, редот и мирот или безбедноста на границите на Република Македонија”, но и доколку странецот се стекне со постојан престој и во текот на постојаниот престој направи прекршок во оваа смисла, повторно ќе му се одземе правото на постојан престој, значи нема да тече оној рок од 8 години.

Вториот механизам кој што ја штити безбедноста на државата, односно другата теза што се пласира дека членот 11 во предложеното решение што се менува, дека наводно на македонците по потекло веќе се оневозможува правото да апплицира, да станат државјани на Република Македонија , без да ги исполнуваат условите сега од членот 3 од измените, сметам дека не држи. Тоа го образложи доволно г-динот министер Хари Костов во своето образложение околу потребата за донесување на овој закон, затоа што и јас лично сметам дека нашите македонци по потекло, не смееме да ги нарекуваме граѓани на Република Македонија , зато што граѓани на Република Македонија се само лицата кои живеат на територијата на Република Македонија . Тоа се наши македонци, но по потекло македонци, етнички македонци. Значи, овде не е ускратено правото на оваа категорија на лица да се стекнуваат со државјанство и без да ги исполнуваат условите во членот 3 од измените, затоа што овде, оваа категорија на лица ќе добиваат државјанство под условот “национален интерес за државата”. Затоа што сметам дека за Република Македонија нема поголем национален интерес од интересот на сите макеоднци по потекло, без да ги исполнуваат условите, да се стекнат со право на државјанство на Република Македонија и без да ги исполнат условите од членот 3 од Предлогот за донесување на закон.

И, на крајто од мојата дискусија сакам да кажам дека , недопуистливо е за вака важни чувствителни прашања да се пласираат во јавноста неаргументирани тези за да се предизвика немир и конфузија кај граѓаните, а се со една цел да се постигне моментален политички маркетинг. Напротив, ние треба отворено, со отворени очи да ги гледаме проблемите што се реално присутни во нашата држава и со консензус, заеднички да си ги решаваме проблемите, да градиме демократска, правна држава и да имаме меѓусебе, без разлика дали припаѓаме на позиција или опозиција , доверба за особено вакви чувствителни прашања, затоа што никој не ни дал право да разгоруваме страсти по овие прашања.

Од овие причини , односно овие причини за мене се доволни да гласам за овој закон. Ќе го подржам овој закон.

Ви благодарам г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Прв за реплика има збор г-динот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Е сега ќе зборуваме како претходниот дискутант од аспект на директивите на Европската Унија упатени до Република Македонија и ова што сега го кажуваше претходниот дискутант во голема мерка не може да биде остварено само со измените во Законто за државјанство. Имено , во поглед на сите напори што Република Македонија ги прави во процесот на усвојвување на стандарди на земјите членики на ЕУ , Република Македонија , веќе неколку години наназад, без оглед каква е владеачката гарнитура во извршната власт во Република Македонија , мачно, бавно, некогаш брзо, некогаш бавно како што е сега случајот на пример со оваа владеачка гарнитура се стремиме кон една иста цел.

Во тие рамки, затоа, Република Македонија се очекува наскоро да почне да го операционализира преземањето на граничното обезбедување од страна на полицијата, значи гранична полиција, а не како до сега во рамките на активностите на Армијата на Република Македонија .

Значи, сите овие работи што ги кажуваше претходнито дискутант, ако почнеме од ова, под тоа подразбираат измени на Законот за движење и престој на странци, операционализирање на служба што ќе се занимава со нелегална имиграција, користејки ја територијата на Република Македонија како транзитна земја, квалитетот на патните исправи на Република Македонија и сето тоа заедно би дало резултат дека Република Македонија на тој начин навистина ќе покаже дека има ефикасна гранична контрола, ефикасна царинска служба што се занимава со спречување на нелегалната трговија, шверцот и користењето на територијата на Република Македонија како транзитна земја преку која се обидуваат нелегалните емигранти да заминат во земјите членки на ЕУ.

Свесни сте дека во средината на 90-тите години , многу напори во оваа област вложија земјите што се многу напред во стандардите и се членки или се пред влезот во ЕУ, како што се впорчем Полска, Унгарија и Чешката Република. Значи, една ваква сериозност што се бара по ова прашање од страна на Владата, односно

на МВР е нешто што сме го кажувале и на почетокот на некаква јавна дебата, навистина скромна, бидејки МВР се обиде да избегне од тоа. Но, како еден пакет од закони што сериозно ќе покаже дека  Република Македонија  навистина се обидува да ги усвои овие стандарди што се универзални на територијата на земјите членки на ЕУ, а не на овој парцијален начин, со вакви парцијални решенија што навистина оставаат сериозен впечаток. За тоа веќе се кажаа доволно аргументи и дека едноставно немаме друг избор освен да констатираме дека Владата се обидува да компензира и да плати некаков политички долг кон некого.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика г-ѓица Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ова нешто не го сваќам како реплика на моето излагање, на мојата дискусија, но сепак да одговорам, само ние имаме закон за движење и престој на странци што е во сила, што моментално не сме нашле некоја правна празнина дека треба да пристапиме кон изменвуање. А, сите закони треба конзистентно да ги гледаме, да се усогласиме едне со друг. Во моментот тоа го правиме. Законите да ги усогласуваме со европското законодавство, со ратификуваните конвенции, меѓународни договори, во случајов ова го правиме. Јас незнам што друго би одговорила.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Багодарам г-дине претседателе.

Би се осврнала на дел од дискусијата на колешката Ивановска.  Таа во своето излагање кажа дека со овој Предлог на закон за измени се поострувaат условите за стекнување на државјанство. И дека требало сите тие услови да се гледаат кумулативно, што значи сега, новите апликанти, според овој предлог, потешко ќе добиваат државјанство на    Република Македонија   . Барем јас така ја разбрав колешката.

Меѓутоа, ако се вратиме назад на тоа што вели правната теорија, тогаш прелдогот е сосема спротивен со правната теорија. Во членот 27-б од Предлогот  се вели дека откога ќе стапи на сила овој закон ќе продолжи да се работи, односно досегашните апликанти, нивните барања ќе се разгледуваат според новиот закон, иако се предадени во време на важење на стариот закон. Тоа е сосема спротивно на

правната теорија, затоа што правната теорија, сите добро знаеме, вели дека закон не може ректроактивно да се применува. Сем во случаи ако е поповолен, во случајов за апликантите.

Според излагањето на колешката, новиот прелдог е многу непоповолен за апликантите. Тогаш, ќе ве молам, што е точно? Дали одиме со новиот предлог спротивно на правната теорија или пак новиот Прелдог на закон воопшто не е построг, туку е напротив многу полиберален кон странците?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Госпоѓо Лалчевска ,Иванова сум , а не Ивановска.

Одговор на репликата, за кратко, затоа што моето време е ограничено и вие знаете дека со членот 3, како правник се точно прецизирани, по прецизно утврдени условите за стекнвуање со право на државјанство. Има два нови услови, меѓутоа законодавецот така решил дека членот 27-б што вие го цитиравте, дека во постапките ќе се применува овој закон. Ние сме тука како Собрание да одлучуваме како. Сме можеле да дадеме и амандман на ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе бидам многу краток.

Претходната дискутантка кажа дека законот за движење и престој на странсци содржи услови што мора да ги почитува странец за да има легален привремен престој во  Република Македонија  , што е апсолутно точно.

Во него стои дека, доколку сранецот финансиски ја оптоварува државата и нема средства за егзистенција или во текот на престојот го изгубил изворот на средства за егзистенција или направил дела што претставуваат загрозување на безбедноста на државата или влијание врз нарушувањето на уставно-правниот поредок на  Република Македонија  , тој странец кој има привремен престој во  Република Македонија  го губи тој привремен престој.

Моето основно прашање е колку такви странци до сега го имаат изгубео тој привремен престој, затоа што факт е дека ние носиме закони, има закони што

постојат, меѓутоа институциите на системот што требе да ги спроведуваат тие закони, особено кога се работи за голем дел на државјани на Албанија, на Косово или други соседни земји што престојуваат во Република Македонија , кои имаат превземено активности што влегуваат во повреда на условите што треба да бидат почитувнаи, согласно Законот за престој и движење на странци во Република Македонија , тие никогаш до сега , барем, немаме добиено информации дека имаат претрпено одредени последици, односно дека им беил одземен привременито престој, легалниот привремен престој или пак дека биле преземени мерки спрема некои кои престојуваат во Република Македонија а немаат обезбедено легален престој, освен кога се работеше за трговијата со бело робје, колку што имам информација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Благодарам.

Бидејки нема контра реплика, реплика има пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би сакал една кратка реплика и еве да се држиме до правничкиот збор, најголем дел од дискусијата колешката посвети на членот 3 и членот 8 од измените. Јас би сакал само да ја корегирам. Значи, во член 6 став 3 од Конвенцијата никаде не стои колешке дека најмалиот рок е 5 години, туку стои дека Европската конвенција, не може да определи временски период подолг од 10 години престојување пред поднесување на барањето. Значи, не е утврден најмалиот рок. Во образложението на Владата се даваат примери кои земји каква законска регулатива имаат. Меѓу другите се спомнува Германија со 8 години, Италија со 10, Норвешка 7 и Швајцарија 12. Што значи не го почитува. Тоа е во тој дел.

А, во делот на членот 8, поточно членот 11 од старито Закон, ако колешке го погледнете внимателно членот 11 што сега се менува со член 8, ќе видите дека таму нема кој знае што, нешто ново што се менува сем зборовите “а посебно за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија “, кое нешто беше утврдено во став 1 од тој член. Сега, со новиот закон, значи со измените во членот 8 имаме, се додаваат два нови става во кои што, ставот 2 , по ставот 1 каде ги утврдува условите и критериумите, во ставот 2 сега новината е за сите граѓани по потекло од Република Македонија , што значи дека главната измена во тој член е токму зборот за сите македонци по потекло.

Е сега, ако за вас е тоа лесно прифатливо, за мене лично тоаа воопшто не е лесно прифатливо и не ја гледам причината зошто треба да се избрише зборот “ за сирте македонци по потекло”. Затоа што не е исто “ сите македонци по потекло” и сите граѓани по потекло од  Република Македонија. И, ако се држиме до Преамбулата на Уставот каде што е јасно дефинирано чија држава е  Република Македонија  , кој е тука доминантен народ и т.н. и т.н. и кои се етнички заедници или заедници живеат во  Република Македонија  , далеку е поприфатливо да стои зборот сите македонци по потекло. Отука се реакциите, тоа што за вас не е јасно, за мене е потполно јасно.

Значи , не ја гледам причината зошто мораше да се избрише зборот “ сите макеоднци по потекло”.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута контра реплика.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Господине колега Караџоски, Конвенцијата е јасна и мислам нема што да ја цитираме. А, по однос на членот 8, ставот 2 - сите граѓани по потекло од  Република Македонија  кои живеат надвор од границите на  Република Македонија . Се претпоставува, како најголем национален интерес на  Република Македонија  по оовј основ да се стекнат овие граѓани односно овие лица, макеоднци по потекло без да ги исполнуваат условите предвидени со членот 3 од измените, да се стекнуваат со државјанство на  Република Македонија како  посебен национален интерес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Имаме точно три минути до крајот на оваа сесија.

За реплика се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Репликата се однесува на г-ѓата Иванова. сакам да кажам дека опозицијата со своите дискусии и по основ на оваа точка од дневниот ред на оваа седница , во ниту еден случај не сака да направи ефтини политички поени, заради тоа прашањето по основ на државјанство е многу сериозно прашање. Прашање што дирекно задира во стабилноста на  Република Македонија  , така што сметам дека таа формулација и

тоа тврдење не држи. Ако продолжиме така би требало опозицијата воопшто да не дискутира за еден  вака значаен закон за  Република Македонија .

Исто така, би сакал да ја прашам г-ѓата Иванова што значи граѓанин по потекло. Ние рековме дека во членот 11 има "македонци по потекло". Ако знаеме дека соседните држави Србија, Бугарија, Грција и Албанија се национални држави во кои што во Србија се доминантни србите, во Бугарија, Бугарите и соодветно во другите држави, значи Македонец по потекло би требало да биде матичната држава, би била  Република Македонија .

На граѓаните по потекло, незнам за што ќе ги врземе, дали по местото на раѓање, по местото на живеење или по нивната матична држава? Со оваа формулација сметам дека ќе се создаде забуна во правната регулатива, така што македонците по потекло ќе постои можност да добијат, можеби, по оваа формулација државјанство на  Република Македонија . Но, не мора да добијат. Значи, ќе биде некое дискреционо право кое што не мора и да се остварува.

Значи, "граѓанин по потекло", воопшто сметам дека не држи и создава огромна забуна во овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика г-ѓа Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Моејата дискусија по однос на политичкиот маркетинг точно беше на таа околност дека навистина ова се чувствителни прашања што ги тангираат државјаните односно народот на  Република Македонија . И, тука не треба ние да мериме сили, туку треба со мирни глави, чисти глави да пристапиме кон решавање на проблемите.

Инаку, многу е јасен ставот 2 од членот 8, за сите граѓани по потекло од Република Македонија . Тоа значи за сите граѓани кои се по потекло од  Република Македонија  , без разлика дали се макеоднци, валси.

(Реакција од страна на пратениците на опозициајта).

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Почитувани пратеници, точно е 17,00 часот. Тука завршуваме со денешната расправа. Сите реплики ќе продолжат утре.

Инаку, да ги само кажам кои се следните три дискутанти. Тоа е  г-динот Абдуладі Вејсели, г-динот Аднан Јашари и г-динот Спиро Мавровски.

Утре започнуваме во 10,00 часот.

Благодарам.

(Седницата со работа прекина во 17,00 часот.